

## АТАНАС КАТИНОВСКИ - ГОЧЕ

# БАНИЦА (ЛЕРИНСКО) ВО ВИОРОТ НА ВОЈНИТЕ

АТАНАС КАТИНОВСКИ - ГОЧЕ

# БАНИЦА – ЛЕРИНСКА ВО ВИОРОТ НА ВОЈНИТЕ

2011

*Издавач:*
СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИТЕ „МАКЕДОН" – СКОПЈЕ

*За издавачот:*
Ташко ЈОВАНОВ, претседател

*Уредник:*
Александар ЃОРЃИЕВ

*Лектор:*
Даниела БИШКОСКА

*Соработник:*
Ники АНТЕВСКА

*Рецензенти:*
Тодор ПЕТРОВ
Јордана ТОДОРОВСКА

*Графичко уредување
и подготовка за печат:*
„МАКФОРМ" – Скопје

*Печати:*
ВЕБ ПРИНТ – Скопје

*Тираж:*
*500 примероци*

Изданието е финансиски потпомогнато
од Министерството за култура на Република Македонија

АТАНАС КАТИНОВСКИ - ГОЧЕ

# БАНИЦА - ЛЕРИНСКА ВО ВИОРОТ НА ВОЈНИТЕ

# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, КЛИМАТСКИ УСЛОВИ И ИМЕТО НА СЕЛОТО БАНИЦА

## Географска положба, климатски услови и името на селото Баница

Баница е едно од најголемите села во Леринскиот округ. Се наоѓа југозападно, во подножјето на планината Кајмакчалан, односно југоисточно од градот Лерин и Леринското Поле. Градот Лерин е оддалечен од селото околу 21 км, кое е во близина на крстопатот Лерин-Солун, Лерин-Кожани и Битола-Солун и се наоѓа на надморска височина од 800 до 850 м.

Пред Граѓанската војна во Грција Баница беше населба со околу 2000 жители, со повеќе од 600 куќи и над 500 македонски семејства. Меѓутоа, селото Баница пред Втората светска војна беше многу поголемо, имаше преку 650 куќи, повеќе од 800 селски домаќинства-задруги со над 4500 жители и претставуваше мало гратче. Беше најголемо село во Леринскиот округ. Виорот на Втората светска војна го расели во светот и денес можат да се сретнат околу 1000 семејства со над 4000 жители во Канада, 400 семејства во Австралија со околу 2000 жители, 150 семејства во Југославија со над 600 жители и околу 200 семејства со над 800 жители во другите краишта на светот.

Баница од три страни е заградено со планини, и тоа североисточно со планината Кајмакчалан, од која благо се спуштаат падините Црвена Локва и Големо Клепало, на југ со планината Божанија, а на запад се простира питомото и плодно Леринско Поле и




ОПШТИНА - БАНИЦА
ЛЕРИНСКО

се надоврзува на рамнината Пелагонија. Подрачјето на Баница е подложно на влијанието на средоземноморската клима што навлегува на југоисток преку Баничко-церовската клисура, а истовремено е присутно и влијанието на континенталната клима што доаѓа северозападно преку пелагониската рамнина.

Водите од планинските масиви, извори и реки истекуваат низ Леринското Поле и се влеваат во реката Црна, а оттаму во реката Вардар и во Егејското Море.

## Природни убавини и богатства, растителен и животински свет

Географската положба, комуникациската поврзаност и климатските услови му овозможуваат на селото, со неговата околина, да има посебни природни убавини, а тоа го дополнуваат и природните богатства.

Две третини од селскиот атар што го зафаќа Баница западно од селото се простираат во богатата рамница на Леринското Поле, а една третина е под благи падини и планини покриени со големи шумски богатства кои се простираат североисточно и јужно од селото, а тие се: Кајмакчалан, Црвена Локва, Клепалото, Црн Врв, Голем Дол, Боздовец, Синак, Малиот и Големиот Камен, Голема Глава, Долгите Орници и Радош Планина на падините на планината Вичо. На овие планини се простираат и богати пасишта за ситен и крупен добиток. Во непосредна близина на источниот дел до самото село се протега планината Божанија, богата со благунова вода. Шумите се посебен украс на Баница и околината. Падините, височините и планините се покриени со дабова, благунова, церова и букова шума кои имаат голема градежна вредност, а голем дел се покриени и со прнар и ниски дрвја (белиот и црниот габер, леската, смреката, др[illegible]чот и други дрвја). На Кајмакчал[illegible] виреат белиот и црниот бор и голем комплекс костени, што даваат посебна убавина.

Во подрачјето што го зафаќа Баница, како и во целиот Лерински округ живее посебен животински свет. Овој атар е богат со разновиден дивеч. На прво место се дивите свињи, потоа срните и елените, мечките, зајаците, лисиците и волците. Тука живеат и рисот, јазовецот, дивокозата, а исто така се застапени и еребиците (камењарката и полската) диви кокошки, фазани и други птици. Полето е богато со зајаци, а наесен покрај реките ја има и дивата гуска.

Поволните климатски услови и благите падини во околината на селото овозможуваат да бидат насадени поголеми површини со лозови садници на квалитетни десертни и вински сорти грозје.

Земјоделството во селото е особено развиено. Уште од пред Втората светска војна постоеле земјоделски машини за современа обработка на земјата: вршачки, жетварки за жито, косачки за сено и друго, а Здружението на земјоделските производители им дава секаков вид помош на селаните.

Поради намалениот број работоспособно население, во селото претежно се сеат и се застапени белите жита (пченицата, р'жта, јачменот и овесот) помали површини со пченка, потоа фуражни култури (уров, граор), бостан, зеленчук, леќа, а како меѓукултура во пченките се сеат гравот, сланутокот, конопот и ленот. Во повоениот период почнаа да се одгледуваат шеќерната трска, поради што беа изградени и неколку фабрики за дестилација на гликоза - пељте, потоа афионот, тутунот и некои други култури.

Баница поради богатите пасишта, поволноста на врнежите и богатството со води, извори и реки, и големите површини со природни ливади, како и големото производство на фуражни култури, му дава можност на населението да се занимава со сточарство, така што може да се каже дека постои развиено сточарско производство (месо, волна, млеко и млечни производи и др.). На богатите пасишта пред Втората светска војна паселе неколку илјади овци и кози, над 500 крави и неколку илјади друг крупен добиток.

Баница има развиено пчеларство и современо одгледување на пчелни семејства.

**Баница и името**

Познато е дека во античко време постоела населба северозападно од сегашната местоположба на Баница, на оддалеченост од околу 4 км од десната страна на меѓународниот пат Солун-Лерин, односно на патот „Виа Игнатија" во таканареченото место „Гладно поле" кое е изгорено од непознати племиња. Постоела и друга населба југозападно од село Баница, наречена „Калето" - стара утврдена населба на оддалеченост од околу 6 км во пазувите на планината Голем Камен, а во непосредна близина на долината тече река. Спроти оваа населба од левата страна на реката во планината Голема Глава се наоѓа и друга населба наречена Луман. Постои уште една античка населба северно од селото на таканареченото место Ридот. Сиве овие населби постојат и денес, но не се археолошки истражени. Многу материјали од овие антички населби со историска вредност се употребени од месното население како градежен материјал.

Селото Баница се спомнува во VI и VII век од нашата ера.

Според една легенда, Баница го добила името на следниов начин:

На денешниот локалитет во подножјето на ридот, планината Големо Клепало и Божанија, извирале два големи извора, а околината покрај самите извори била мочуриште, т.н. батак. За да го намали количеството на водата и да го припитоми мочурливото земјиште за пасење на својот добиток, семејството што живеело таму сиот стрик - волна од овците го ставило на самите извори: ред волна, ред камења и земја и така ја намалило водата на изворите. Едниот извор, под падините на планината Клепало, штом бил сопрен, произведувал тапи удари неколку дена, сè додека не избил голем извор на другата страна од планината, во атарот на селото Церово кога престанале и удирањата што се слушале. Така планината го добила името „Клепало" - удирање.

По смирувањето на изворите се создал погоден терен за пасишта за добитокот и домаќинството почнало да гради колиби

за живеење, а како што се зголемувало семејството, така се проширувала и населбата. Бидејќи населбата била подигната на мочурливото место, ја нарекле Батакот, а потоа, не се знае кога и од кои причини, со доселувањето на Словените, името е сменето во Баница и веројатно произлегува од зборот бан - звање.

Зачуваната мала црква „Св. Никола", изградена во XI век, е доказ за богатиот христијански живот на ова поднебје. Сите икони и иконописи во неа се на старословенски јазик.

По Првата светска војна и по распарчувањето на Македонија на три дела, оваа населба падна под Грција.

На грчката влада ѝ пречеа македонските имиња на населените места и воопшто сите словенски имиња, па со својата денационализаторска и асимилаторска политика против македонскиот народ, во 1926 година со законот за промена на сите географски и топографски имиња, како и сите славомакедонски имиња и презимиња на населението ги замени со грчки имиња и тогаш селото Баница го доби новото грчко име Веви, кое и денес го носи, но за македонското население си останува само Баница.



# БАНИЦА – ПОЛИТИЧКИ, КУЛТУРЕН, ТРГОВСКИ И СТОПАНСКИ ЦЕНТАР

## Баница како самостојна општина и политички центар

Баница, чисто македонско село, е самостојна општина во Леринскиот округ и политички центар. Личи повеќе на гратче отколку на село. Оддалечено е од градот Лерин околу 21 км, а од градот Соровиќ околу 8 км.

Во рамките на општината Баница влегуваат селата: Горничево, Церово, Росен, Забрдени и населбата Железничка станица Баница. За време на Отоманската Империја Баница била каза која, освен споменатите села, ги опфаќала и селата Врталом и Негован.

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СЕЛАТА ВО ОПШТИНАТА БАНИЦА:

## Горничево - Кели

На 7 км североисточно од с. Баница во пазувите на планината Ниџе (Кајмакчалан), на самиот меѓународен пат од Солун за Лерин и на надморска височина од 940 м, се наоѓа македонското село Горничево. Според пописот од 1913 година, тука живееле 1103 жители Македонци, во 1920 година 983 жители, во 1928 година 1095 жители, а во 1940 година 1577 жители. По Граѓанската војна од 1946 до 1949 година, во Југославија преминале повеќе семејства со околу 220 члена, а во Бугарија 10 семејства, како и околу 30 борци во

источноевропските земји, поради што е намален бројот на жителите. Според пописот во 1951 година, Горничево имало 1336 жители, во 1961 година 1680 жители, а во 1971 година, поради масовното иселување во прекуокеанските земји, во селото останале само 1069 жители. Населението се занимава со земјоделство и сточарство.

**Железничка станица Баница - Статмос Вевис**

Мала населба во непосредна близина на с. Баница, односно на железничката станица на ова село, оддалечена околу 1 км, подигната по 1920 година како нова населба изградена од грчките власти. Во 48 приземни станбени згради се населени исто толку домаќинства, доселени од Мала Азија во 1923 година. Населението на село Баница не сакало да ги прими овие луѓе во самото село. Според пописот од 1923 година, овде живееле 151 жител, во 1940 год. 203 жители, во 1951 год. 198 жители, во 1940 год. 203 жители, во 1951 год. 198 жители, во 1961 год. 134 жители, а во 1971 год. само 110 жители.

**Забрдени - Лофи**

Северно од Баница во подножјето на Кајмакчалан, на падините под името Велибор се наоѓа селото Забрдени. Секогаш било чисто македонско и како такво до денес не претрпело никакви етнички промени. Во пописите од грчките власти се регистрирани следниве бројки: 1913 година - 358 жители, 1920 година - 306 жители, 1928 година - 418 жители, 1940 година - 516 жители, 1951 година - 514 жители, 1961 - 541 жител и 1971 година - 443 жители. Намалувањето на населението се должи на емигрирањето во прекуокеанските земји.

**Церово**

На 4 км југоисточно од Баница, на падините на еден разгранок на Кајмакчалан и на надморска височина од 840 м се наоѓа с. Церово, кое е чисто македонско и до денес нема претрпено никакви етнички промени. Според пописот од 1913 година, селото имало 402 жители, во 1920 година -399 жители, во 1928 година - 492 жители, во 1940 година - 620 жители, во 1951 година - 636 жители, во 1961 година - 468 жители, а во 1971 година - 261 жител.

**Росен - Ситарја**

Западно од селото Баница, во непосредна близина на главната раскрсница на меѓународниот пат Лерин-Солун, односно Лерин-Кожани-Атина и железничката линија Лерин-Солун, во Леринското Поле лежи селото Росен. Селото е чисто македонско до денес. Во 1913 година, според пописот, имало 552 жители, во 1920 год. - 488 жители, во 1928 год. - 590 жители, во 1940 год. - 805 жители, во 1951 год. - 805 жители, во 1961 год. -847 жители, а во 1971год. - 714 жители. Во граѓанската војна селото го напуштиле 8 домаќинства и неколку поединци кои преминале во тогашна Југославија, денешна Македонија.

**Баница како културен и просветен центар**

Баница е познато како село што има многу цркви, а најстарата црква била „Св. Петка“, најголема и најубава собирна црква во Леринскиот округ, со убави иконостаси и икони на старословенски јазик, со голема уметничка вредност, а била лоцирана во источниот дел на дворот на сегашното основно училиште во селото. Турските војски ја ограбиле и ја запалиле во првата половина на 19 век. Во 1900 година почнала да се собира помош за обновување на оваа црква, за што дал согласност и Изет-паша и материјално го помогнал

иницијативниот одбор. Членовите на одборот се поврзале со Грчката патријаршија и во 1905 година започнале да ја градат и да ја опремуваат како грчка црква. Војводите Наце Катин и Ѕоле Ѓерѓев во јуни 1907 година, пред да ја осветат оваа црква, ја разурнале.

Црквата „Св. Никола" изградена во XI век е зачувана до денешно време и се наоѓа на северниот дел од селото. Таа претставува ремек-дело на старословенската внатрешна декорација во резба, иконописи и икони. Црквата, била изгорена од грчките андарти пред Балканските војни, а обновена во периодот 1932-1935 година со иконостаси и икони од грчко потекло. Црквата „Св. Илија", изградена некаде во XIV–XV век, исто така била неколкупати горена и обновувана, но до денес се зачувани старословенските иконописи кои претставуваат посебна културна вредност. Црквата „Св. Димитрија" била изградена некаде во XIV век во центарот на селото и неколкупати била запалувана, ограбувана и пак обновувана. При крајот на XIX век била ограбена и запалена и повеќе не е обновена. Денес на оваа локација грчките власти изградиле административна зграда на општинската управа, а е подигнат и споменик на паднатите војници во Мала Азија во Грчко-турската војна 1919-1922 година, родум од село Баница.

Во западниот дел на селото на таканареченото место „Тумбето" постоела црквата „Св. Ѓорѓија", што ја ограбиле и ја запалиле Турците при освојувањето на Балканот, а потоа не е обновена. Сепак, во чест на оваа црква, селаните го прогласиле Ѓурѓовден за селски празник кој го чествуваат секоја година. Денешната соборна црква „Св. Ѓорѓија" почнала да се гради во 1864 година и е една од најубавите соборни цркви во Леринскиот округ. До 1919 година богословија и миса се вршеле на старословенски и на македонски јазик. Црквата била осветена во 1920 година од грчкиот патријарх и оттогаш во неа се употребува грчкиот јазик.

Во 19 век Баница имала свој претставник во Преспанско-охридската македонска архиепископија - свештеното лице Русе Дине Кочев, кој со својот авторитет и почитуваност како од населени-

ето, така и од турските власти, придол за зачувување на македонската црква и христијанската вера, месните обичаи и единството меѓу населението, не само во Баница, туку и во Леринскиот округ. Успеал да ја заштити македонската црква од влијанијата на Грчката патријаршија и Бугарската егзархија.

Во почетокот на втората половина од XX век, монахот Герасим, родум од с. Трије - Леринско, се вратил од Света Гора и започнал голема акција за изградба на цркви и манастири во Леринскиот округ и за отворање македонски училишта на народен црковнословенски јазик. Населението учествувало со работна сила и парична помош за изградба на црквите и училиштата.

Во 1865 година во Баница било изградено првото училиште кое есента ги примило првите ученици со настава на црковнословенски јазик, а било масовно посетувано и од возрасните, желни да се описменат. Првиот учител бил Типе Боглев кој се школувал во Софија, Петроград и во Цариград. Друг учител бил Стете Стојан Ташев доста образован и омилен меѓу населението. Тој бил и коџобашија - претседател на општината, а потоа се посветил на свештеничкиот позив и бил претставник на Леринската епископија со звање архимандрит. Уживал голема доверба меѓу населението во целиот Лерински округ. Македонското училиште со извесни прекини работело сè до 1919 година, а во 1920 година е повторно отворено како редовно и задолжително училиште во кое имало и забавиште за деца на предучилишна возраст.

Во овој период Грчката патријаршија и Бугарската егзархија вршеле притисок да го земат училиштето под своја контрола и да наметнат учење на грчки или на бугарски јазик. И едните и другите одлично соработувале со турските власти и добиле дозвола за свои училишта во Баница. По 1903 година постоеле две паралелни училишта. Извесен период по Илинденското востание и зголеменото влијание на врховистите во редовите на ВМРО и кај населението, имало македонско училиште со извесно бугарско влијание кое било масовно посетувано.

Во големата битка во 1912 год. што се одиграла во непосредна близина на с. Баница, кога учествувале преку 30 000 турски војници кои тргнале од Битола кон Сорович и биле пречекани во Баничко-церовската клисура од страна на сојузничките сили, целото село било до темел запалено. Во наредниот период 1912-1919 год. наставата се одвивала во црквите или во приватните куќи приспособени за таа цел. По 1920 година кога училиштето беше обновено, просечно во сите одделенија учеа околу 400-500 ученика, а во една генерација од 60 до 80 ученика.

За време на Метаксасовата диктатура од 1936 до 1940 год. беше забранет говорот на мајчин јазик, се организираа вечерни училишта за учење на грчкиот говорен јазик со задолжителна посета на сите машки и женски лица до 65-годишна возраст кои не завршиле шестгодишно училиште во периодот од 1920 до 1936 година.

Лицата кои се спротиставуваа да ја посетуваат наставата беа спроведувани со хорофилаци (полицајци) во училиштето и се поведуваше постапка за казнување. По физичкото и психичкото малтретирање на селаните во полициските станици, тие мораа да платат големи парични казни заради давањето отпор кон грчкото училиште.

Генерациите родени од 1910 до 1928 година завршија шестгодишно основно образование, а генерациите од 1929 до 1933 год. завршија само по неколку одделенија бидејќи есента 1940 год. училиштата беа затворени поради почетокот на Грчко-италијанската војна.

Во овој период Баница имаше мал број ученици кои завршиле средно училиште-гимназија или друга стручна подготовка, а уште помалку беа тие што завршиле вишо или високо образование.

Средно училиште завршија следниве лица: Блаже Малинов, Кочо и Леко Хрисафов, Трифо Малинов - гимназија, Тасе-Анастас Бабуловски -учителска школа.

Домаќинско училиште завршија: Пандора Павлова-Кочевска, Ката Хрисафова-Малинова, Лена Џугоманова и Марина Џугоманова.

Воено-техничко вишо училиште заврши Димитар Кочевски.

Високо образование имаа: Ставре Кочев - правен факултет, Мице Ташев -правен факултет, Накиле Колеров - правен факултет, Глигор Данев и Борис Цугоманов - економски факултет и Мичо Валаќи - трговска академија.

Богословија на Света Гора имаа завршено поп Филип и поп Стефо. Сите генерации родени од 1916 година наваму имаа завршено шесто одделение - основно училиште. Гимназијата траеше уште 4 години.

Причините за тоа што мал број лица го продолжуваа школувањето треба да ги бараме во националниот карактер на политиката на грчкиот режим кон македонското население. На факултет можеа да се запишат само децата на Македонците лојални на владејачкиот режим. На второ место се материјалната страна и економските можности на родителите.

По окупацијата на грчката власт во 1919 година за македонскиот народ настана период на тешки економски услови, особено со населувањето на околу 650 000 илјади Мацири, доселеници од Мала Азија, на територијата на Македонија. Извршена е експропријација на големите површини плодна земја околу Баница и е доделена на 48 семејства стационирани на самата железничка станица каде што беше изградена нова населба. Почнаа прогонства против сите илинденски дејци и учесници во Илинденската епопеја и многу лица беа принудени да емигрираат во соседните или во прекуокеанските земји. Во светската економската криза од 1929 до 1934 година, многу лица беа отпуштени од работа, па не можеа на своите семејства да им испраќаат пари и многу баничани кои имаа свои луѓе во прекуокеанските земји осиромашија. Беа отпуштени и работници од рудникот за јаглен во Баница. Откупните цени на замјоделските производи беа многу ниски и населението падна во голема беда. Многу деца не можеа да си купат ни основни работи за задолжителното основно образование (учебници, тетратки), а од власта немаа никаква помош.

Баница имаше два попа со богословско образование во Света Гора и тие одиграа просветна и друга дејност за зачувување на

традициите, јазикот, обичаите и сè друго како Македонци. Овие свештени лица ги поднесоа сите страдања заедно со населението.

Училиштето имаше школска управа на чело со диевтиндис - директор, во која покрај два просветни работника, професори, влегуваа и две лица определени од општинскиот совет на власта.

Наставата се одвиваше по системот на наставни предмета.

Во училиштетото работеа 12 просветни работници: еден учител и една учителка, Анастас Бабуловски и Лепа Цугоманова, родум од с. Баница и по народност Македонци, а сите други професори беа по националност Грци.

Секоја година во повисоките класови се организираа екскурзии за сите ученици на своја сметка по системот на размена на посета на некое училиште од друго место и бевме прифаќани од другарчињата и кај нив престојувавме два до три дена, а потоа тие ни доаѓаа во посета. Карактеристично е дека овие посети и соработката со други училишта беа од Стара Грција и бевме прифаќани од грчки семејства, а ни доаѓаа исто така грчки деца. Значи овие екскурзии имаа повеќе асимилаторски карактер и погрчување на Македончињата. Една група ученици во 1937 год. престојуваше во младинскиот логор во Коринт и овој престој беше искористен од петтоколонашите и метаксовите фашистички фаланги за обука и идеолошко и политичко образование на младината во духот на фашистичкиот режим. Кога се вратија учениците, беа крајно разочарани бидејќи биле третирани како граѓани од втор ред и биле доста малтретирани и омаловажувани од грчката школска младина и од раководството на самиот логор.

Во училиштето постоеше развиено физичко воспитување во редовната настава и беа застапени многу спортски гранки кои се вежбаа на големиот стадион, а постоеја уште две помали игралишта. Баница имаше спортски фудбалски клуб „Павле Мења" кој беше основан уште од 1924 год. и во него се натпреваруваа повеќе генерации младинци. Клубот се натпреваруваше во Северната зона на Грција и заземаше високи пласмани во лигата. Постоеја уште

два тима, кои се натпреваруваа во Окружната леринска зона. Младината беше многу заинтересирана за фудбалот и за атлетиката и затоа овие друштва беа и многу масовни.

Баница сите селски слави, верски празници и други прослави ги прославуваше со организирање музика и оро на сред село. На Василица младината се преоблекуваше во разни витешки и стари македонски носии и други карневалски облеки и се собираше на одредено место од каде што тргнуваше со песна и музика со запрежна коњска кола за собирање подароци. Ја посетуваше секоја куќа и домаќинство и од нив младите беа дарувани според можностите, почнувајќи од парче свинско месо, сланина, домашни колбаси (луканци), жито, брашно, грав и пари, а за тоа во секој двор се одигруваше оро и се пееја македонски песни сѐ до забраната во 1936 година. Подоцна само се свиреа ора и музика од дружините на Кришо Подев и Крише Јанчев и така до вечерта сѐ додека не се поминеа сите куќи. Се подготвуваше заедничка вечера за сите селани.

Исто така, на поклади (Прочка) младината организираше голема веселба. Бидејќи девојките не сакаа да учествуваат, момче се преоблекуваше во невестинска руба и со два девера одеше в црква, невестата му бацуваше рака на секого и за тоа беше добро наградувана со пари, секој според можностите. Потоа продолжуваше по куќите од селото.

## Мало стопанство (занаетчиство), трговија, угостителство и индустрија

Баница, како голема селска населба, има развиено мало стопанство, трговија и угостителство.

За задоволување на секојдневните потреби на населението во 1940 година, беа застапени следниве занаетчиски дејности:

- шивачи: Доре Јанин, Панде Којчев и Богле Катин;
- бербери: Глигор Попдимитров и Циле Хрисафов;

- чевлари: Ристо Попалев, Коче Јовчев и Давидо Јанин;

- фурнаџија: Јанко Малинов;

- ковачи: Ристо Педев, Атанас Хариши и Коле Вељанов;

- трговски дуќани со мешовита стока имаа: Коле Малинов, Борис Хрисафов, Мице Малинов, Стамати Михелис, Васил Просков, Коле Јанин, Мице Лаев, Толе Мангов, Киро Џугоманов, Леко Павлев и Вангел Воденецот;

- угостителски дуќани-кафеани имаа: Доре Малинов, Борис Рабулов, Михали Михелис и Ставре Ралов;

- фотографски дуќан имаше Глигор Попдимитров;

- касапници и месарници имаа: Коле Катин, Геле Вачков, Кине Попрусев, Гире Бабулов, Дине Павлов и Кице Павлов;

- такси-камионџии: Мице Васев, Миланче Павлов, Давидо Јанин, Кочо Бабулов и Борис Сариев;- автобуски превозници: Миланче Павлов што сообраќаше на релација Баница-Лерин, Баница-Сорович, Баница-Кајлари и обратно, а по потреба за организирани групи во сите правци;

- таксисти: Миланче Павлев и Давид Папарусев;

- мелници на машински погон со два, односно три воденички камења, што вршеа услуги на населението имаа: Пеце Врагов и браќата Хрисафови (Пеце, Борис и Циле);

- варници имаа: Миланче Павлев, Кице Мангов, Леко Абов, Глигор Данев, Кочо Бабулов, Панде Великин, Стево Сариев, Мице Робев со синовите и други;

- откуп и промет со жито вршеше: Пеце Врагов-Туџарот.

Имаше и голем број подвижни трговци кои со своите запрежни коњски коли и камиони можеа да се видат како продавачи на вар, грозје, вино, ракија, јаглен, бостан и др. земјоделски и сточарски производи на пазарот во Лерин, Сорович, Кајлари, Кожани, Воден, па и во Солун.

Во Баница постоеше организиран пазар и секоја среда се одржуваше пазарен ден. Развиен беше и пазарот со добиток, т.н. „сточен пазар".

Во Баница беше развиен кооперативниот однос и поголем број индивидуални производители членуваа во Синтирисмос (Сојуз на замјоделски производители) преку кој се снабдуваа со репроматеријали, вештачко ѓубре, приплоден добиток и др. Своите замјоделски и сточарски производи ги пласираа преку овој сојуз кој им обезбедуваше и агросовети.

Во втората половина на XIX век положбата на трговијата во Баница се изменила, особено по изградбата на железничките линии во неколку правци. Во 1873 година била изградена линијата Скопје-Солун и Солун-Истанбул, во 1894 година Скопје-Битола, а во 1906 година Битола-Солун. Тие поминуваат во непосредна близина на Баница. Оттогаш карваните на камили и друг добиток се намалиле и постепено исчезнале, но Баница со железничката линија се развила уште повеќе. Трговијата со вар и откривањето големи слоеви на јаглен го раздвижиле местото. Експлоатацијата на јаглен почнала во 1908 година, а производството се зголемило со изградбата на тесналинејката од рудникот до товарната станица на железничкиот колосек во местото „Барата", каде што дневно се пренесувале по неколку илјади тони јаглен во сите правци. Прво се вработиле околу сто работници, потоа тој број се удвоил, а подоцна имаше трипати повеќе вработено во однос на почетокот што претставуваше голем економски успех.

## Имотно-правните односи во Баница по заминувањето на Турците

По младотурската револуција, беговите свесни за својата немоќ почнале да ја продаваат неплодната земја задржувајќи ги плодните реони. Продажбата ја вршеле преку своите застапници кои често ги изигрувале неписмените селани. Купеното земјиште не го воведувале во посед преку тапии и други документи што важеле тогаш. Тоа го правеле само на притисок од посвесните селани. Само тие добиле тапии од турските власти, но честите пожари,

војни и други непогоди често ги уништувале сите документи за докажување на сопственоста, поради што им бил оспоруван имотот, а некогаш и препродаван.

Напомнувам дека, бидејќи сè уште не се расчистени имотноправните односи меѓу Грција и Турција, и денес се вршат такви уцени и се препродаваат веќе еднаш купените земјишта. Виорот на Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција 1941-1949 година однесе голем број документи за докажување на сопственоста. Ќе наведам еден пример кој се случи лично во моето семејство. Имавме дворно место од околу 2400 м$^2$, во местото наречено „Балдунка", кое моето семејство од дедо - прадедо, долго време го користело како гумно за вршење. Во 1934 година се јави застапникот на интересите на Синан-бег во с. Баница и побара да докажеме дека сме сопственици на тоа место со тапија. Според неговата евиденција и таписките книги што се водеа во Окружниот надлежен орган (геодетска управа), ова место беше бегово. Баба ми, која тогаш имаше 60 години, му докажуваше дека повеќе од 40 години местото е на покојниот Наце Катин и за тоа може да посведочи секој селанец. Тоа не помогна бидејќи сите тапии биле изгорени 1912 година во селскиот пожар. Посредникот определил сума од 3600 драхми доколку во определен рок не ги исплатиме за да не воведе во посед, а местото ќе го даде на лицитација и ќе го продаде на тој што ќе плати по највисоко постигнатата цена на лицитацијата. Немавме друг избор, ја продадовме стоката што ја имавме дома: околу 40 овци, 2 вола, една крава и еден коњ и ја дадовме заштедата што ни ја праќаше татко ми Лазо Катин од Канада. Повторно 3600 драхми си ја плативме земјата и добивме тапија. Покрај жртвите на македонскиот народ во војните што следуваа, беа опустошени цели села и населени места, а насилствата од страна на монархофашистичкиот повоен режим во Грција го принудија населението да го напушти својот роден крај и да емигрира во соседните земји. Моето семејство, без мене, во 1847 година емигрира кај татко ми во Канада. Баба ми умре во 1942 година. Во 1941/42

зад нас остана станбена зграда куќа, приземје и спрат, изградена во 1941/42 година. Старата куќа беше уништена од бомбардирањата.

Во 1950-1953 год. се јави друг застапник на Синан-бег и се обрати до вујко ми Ристо Малинов кој ја користеше куќата за чување добиточна храна, барајќи да ја докаже сопственоста на ова земјиште, затоа што според неговата евиденција, ова земјиште било бегово. Моите родители од Канада не можеа да докажат дека се сопственици, бидејќи беа протерани од грчките власти заедно со многу партизански семејства и беа уништени сите документи и слики што ги нашле во куќата. На лицитација вујко ми ја купи и доби нова тапија. Во 1970 год. татко ми дојде во посета на родниот крај и вујко ми му раскажа за сѐ што се случи и му понуди доколку сака, да му го отстапи овој имот. Татко ми се согласи, му ја надомести платената сума за откуп на ова земјиште и татко ми стана сопственик. Не е потребен коментар, значи едно исто земјиште беше двапати платено на застапниците на Синан-бег не сметајќи ја првата продажба извршена во времето на турската империја. Вакви случаи имаше безброј. Многу домаќинства по неколкупати купуваа едно исто земјиште од застапниците на Синан-бег, а сето тоа се случуваше со благослов на грчките власти, т.е. тоа беше дел од притисокот и политиката на грчките власти врз македонското население да го принуди да го напушти родниот крај и да замине во прекуокеанските земји. Поинаку не би можело да се протолкува, бидејќи органите за водење на катастарски книги располагаа со докази за сопственост, меѓутоа кога некој ќе се јавеше да бара, ќе му речеа дека не постои во книгите како сопственик, а и добар дел од книгите се уништени за време на војната.

Карактеристично е да се спомене дека грчката влада донесе закон врз чија основа на сите учесници во граѓанската војна кои емигрираа во социјалистичките земји им беа одземени државјанството и целокупниот подвижен и неподвижен имот. Под ударот на овој закон паднаа повеќе десетици домаќинства од село Баница чии членови беа надвор од Грција. Грчките власти се обидоа да

доселат колонисти од Стара Грција, но кога тие домаќинства се населија и дознаа чии се имотите во Баница, веднаш го напуштија селото и си заминаа, а други не дојдоа.

### Пошта, телефон, телеграф

Поштенските врски сè до 1920 година во селото се одржувале преку луѓе-аберџии, кое им било главно занимање, кои оделе од град до град, од село до село и земале писма или усни пораки и пари и ги пренесувале до сопственикот за кого биле наменети. Во Баница уште за време на турската империја постоела пошта и платено лице за оваа намена.

Поштенската служба - пошта, телеграф и телефон - била организирана во 1920 година и сместена во училишната зграда. Од 1924 година како поштар се вработи Коле Колеров кој ги вршеше сите поштенско-телефонски и телеграфски услуги и секојдневно ја прифаќаше и ја испраќаше поштата и др. пратки од железничката станица Баница, пристигната со патничките возови кои се движеја на линијата Лерин-Солун и обратно. Тој имаше многу работа поради 500 печалбари во странство и 60-80 лица кои служеа воен рок. Бидејќи беше државен службеник, се сметаше за гркоман и правеше ситни услуги на власта и полицијата, а и тој самиот велеше дека е Грк иако не беше.

### Осветление

Баница повеќе личеше на гратче отколку на село поради што месната власт размислувала за осветлување со појавата на електричната енергија. Сопственикот на рудникот за јаглен во Баница, Митренџо, подготвил проект за изградба на ТЕЦ во 1928 година поради што бил затворен, а имотот му бил конфискуван.

Советот на општинската управа во Баница во 1933 година изготви проект за осветлување на улиците со ламби на бутан-гас.

Во 1934 година со масовно учество на месното население, со работа и со самопридонес со пари, планот беше реализиран. По сите улици беа поставени бандери со ламби на бутан-гас на различно растојание. По домовите населението се служеше со газиени ламби и кандила. Рударите од јагленокопите дома се служеа со карбитни рударски ламби. Во 1935 година Миланче Павлев домот го осветли со помош на ветерница која го движеше агрегатот што произведуваше струја.

**Споменици**

Многу стари споменици на културата во Баница се иконостасите во црквите „Св. Ѓорѓија“, „Св. Никола“ и „Св Илија“. Тие се ремек-дело на словенската култура и писменост. Другите цркви се со понов датум.

На ридот северозападно од селото е подигнат споменик на паднатите српски војници во Балканските војни и во Првата светска војна и тој е изграден од големи гранитни блокови. Спомеників внатре е празен и во него се собрани коските од боиштето во околината на атарот на Баница. Западно од селото на оддалеченост од 5 км на самиот крстопат на патиштата Лерин-Солун и Лерин-Кожани е подигнат споменик на паднатите војници на сојузничките војски од Првата светска војна. Ограден е со четири бетонски столбови поврзани со ланци, а го подигнаа грчките власти со помош на сојузничките влади.

Во центарот на селото, во месноста Св. Димитрија е подигнат споменик на паднатите војници од Баница во Грчко-турската војна 1919-1922 год. во Мала Азија.

# БАНИЦА ПО ДОАЃАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ НА БАЛКАНОТ

## Баница под турска власт

По пробивот на Турците на Балканскиот Полуостров, земјата била поделена на чифлигари и големопоседници од турска народност, а рајата (народот) била нивни слуги, односно кметови.

Баница била чифлик на Изет-паша и на Синан-бег кои живееле во Битола. За управувањето на чифликот, овие големопоседници имале свои застапници во селото.

Во 19 век застапници биле Трифун Колеров и Русе Дине Кочев, а во 20 век Дине Кочев-Ќосата. Населението работело за беговите како наемни работници-аргати или исполичари. По разнишувањето и пропаѓањето на турската власт на сите страни, беговите почнале да го отуѓуваат имотот и својата земја да ја продаваат на селаните кои ја обработувале дотогаш.

## Баница како управно-административен центар

За време на турската власт, Баница била каза на чело со мудир, а припаѓала на Битолскиот вилает.

Во селото имало кадилак (околиски суд) со неколку кадии (судии) кои ја вршеле судско-управната и извршната власт. Баница имала свој претставник во Валис како кадилак во Битола, а во втората половина на 19 век бил Трифун Колеров.

Казата, односно административно-политичката власт ја вршел совет на чело со мудир. Советот го сочинувале судиите, бего-

вите и други видни и угледни богати селани, како и претставници на сите самостојни општини - беледиет, кои ѝ припаѓале на Баничката каза. Во рамките на Баничката каза биле селата: Горничево, Церово, Забрдени, Росен, Врталом и Негован.

Во Баница, покрај административно-политичкиот совет на казата, постоела и административна управна власт и совет на самостојната општина (беледиет) Баница, на чело со коџобашијата (претседател).

Коџобашијата - претседателот на самостојната општина (беледиет) - бил од редовите на угледните и доверливи лица на турската власт и лојален граѓанин на турскиот режим. Тој бил професионално платено лице од турските власти.

Во Баница постоела заптиска (полициска) станица на чело со Алај-бег. Заптиите биле од турска народност.

Овде била стационирана и поголема единица на аскер (војска). Оваа војска играла голема улога и била многу подвижна при задушувањата на востанијата на населението.

Кон крајот на 19 век со појавата на Внатрешната македонска револуционерна организација во овој крај, а особено во с. Баница, турската власт била принудена да ги повлече од селото заптиите и војската и да ги стационира во Лерин.

Баница била седиште и на верско-црковната власт. Во втората половина на 19 век Баница имала свои претставници во Охридско-преспанската архиепископија со седиште во Крушево, и тоа Русе Дине Кочев, а по него Стате Стојан Ташев.

### Односот меѓу месното население и Турците

Во почетокот на XVII век во Македонија почнала масовна колонизација на Турците од сиромашните краишта на Анадолија. Во тоа време во Леринско се населиле многу Турци и основале повеќе нови самостојни населби, а имало и турско население кое живеело по македонските населби и села.

Турската власт се обидела да насели Турци и во село Баница, но населението се пожалило кај тогашниот бег на чифликот кој им излегол во пресрет и не го дозволил населувањето. Во тоа време била формирана населбата Врталом на околу 7 км од с. Баница, поставена на самиот пат Баница-Котори-Лерин. Во почетокот новонаселените Турци се занимавале со сточарство, потоа со земјоделство, а главен производ им бил тутунот.

При формирањето на оваа населба, голем дел од земјата во месноста Синак му бил одземен на месното население од Баница и даден на новото население.

Меѓу македонското и турското население сè почесто доаѓало до судири и постоело големо нетрпение. Турците правеле голем зулум при воените походи на регуларната војска, тие им се приклучувале и ги пљачкале македонските села, ги палеле и вршеле други насилства. Подоцна турското население соработувало со грчките андарти кои ги помагале со храна и ги криеле во своите села. Околискиот војвода Наце Ѕоле Катин од с. Баница го опоменал населението од село Врталом да не ги помага грчките андарти во 1907 година, но селаните продолжиле да им помагаат поради што следувала казна. Наце Катин, Ѕоле Ѓергев и други војводи со своите комитски чети го блокирале селото Врталом, го нападнале, многу куќи запалиле и ги убиле сите сомнителни лица и соработници на грчките андарти. Истата судбина ги снашла и селата Катраница, Плишејца и други.

Меѓу месното население не е забележано никакво потурчување, односно преминување во мухамеданска вера.

По ослободувањето од Турците и постигнатиот договор меѓу Грција и Турција за размена на населението од турска народност во Грција, односно грчка народност во Турција, целото турско население од Леринскиот округ се иселило во Турција. При напуштањето на селата од страна на Турците, кај македонското население се појавила голема нетрпеливост, бидејќи многу злосторници и зулумќари си заминале, а останале неказнети за своите недела

над недолжното население. Населението ги напаѓало карваните со добиток, запрежните коли натоварени со покуќнината и фамилиите на патот Лерин-Солун или Лерин-Кожани. При овие напади македонското население им одземало на Турците сè што носеле, а грчката власт не им излегувала во пресрет на нивните жалби.

Карактеристично е да се спомне дека селанецот Геле Вачков дочекал двајца поранешни зулумќари по македонските села, во атарот на село Баница, ги тргнал од колоната заедно со нивните семејства и ги впрегнал на ралото за да ја ораат нивата. Тие го влечеле ралото сè додека имале сила, а тој со остенот ги боцкал и ги потсетувал на нивните недела и болки што го нанеле на многу мајки кои ги завиле во црно. На крајот сакал да ги убие, но тоа не го дозволиле другите селани и биле пуштени да го продолжат патот кон Истанбул.

Турците заминале, а на нивно место се доселиле голем број од околу 650 000 Грци и други народности кои од Турција сакале да се преселат во Грција. Грчката власт сиве овие доселеници ги растурила низ Егејска Македонија, како политика за асимилиција на македонското население и економски притисок за напуштање на родниот крај и заминување во прекуморските земји. Така завршува и се распаѓа големата Отоманска Империја, меѓутоа македонскиот народ од овој дел на Егејска Македонија не само што не доби слобода, туку потпадна под нова окупација и ропство уште полошо од времето на турската империја, а тоа е големогрчката варварска власт и монархофашизам кој презеде сè за да го уништи и целосно да го истреби македонското население. Во тоа не само што не успеаја, туку ова население му одржа и посебна лекција во текот на НОВ во редовите на ЕЛАС и подоцна во редовите на ДАГ во Граѓанската војна. Македонскиот народ учествуваше со преку 40 000 вооружени борци и преку 260 000 лица кои учествуваа во војната против монархофашистите и нивните надворешни помагачи, американскиот и англискиот империјализам.

# СОЗДАВАЊЕТО НА ВМРО И АКТИВНОСТА ВО БАНИЦА

## Создавањето на ВМРО во с. Баница

Баница, како најголемо село во Битолскиот вилает и голем административен управен центар, било носител и секогаш предничело со својата политичка и друга активност.

Во Баница се појавиле напредни идеи и организирани движења уште во почетокот на 1886 година. Таа година црковната власт во Баничката каза писмено се обратила до цариградскиот поглавар на Православната црква и турската власт и побарала да се обнови самостојноста и автокефалноста на Охридската патријаршија. На чело на ова движење бил Тине Боглев т.н. Суло. Под притисок на грчката патријаршија и Бугарската егзархија, не е дадена согласност за формирање самостојна автокефална македонска православна црква, односно за обновување на Охридската патријаршија.

Во селото Баница пролетта 1896 година престојувал инструктор на ВМРО, Марков од Битола, кој ги поставил првите темели и ги обединил сите движења во Баничката каза формирајќи месно и општинско раководство.

Според извршените истраги, под псевдонимот Марков не бил никој друг туку Ѓорче Петров, кој во тоа време живеел во Битола и бил првиот организатор на движењето на ВМРО во Битолскиот вилает. Значи Ѓорче Петров ги поставил темелите на ВМРО во селото Баница, околните села и во Леринскиот округ. Под негово раководство во с. Баница биле формирани и првите комитски чети, и тоа: ајдучката чета на војводата Наце Катин под името

Наце Бабунски која дејствувала од 1892 година во баничкиот реон, а од 1896 година дејствувала како комитска чета во рамките на ВМРО, прво во баничкиот реон и Воштарени, а потоа во реонот на П'п'жани; втората комитска чета е на војводата Ѕоле Ѓерѓев формирана во 1897 година; а трета е четата на војводата Леко Џорлев формирана во 1898 година.

На чело на Општинскиот револуционерен комитет на ВМРО бил Типе Боглев-Суло, а членови биле: Мице Хрисафов, Мице Кочев, Толе Дафов, Крсте Малинов и војводите од с. Баница - Наце Катин, Ѕоле Ѓергев и Леко Џорлев. Слободно може да се каже дека овие лица биле организатори на движењето во општината, а војводите со своите комитски чети биле и организатори на движењето во Битолскиот вилает, страв и трепет за турската војска и турската власт.

Типе Боглев-Суло бил угледен човек и омилен меѓу населението, со широки видици и со добро познавање на движењата на народите на Балканот во борбата за ослободување од турското ропство. Ги отфрлал сите влијанија за организирање на движењето кои биле однадвор. Тој ги ангажирал своите синови Тего Боглев, млад интелектуалец кој бил учител во Воштарани и Мице Боглев кој му помагал во домашните работи. Сите дале голем придонес во ширењето на движењето и идеите за организирано дејствување на македонскиот народ за ослободување од турското ропство со сопствени сили.

Покрај Ѓорче Петров - Марков, подоцна се јавуваат и Дине Абдорманов и Кице Мацин од с. Баница како инструктори на ВМРО, а ним им помагале и вршеле курирска должност Коле Павлев и Доне Павлев од Баница.

Во организирањето на движењето и неговото ширење, како и за зачувување на Македонската црква и старословенскиот јазик во село Баница и во околните села и Леринско, во борбата против влијанието на Бугарската егзархија и Грчката патријаршија има голема заслуга поп Ѓорѓи Кујчев. Во периодот од 1898 до 1913 годи-

на тој води отворена борба за зачувување и изучување на македонскиот јазик против сите надворешни влијанија. Покрај тоа што бил свештено лице, тој бил и учител прво на старословенски јазик, а потоа и на македонски јазик. На мистериозен начин бил убиен од грчките андарти (комити) во периодот на нивната голема активност во 1913 година.

## Појавата на разбојници и други ограбувачи и убијци

Со појавата на турските и други разбојници и качаци во Леринскиот округ во Битолскиот вилает, населението се вознемирило и почнало да се организира за одбрана од овие насилници. Организирало селски стражи за набљудување и следење на движењето на овие разбојници кои навремено ја известувале месната власт и населението.

Војводата Наце Катин под името Наце Бабунски се јавува во 1892 година како прв заштитник на месното население со својата ајдучка дружина во баничкиот реон и тоа е првата организирана одбрана и заштита на с. Баница. Подоцна Наце Катин со својата чета се придружува на организацијата на ВМРО. Тоа го прават и четите на Ѕоле Ѓерѓев и Леко Џорлев од с. Баница.

Овие војводи со своите комитски чети се првите организатори на отпорот против турското ропство и нивните зулуми над недолжното македонско население. Населението од село Баница масовно го прифати движењето и организацијата на ВМРО и сите се зачленија во организацијата,а секој имаше задача и на свој начин придонесуваше за развојот. Народот не можеше да се помири и да го трпи насилството и базмилосното угнетување, тешките услови за живеење, понижувањата и страдањата. Баничани ги напуштија своите огништа и застануваа во редовите на ајдуците - одметнати во планините, во четата на војводата Наце Катин, четите на Ѕоле Ѓергев и Леко Џорлев. Овие чети не само што им се спротиставуваа на турските насилства, туку организираа напади и ги

ограбуваа турските чифлигари и турски трговци, а со придобивките ги помагаа сиромашните македонски слоеви. Да кажеме нешто повеќе за нив.

Мојот дедо, Наце Ѕоле Катин, се појавил под името Наце Бабунски. Роден е во 1872 год. во Баница, како втор син на Ѕоле Катин кој имал четири сина - најстариот Леко, потоа Наце, Коле и Мице. Оваа средна земјоделска фамилија претежно се занимавала со сточарство. Наце се оженил за прочуената убавица Мара Алушова. На годината им се родил син и му го дале името Стојче. Наце се занимавал со трговија, со стока (крупна и ситна). Големите оптоварувања на турската власт со даноци и други давачки сè повеќе го осиромашувале ова семејство. Наце решил пролетта 1889 година да замине на печалба во Цариград. Таму се вработил како угостителски работник-меанџија во меаната кај некој Македонец Геле од Лерин.

Во Цариград тој се поврзал со напредни работници на македонската интелигенција и се приклучил кон движењето за ослободување на Македонија. Мечтаел да се врати во родниот крај, близу своето семејство. Наце Катин бил крупен и висок маж со широки плеќи, имал големи очи и остар поглед, густи веѓи и остра црна брада. Имал немирен и непокорен дух бил смел и одлучен човек со работни навики, добар по душа и гостољубив. Брзо стекнувал пријатели и знаел да ги зачува. Имал посебни организаторски способности. Зборувал турски и албански јазик.

Грчкиот историчар Стергиу Тријандафилиди во својата книга пишува: Војводата Наце Катин, крвопиец, имаше погубено многу Грци, беше револуционер, војсководец и деец и сериозен и бестрашен војвода. Тој беше над сите други војводи.

Наце Катин на патот од Цариград до дома, поминувајќи низ Бугарија, се задржал извесно време во Софија. Таму се сретнал со други напредни Македонци, меѓу кои и со Тане Канчев од Горгиливо кој подоцна, исто така, станал војвода под името Тане Грозниот. Наце Катин таму дал заклетва дека ќе се врати во Македо-

нија, во с. Баница, и ќе ја продолжи борбата за ослободување на Македонија од Отоманското Царство.

Во 1890 година, пред Митровден, во утринските часови куќата на Наце Катин ја блокирале голем број заптии (полицајци) кои извршиле претрес и го уапсиле Наце по налог на централната заптиска управа во Цариград. Бил спроведен и затворен во битолските зандани поради тепачката во цариградската кафеана кога ослободил двајца македонски затвореници кои ги спроведувале кон занданите. Истражната постапка траела долго време и се применувале разни методи и средства против него, но Наце ништо не признавал. Останал повеќе од една година во битолските зандани и ја издржал најсуровата тортура на турската занданска управа. Стариот татко бил упорен да го ослободи. Знаејќи го менталитетот на турските војници и самите поглавари и нивната подмитливост, решил на тој начин да го ослободи својот син. Преку врски и разни турски посредници со подмитување стигнал до самите затворски стражари кои го спроведувале Наце на сослушување во Кадилакот (Валискиот суд), кој бил оддалечен од занданите околу 300 метри. Затворските стражари примиле поголем износ поткуп за да му овозможат бегство на Наце Катин.

Во битолските зандани Наце се запознал со други македонски напредни активисти кои биле уапсени поради својата револуционерна дејност и соборување на турскиот режим. Тоа му послужило добро да се запознае со околностите во Македонија, дејствувањето на напредните македонски сили, како и отпорот што му се давал на турскиот режим и неговите помошници Грција и Бугарија.

По бегството од битолските зандани, Наце Катин станал ајдук и формирал ајдучка чета од бедни и чесни Македонци протерувани од турската власт за разни престапи или неизвршени обврски спрема турската власт. Наце станал војвода под името Наце Бабунски и со својата ајдучка чета се движел по баничките планини Радош, Голем Камен, Вичо и Пелистер. Станал член на Окружниот револуционерен комитет на ВМРО во Битола и Бито-

лскиот вилает. Окружниот комитет со кој раководел Ѓорѓи Сугаре, на војводата Наце Катин му го доделил реонот во с. Баница.

Во 1899 година се сретнал со Ѓорѓи Сугаров кој му ја соопштил новата должност: околиски војвода во реонот кој ги опфаќа селата П'п'жани, Опшорино, Врбени, Негоричани, Битуша, Св. Петка, Клабучишта, Долен и Горен Каленик, таму каде што биле најлошите Турци.

Бил храбар, самоиницијативен и строг војсководец, страв и трепет за турската војска, грчките андарти, бугарските комитски чети и другите непријатели на движењето на ВМРО. Четата на војводата Наце се движела низ целиот Битолски вилает. Одел секаде каде што била потребна неговата помош и дејствување. Во борбите секогаш бил победник нанесувајќи им големи човечки жртви и материјална штета на непријателите, а од негова страна имало минимален број или немало човечки жртви.

Според искажувањето на Дине Неделков, странските конзуларни претставници во пролетта 1903 год. ги повикале членовите на Окружниот револуционерен комитет во Битола да појдат до францускиот конзулат каде што пред австриското, францускиот, рускиот и германскиот конзул ќе ги изнесат целите и задачите на борбата што ја води ВМРО. Сите членови дошле илегално, облечени како попови, учители или були со фереџе, а Наце Катин дошол на коњ со своите телохранители Ристо од Оризари, Дине Неделков и Ило Дајков, почекал да излезе конзулот да го пречека и дури тогаш слегол од коњот, па заедно влегле во конзулатот.

Австриските конзул, откако го поздравил војводата Катин, му подарил медал на Австрија, а подоцна и гарантно писмо за непречено да се врати доколку го сретнат турски патроли, а рускиот конзул му подарил Крст на Русија. Војводата Катин медалот го ставил на кундакот на пушката, а Крстот на Русија постојано го носел на капата со натписот: „Смрт или слобода за Македонија".

Таму се сретнал и со другите членови на Окружниот комитет кои ги изнеле своите цели и задачи на борбата на македон-

скиот народ за независност и автономија на Македонија. Од конзулите побарале да ги запознаат своите влади со целите и да им дадат материјална и др. помош за извојување самостојност и за признавање на слободна Македонија. Кога завршил овој значаен историски состанок, сите членови на Окружниот револуционерен комитет во Битола на ист начин си заминале. Наце Катин, кого надвор го чекале телохранителите, гордо, врвејќи низ битолската чаршија, ја напуштил Битола и се вратил во селото Поешево, каде што било седиштето на неговата комитска чета.

Турската власт била претходно известена од конзулите на големите сили кои барале воздржаност и покрај илегалното доаѓање на членовите на ВМРО, но такво дрско и јавно доаѓање не очекувале и покрај тоа што знаеле за храброста на Наце Катин. Турската власт не му го попречила патот и ја величела неговата храброст.

По неуспехот на Илинденското востание и зголемената активност на бугарските врховистички чети, во наредниот период се појавиле и грчките андарти во Леринскиот округ. Овие андарти соработувале со турската власт и сè почесто дејствувале заедно со турските аскери против комитските чети. По 1905 година нивната активност се зголемила кога ослабело револуционерното движење и дејството на комитските чети. Андартите ги напаѓале комитските чети заедно со турската војска и посебно дејствувале против семејствата на комитите и населението кое им помагало. Го следеле движењето на комитските чети и кога биле доволно оддалечени од населението да не можат да му помогнат, андартите ги напаѓале македонските села, ги убивале членовите на месните револуционерни комитети и др. илинденци и им ги палеле куќите. Такви андартски чети се појавиле во селата Негован, Врталом и Петерско во Леринскиот округ. Првите две села се граничат со атарот на Баница, а Петерско е оддалечено околу 6 км и е во непосредна близина на селото Екшисо - Горно Врбени. Војводата Наце Катин пролетта 1905 год. со својата чета го нападнал селото

Негован, ги запалил куќите на сите андарти и ги убил повеќето од нивните јатаци.

Им препорачал на сите андарти и на нивните јатаци, закануваjќи им се да не прават испади и да не го загрозуваат месното македонско население, ако сакаат да се борат, тоа да го направат со комитите. Посебна порака испратил до андартите во село Петерско во која се вели: „Ако нешто му се случи на македонското население во Соровичко, тогаш Петерско до темел ќе биде изгорено и целото гркоманско население истепано". Така ја смириле активноста на андартите од ова село.

Поради големите зулуми што ги правело турското население од с. Врталом и помошта што им ја давало на грчките андарти, во 1907 година војводата Наце Катин со својата чета и уште десет војводи со околу 300 комити го блокирале ова село, го запалиле и ги убиле сите андарти кои ги затекнале во селото. Во почетокот на јуни 1907 година војводите Наце Катин и Ѕоле Ѓерѓев презеле акција за растурање на сите грчки училишта и за преземање на грчките цркви, односно да ги запалат црквите и црковните книги во Леринско. Во Баница за ова била известена турската власт во Лерин од страна на Трифун Мице Колеров и Јане Русе Кочев кои биле и иницијатори за изградба на грчка црква-(дотогаш немало во селото, постоеле само македонски цркви). Турците пратиле војска, а војводите се повлекле за да не дојде до крвопролевање. Меѓутоа, на 24 јули 1907 година повторно дошле во селото Баница околиските војводи Наце Катин-Бабунски и Ѕоле Ѓерѓев и извршиле истрага за предавникот кој ја известил турската власт. Кога утврдиле дека тоа го сториле Трифун Колеров, Јане Кочев и поп Јоан Дајков, ги осудиле на смрт, по претходно спроведената постапка од месниот револуционерен суд пред кој предавниците го признале делото и барале милост и прошка. За првите двајца, Трифун Колеров и Јане Кочев кои се наоѓале во селото, комитата Кире Качоров ја спровел пресудата. Тој ги спровел надвор од селото и ги убил. Војводата Наце Катин-Бабунски го викнал попот Јоан

Дајков во село Росен за погреб на некое лице и таму бил уапсен и ликвидиран од комитата Дине Пенџов според донесената пресуда.

Истиот ден, 24 јули 1907 година, во Баница била урната црквата, а книгите јавно биле запалени на сред село.

Војводата Наце Катин-Бабунски со својата комитска чета учествувал во многу борби и акции против македонските непријатели, кај: Долно Врбени, Борешница, Плишевица, Клештина, Арменоро, П'п'жани, Буф, Котори, Горничево, Баница, Баничко-церовската клисура, Вртолом Петерско, Невеска и други.

Од поголемите акции кои му се препишуваат на војводата Наце Катин-Бабунски е баничката борба во јуни 1903 година. Членовите на Битолскиот револуционерен комитет одржувале состанок во Баница, каде што биле предадени и нападнати од турскиот аскер.

Тука биле сите членови на Окружниот комитет: Наце Катин, Ѕоле Ѓергев, Ѓорги Попанчев, Пандо Клашев, Тане Горничевски-Грозниот и Чакаларов со околу 200 комити за обезбедување на состанокот. На вториот ден од состанокот во утринските часови патролата забележала дека од сите страни им се приближува турски аскер со околу 2000 војници кои го блокирале селото.

Членовите на Окружниот комитет по веста за аскерот ја разгледале ситуацијата и донесле одлука сите комитски сили да се повлечат по поројот во правец на Тумбата кон полето, каде што турската војска не го очекувала повлекувањето. Бабунски го пробил обрачот кон север и го заобиколил непријателот од западната страна со што им дал можност на другите чети да се извлечат. Во борбите, кои траеле повеќе од четири часа, загинале војводата Ѓорѓи Папанчев и уште девет комити. Ранети биле дванаесет комити и војводите Наце Катин, Ѕоле Ѓерѓев, Ило Которкин и Мице Јанев-Мискарот. Турците имале многу повеќе загинати и ранети војници.

Блокадата на селото траела до следниот ден. Кога во утринските часови аскерот влегол во селото, имало наредба во селото да се собере целото население. Војниците извршиле општ претрес на

селото, а бидејќи не нашле скриени комити и оружје, турскиот војсководец се разлутил и наредил целото население да се убие, а селото да се запали. Меѓутоа, за борбата во Баница биле известени Езет-паша и Синан-бег кои случајно биле во Лерин, бидејќи нивното седиште било во Битола, а селаните биле нивни чифлигари. Знаејќи што ги чека селото и населението од турската војска, уште во утринските часови пристигнале во Баница и по нивна интервенција биле спасени селото и населението. Турската војска не била задоволна од интервенцијата на овие угледни личности, зеле девет угледни селани како заложници, предупредувајќи ги за во иднина да не им укажуваат гостопримство на комитските чети. Селаните што ги зеле биле: Циле Јанин, Крсте Боглев, Кице Попдинев, Перо Попов, Стате Ташев, Кире Алушев, Минде Дајков, Дело Хрисафов и Дине Малинов, и ги испратиле во Дијарбекир во Анадолија во прогонство – сургун. Таму останале до Младотурската револуција во јули 1908 година кога ги ослободиле и тие се вратиле во селото.

Војводите Наце Катин, Ѕоле Ѓерѓев и Леко Џорлев ги откриле кодошите. Тоа биле членови на ВМРО кои паднале под влијание на грчките андарти. На сослушувањето, предавниците го признале своето дело барајќи милост. Револуционерниот воен суд ги осудил на смрт: Вангел (Геле) Киро Ничев - дотогашен претседател на Месниот комитет на ВМРО, Кире К. Кочев и Трајко Куртов - членови на Месниот комитет, а бил сомнителен и Дине Малинов, но во истрагата бил ослободен од обвинението. Пресудата ја извршил војводата Леко Џорлев, три дена пред Илинденското востание. Биле стрелани во близина на селото Горничево, на падините на Кајмакчалан.

Војводата Наце Бабунски, како член на Окружниот комитет на ВМРО, бил учесник на Смилевскиот конгрес и бил против одлуката за кревањето на Илинденското востание. Сепак, со својата комитска чета учествувал во Илинденското востание, во борбите за ослободување на градот Невеска. Неколку дена се виорело Македонското црвено знаме пред градот повторно да падне во рацете на турскиот аскер.

Во почетокот на јануари 1908 год. во селото Буф, Леринско, бил одржан состанок на Битолскиот револуционерен окружен комитет на кој присуствувале сите војводи од Битолскиот вилает и пошироко. Имало присутни членови и на Централниот комитет на ВМРО.

***Оган пламен на Балканот***

*Оган пламен на Балканот*
*Там се бијат командири*
*Командири ем војводи*
*Прв војвода бил Наце Катин*
*Наце Катин, страшен војвода*
*Тој застрашил цел Балканот*
*Што застрашил цело Леринско*
*Наце Катин баничанчето*
*И по него Тане Кланцов горничевчето*
*И по него Леко Џорлев баничанчето*
*Попривикал Наце Катин*
*Наце Катин страшен војвода*
*Ура, ура, наши браќа,*
*Наша борба е за Македонија*
*Наце Катин на коњ качен*
*На коњ качен со бајракот*
*Со бајракот на рид се искачил*
*Бајракот на ридот го закачил*
*На бајракот со златни букви пишува*
*Со златни букви пишува „Смрт или слобода“*
*Смрт или слобода за Македонија.*

*(народна песна)*

Песната е посветена на околискиот војвода Наце Ѕоле Катин, наречен Наце Бабунски, роден во 1872 год. во Баница, Леринско, кој загина на 7 март 1908 год. во с. П’п’жани, Леринско. Песната се пеела



*Војводата Наце Ѕоле Катин*

низ Битолскиот вилает, меѓутоа по смртта на Наце Катин војводата, Ѕоле Ѓерѓев војводата ја забранил да се пее како од комитите, така и од населението. Песната ја запиша внукот на Наце Катин војводата, Атанас Катиновски во Торонто, во февруари 1984 год. од старата Олга Катина, снаа од внук од брат на војводата Наце Катин, која живееше во Торонто до длабока старост.

На состанокот била извршена анализа на воено-политичката ситуација и положба на комитските чети и секој војвода поднел извештај за својата работа и постигнатитет резултати, како и за појавени слабости во борбата против надворешните непријатели и влијанија на теренот. Се развила дискусија за поднесените извештаи од војводите, а најмногу поплаки и жалби имало на сметка на леринскиот војвода Ѕоле Ѓерѓев од градот Лерин и околните села.



*Војводата Ѕоле Ѓерѓев*

На крајот биле утврдени задачите и мерките што треба да се преземат од ВМРО, борбата против врховистите и нивните чети, грчките андарти и др. Биле донесени и одлуки за кадровски поместувања. Околискиот војвода Наце Катин-Бабунски, кој дотогаш бил во реонот на П`п`жани, бил назначен за околиски војвода во реонот на селото Баница. И други војводи биле разместени по други реони.

Сменетиот војвода Ѕоле Ѓерѓев, од лични причини и повредена суета, одлучил да го ликвидира војводата Наце Катин - Бабунски, затоа што само така би ја задржал функцијата.

Го наклеветил Бабунски дека е соработник на андартите и дека е откриено писмо со кое се потврдува тоа. Војводата Ѓерѓев со оваа клевета излегол пред месниот револуционерен комитет од Баница во чиј состав биле претседателот Ристо Поп Јачев и членовите: Коле Јанин, Дине Малинов, Стате Ташев и Типе Дајков.

Кога го побарале писмото од Ѕоле Ѓерѓев, тој им одговорил дека како доказ, веднаш го испратил во Софија, кај Централниот

комитет на ВМРО, по Богле Ташев, со цел да се преземат итни мерки за предавството.

Членовите на Месниот комитет му поверувале, бидејќи сите му биле блиски луѓе и донесле пресуда: Војводата Наце Катин–Бабунски се прогласува за предавник и се осудува на смрт. Пресудата веднаш стапува на сила.

Војводата Ѕоле Ѓерѓев не чекал, веднаш го повикал својот телохранител, комитата Ило Которкин, и комитата Мицо Сариев, двајцата од Баница, за да ја извршат пресудата, да го убијат Бабунски. Комитата Сариев побарал објаснување и Ѓерѓев му ја раскажал истата приказна, а по барањето на писмото како доказ, војводата му рекол дека ќе го даде на увид по извршувањето на задачата.

На 7 март 1908 година во утринските часови во село П`п`жани, Леринско, каде што престојувал Бабунски, пристигнале Ило и Мице и се поврзале со Кире Качоров, комита од обезбедувањето на Катин, го запознале со целта на доаѓањето, па тој ги однел во куќата каде што престојувал војводата Бабунски кој срдечно ги примил и ги нагостил. На испраќање, на прагот од вратата, комитата Ило Которкин, од зад грб, со пиштол со еден куршум од непосредна близина пукал во главата на Наце Катин кој паднал смртно погоден пред нозете на комитата Мице Сариев. Веднаш побегнале додека не преземе нешто обезбедувањето бидејќи и Кире Качоров заминал со нив.

Војводата Ѓерѓев ги ликвидирал и извршителите на пресудата (грозниот чин) над војводата Бабунски, бидејќи немал голема доверба во нив. Останал жив само Ило Которкин во кого имал доверба. Комитата Ило Которкин не е виновен по ова обвинение, одговорен е Ѕоле Ѓерѓев. Телохранителите на војводата Катин ја расветлиле вистината за неговата смрт - убиство, за убиството на омилениот војвода и деец кој 16 години се борел за слобода на независна автономна Македонија. Таков бил мојот дедо, војводата Наце Катин, кој зад себе ја оставил жената Мара со три сина: Стојче, Лазо и Славе, сите малолетни. Стојче умрел 1910 година во Со-

лун, добил гангрена по повреда на ногата работејќи на пругата Битола-Солун. Бил женет, но немал деца.

Синот Лазо го прогонувале грчките андарти и за да го заштитат, неговите чичковци го испратиле во Франција на работа во 1918 година, каде што останал до 1920 година. Кога се вратил во Баница се оженил со Марија Малинова. Добил покана за војска, но служел 8 месеци бидејќи бил хранител на семејството. Кога се вратил од војска се вработил како селски чувар заедно со Тренде Малинов. Му се родиле два сина Богле и Наце – Атанас и една ќерка Хрисанда. Во 1928 година заминал за Канада. Во 1947 година ги повлекува жената и ќерката заедно со жената на постариот син Богле кој во тоа време бил интерниран на Ксиромско од монархофашистичката власт, а по ослободувањето во 1951 година и тој заминал за Канада. Синот Атанас - Наце е учесник и организатор на НОБ од 1941 година и се префрли во Југославија заедно со партизанските единици што влегоа во Првата македонска народноослободителна ударна егејска бригада, а по нивното расформирање во ЈНА, останува да живее во Македонија.

Славе најмалиот син имал само 6 месеци кога бил убиен неговиот татко, војводата Наце Катин. Поради големиот терор од страна на грчката власт, братот Лазо го повлекува во Канада во 1948 година. Во 1950 година си ја повлекува целата фамилија во Канада. Славе загинал на мистериозен начин во сообраќајна несреќа во Торонто 1975 година.

Посмртните останки на Наце Катин и жена му Мара, која умрела во 1942 година, од с. П'п'жани каде што биле погребани, со нови почести во 1947 год. синовите од САД, повторно ги закопале на селските гробишта во Баница.

Ѕоле Стојче Ѓерѓев е роден во Баница 1872 година. Потекнува од сиромашна работничка фамилија. Основно црковно училиште завршил во Баница, а учител му бил Димитар Марков од Битола. Кога пораснал бил селски чувар – пољак. Кога во селото дошол инструкторот на организацијата ВМРО, војводата Марков (Ѓорче

Петров) во 1896 година, Ѕоле меѓу првите се приклучил во движењето. Ѕоле Ѓерѓев во 1897 година формирал своја комитска чета и станал војвода во баничкиот реон и околните села. Во 1905 година бил избран за околиски војвода во реонот Лерин – Кајлари и примен за член во окружниот револуционерен комитет во битолски вилает. Сите чети во овој реон биле под негова команда. Ѕоле Гергев на прекар го викале Атен-паша и бил страв и трепет за Турците, Грците, Бугарите и сите нивни јатаци и соработници во Леринско.

Соработката и дејствувањето на сите војводи во Битолскиот вилает и пошироко биле добро организирани и сите поголеми акции ги изведувале заедно. Најблизок соработник и пријател му бил војводата Наце Ѕолев Катин. Може слободно да се каже дека војводата Ѕоле Ѓерѓев учествувал во сите борби и акции кои се спомнати во активноста на војводата Наце Катин.

Убиен е во Лерин, во меаната на Петре Драмно кој бил член на ВМРО. Застрелан бил од Панде Геле Ничов од селото Баница, поради крвна освета за неговиот татко Геле Ничов кој од ВМРО бил осуден на смрт за предавство. На Панде му помагал еден турски платеник Сатаринтин, полјак од с. Воштарани – Леринско. Двајцата испукале по еден куршум од прозорец. Акцијата ја испланирал генералниот штаб на грчките андарти во Атина. Веста за ова подмолно убиство на војводата Ѕоле Ѓерѓев била пренесена во градот и Леринскиот округ, до неговата најблиска фамилија во родното село Баница, жената и двата сина Тане и Славе Ѓерѓев.

Посмртните останки на војводата Ѕоле Ѓерѓев со сите почести биле погребани во црквата „Св. Ѓорѓија“. Тој беше борец за социјална и економска правда и независна самостојна и слободна Македонија. Неговите злосторници останаа неказнети. Негова грешка беше една - Бабунски.

Војводата Гиче Џорлев е роден 1870 година во село Баница, Леринско, во земјоделско семејство.

Леко Џорлев, како член на организацијата ВМРО, во 1898 година собрал своја комитска чета од баничани и станал војвода.

Негов терен на дејствување биле Бошарчани, Крушоради, Сетина и Миокази. Соработувал со другите војводи од Леринско и од Битолскиот вилает, особено со војводата Наце Катин и Ѕоле Ѓерѓев. Тие сè почесто дејствувале заедно и воделе борби и други акции против турската власт и против грчките андарди и бугарските врховистички контрачети.

Пролетта 1903 година во село Долно Врбени, Леко го заробила турската војска која го осудила на доживотна робија во Дијарбекир - Мала Азија. По победата на Младотурската револуција – Уриетот, летото 1908 година го пуштиле од затвор. Кога се вратил, на железничката станица во село Баница го пречекале со сите воени почести војводите Ѕоле Ѓергев, Тане Канчев и други војводи со своите комитски чети.

Најверојатно во Дијарбекир, Мала Азија, Леко Џорлев се запознал со врховистите и потпаднал под нивно влијание заради што пропагирал соработка со Бугарија. Според истражувањето на стариот револуционер Стате Борлев од Баница, војводата Леко Џорлев почнал да го поткопува движењето во интерес на врховиститe. Заминал од Баница и никогаш повеќе не се вратил во родниот крај. На мистериозен начин бил најден задавен во својот стан во Софија.

## Развојот на движењето и организацијата на ВМРО во периодот 1900-1903 година

Во 1900 година ВМРО во село Баница имала широки размери и биле опфатени сите машки лица, што значи дека била масовно прифатена од населението. Баничките војводи, покрај горе-споменатите и војводата Леко Џорлев, практично го имале поголемиот дел од Битолскиот вилает во своето дејствување. Тие биле први организатори на движењето на организацијата ВМРО и први вооружени комитски чети во Битолскиот вилает .

Во селото Баница постоел Месен револуционерен комитет на ВМРО во состав:

- претседател : Вангел (Геле) К. Ничов
- членови : Кире К. Кочев, Трајко Куртев, Дине Малинов и Коле Јанин, одговорен за безбедноста.

Сите споменати лица биле со авторитет и углед, со голема совест и со љубов ги извршувале поставените задачи од организацијата. Овие лица го шереле движењето во околните села и формирале организации на ВМРО и вооружени комитски чети. Во Горничево се формирала чета на чело со војската на Тане Канчев-Грозниот кој бил страв и трепет за Турците и другите непријатели на македонскиот народ.

Во 1903 година е одржан Смилевскиот конгрес на кој учествувал околискиот војвода Наце Катин.

По враќањето од Смилевскиот конгрес, војводата Наце Катин дошол во своето родно село, одржал состанок со Месниот комитет и ги запознал членовите со одлуката и другите заклучоци за организираното востание.

На 20 јули (2 август по старо) 1903 година на самиот ден Илинден избувнало Илинденското востание. Сите чети во Леринскиот округ и во Битолскиот вилает активно учествувале во Илинден- ското востание. Наполно биле уништени сите турски села и војската стационирана по селата. Сите чети се упатиле кон градот Невеска и по неколкудневна борба, турската војска го предала градот.

За време на Илинденското востание во реонот на село Баница дејствувал војводата Панде Клашов. Според искажувањата на покојниот илинденец Ило Дајков и стариот револуционер Стате Боглев, четата на војводата Пандо Клашев го чувала крстопатот Лерин-Кожани, Лерин-Солун и Баничко-Церовска клисура за да го спречи доаѓањето на Турците од правецот Кожани-Битола и Солун-Битола.

Четата на Тане Канцов-Грозниот ја запоседнала Бигла кај Горничево за да го спречи доаѓањето на Турците од правецот Со-

лун-Битола. Меѓутоа, иако овие чети одиграле голема улога во обезбедувањето на овие главни воени стратегиски правци, се смета дека овие единици немале активно учество во Илинденското востание.

На овие комитски чети подоцна им забележале дека не го дигнале месното население и не ги активитрале резервните комитски чети што биле формирани во Баница и Горничево за да учествуваат во востанието.

## Положбата во редовите на ВМРО по Илинден 1903 година

По задушувањето на Илинденското востание почнале тешки денови, како за населението така и за комитските чети. Претстоел период на консолидација во редовите на организацијата на ВМРО, подигнување на политичкиот и психолошкиот морал на населението, обнова и изградба на запалените села и куќи. За сето тоа морала да води сметка организацијата на ВМРО и раководителите во селата и градовите. Требало да се зголеми воено-политичкиот морал на комитите и да продолжи комитското војување, да бидат постојано во готовност и да напаѓаат таму каде што не се надева непријателот, да му се нанесат што поголеми штети, човечки и материјални. Тоа значи постојано да се во движење. Револуционерната активност да продолжи со борба до конечна победа и ослободување на Македонија од турското ропство и создавање на независна самостојна македонска држава.

Селото Баница не било уништено во Илиндендското востание, ВМРО и новоизбраниот Месен револуционерен комитет во кој, покрај Коле Јанин и Дине Малинов од стариот состав, влегоа Ристо Поп Јовчев за претседател, Стате Стојан Ташев и Тине Дајков за членови, веднаш ја продолжиле својата револуционерна активност и борба за слобода.

### Борбата против врховистите и грчките андарти

За македонското население дошле уште потешки денови. Бугарите испратиле свои вооружени чети во Македонија наводно да им помогнат за консолидација на организацијата, да го подигнат моралот на населението и да водат борба против активните грчки андарти кои во овој период започнале голема политичка и воена активност во Леринскиот округ.

Македонските комитски чети воделе успешна борба на сите страни, против турскиот аскер, бугарските контрачети и грчките вооружени евзони – андарти.

Во периодот меѓу Илинденското востание и Младотурската револуција – Уриетот, активноста на баничките комитски чети била голема. На овие чети им се препишува блокирањето на селата Врталом и Негован, од страна на војводите Наце Катин и Ѕоле Ѓерѓев заедно со другите војводи и околу 300 комити, кои ги палеле куќите на јатаците и ги убивале затекнатите андарти во селата.

Им се заканувале на андартите од селото Петерско дека ќе го запалат селото доколку продолжат со својата активност, а селаните што ги помагаат андартите ќе ги убијат.

Во тој период овие чети воделе борби со турските аскери во селата Долно Врбени, Борешница, Плишејца, Клештина, Арменоро, П'п'жани, Був, Котори, Горничево, Баница, Церово и други места.

Во почетокот на пролетта 1907 година се зголемила активноста на андартското движење и влијанието на Патријаршијата и грчката црква. Андартското движење врбувало членови на одделни македонски домаќинства, од сите села, а ВМРО и комитетските чети ги казнувале со смрт предавниците.

Во село Баница 1903 година поради предавство биле убиени: Вангел (Геле) Ничов, Кире Кочев и Трајко Куртов.

Во сомнителните лица за соработка со грчките андарти бил и Ставре Дафо Кочев роден во село Баница. Тој бил во црковниот

иницијативен одбор за изградба на црквата „Св. Петка". За да ги избегне последиците и одговорноста, бидејќи дотогаш бил активен член на организацијата ВМРО, во 1905 година заминал за Америка. Се утврдило дека соработувал и со грчките андарти. Воениот суд на комитите донесол одлука да биде ликвидиран и пратил извршители дури во САД, но не го нашле, само потврдиле дека и во туѓина работи за андартското движење.

Во овој период Грчката патријаршија и Бугарската егзархија вршеле и друга активности. Тие настојувале да ги придобијат учителите и свештените лица во селата за ширење на грцизмот, односно бугарштината. Меѓутоа, во периодот до 1907 година немале успех во село Баница иако тука имало повеќе учители и свештени лица. Така се спомнуваат учителите Дине Џоргов од село Баница, Димитар Марков од Битола и други. Од свештените лица се спомнуваат Дине Поп Динев, Поп Петре Перов, Поп Филип Гонев, Поп Јоан Дајков, сите од село Баница, Поп Дине Станболиев од Скопје и други.

Од Патријаршијата – грчката црква во 1907 год. бил врбуван учителот Дине Џогов кој отворил училиште на грчки јазик, а го посетувале 8-10 ученици. Поп Дине Стамболиев бил врбуван од егзархистите и во 1908 год. отворил училиште на бугарски јазик кое го посетувале 20-30 ученици. Значи, во овој период работеле паралелно 3 училишта, а најмасовно било посетувано училиштето на црковниот словенски јазик. Грчкото училиште го затвориле, а книгите биле јавно изгорени на 24 јуни 1907 година. Повторно со дозвола од турските власти било отворено во 1909 година.

Со цел да го заплашат македонското население, во декември 1907 година грчките андарти го запалиле македонското село Лубетина - Соровичко, кое било едно од најреволуционерните села. Целото население било организирано и членувало во ВМРО, значи било комитско село. Покрај изгорените куќи, загинале доста жени и деца, а мажите давал вооружен отпор на андартите овозможувајќи да се повлече од обрачот поголем дел од населението и да

го спаси голиот живот. Во оваа акција, според тврдењето на очевидци, учествувал и предавникот Гоне Колеров.

На селото Баница и на баничани андартите не можеле да им направат ништо бидејќи тука постоеле три комитски чети со околиските војводи Катин, Ѓерѓев и Џорлев. Меѓутоа, тие се служеле со други методи и сè почесто го следеле движењето на баничките комитски чети известувајќи ја турската војска. Таа, пак, веднаш праќала потера која го блокирала селото, вршела претрес по куќи и бидејќи не наоѓала никој, го малтретирала населението и вршела многу зулуми.

Во септември 1907 година четата на војвода Ѕоле Ѓерѓев се судрила со турската војска во близина на село Баница во месноста Нерезите. Во борбата се затекнал и бил убиен Наце Куртов, стар илинденец, учесник на движењето и член на Месниот револуционерен комитет во с Баница. Во пролетта 1908 година андартите го запалиле селото Лесковец-Леринско. Населението дало вооружен отпор, меѓутоа непријателот бил понадмоќен и успеал да го запали селото.

За жал, мораме да кажеме дека андартското движење имало продолжена рака и меѓу емиграцијата, а дел од нашите луѓе потпаѓале на нивното влијание и се враќале за да им се приклучат. Еден од нив е Леко Колеров кој во април 1908 година се вратил од Америка (синот на Трифун Колеров, кого комитите го убиле за предавство во 1907 година) како доброволец со цел да стапи во редовите на грчките андарти и да се одмазди. Со себе го донел и својот внук од сестра Стефо Кочев, млад интелектуалец. Меѓутоа, Леко Колеров во Солун на мистериозен начин умрел во хотелот. Се смета дека бил отруен од член на ВМРО или од некој комита кој патувал со нив на бродот. Според други, дека го фатила морска болест и од тоа умрел. Стефо Кочев се вратил во селото и почнал да се занимава со учителска дејност на грчки јазик, а во 1920 година се запопил и станал свештено лице.

Во мај 1908 година, грчките андарти го нападнале селото Екшисо - Горно Врбени. Населението дало вооружен отпор и не доз-

волило да влезат во селото. Навремено била известена турската војска која била во непосредна близина на селото. Тие во тој период се бореле против андартите, штитејќи си ги освоените села. Стапиле во акција, ги нападнале грчките андарти и ги принудиле да отстапат и да се повлечат во Радошката Планина.

## Младотурското движење – Уриетот 1908 година

Во јули 1908 година избила Младотурската револуција -Уриетот. Тогаш се смириле сите завојувани страни во Отоманското Царство. Во Битолскиот вилает била склучена спогодба за примирје меѓу турскиот паша и Окружниот револуционерен комитет. Во Битола се одржала голема воена парада во која, покрај регуларната турска војска, учествувале и сите комитски чети на чело со своите околиски војводи и војводи од Битолскиот вилает. Битолскиот паша приредил голем прием и гозба за сите присутни на прославата која траела до вечерните часови.

Привидното примирје не траело долго време. Турската власт во соработка со штабовите на грчките андарти се нафрлила на македонското население и против неговите војсководци и раководни луѓе на ВМРО. Турците сакале да ги држат во покорност околиските и реонските војводи и нивните комитски чети бидејќи биле свесни дека се распаѓа Отоманското Царство. Грчките андарти со своите големогрчки освојувачки мегаломании сакале да го запустат македонското движење и во тоа наоѓале заедничка цел. Карактеристично е тоа што во тој период ослабела активноста на бугарската пропаганда.

Во овој период околиските војводи Ѕоле Ѓерѓев и Тане Канчев-Грозниот побарале од турските власти да се уапси андартинот Капетан Ставро Кочев од село Баница поради злосторствата направени над македонскиот народ, за убивање на голоракото население, особено жени и деца. Турската власт во август 1908 година издала налог и го уапсила грчкиот андартин, капетан Ставро Ко-

чев, Македонец, кој работел за грчки и свои интереси. Турскиот воен суд по спроведената истрага го осудила злосторникот на доживотна робија. По неколку дена андартинот, капетан Ставро Кочев, на мистериозен начин бил пуштен од затвор, под изговор дека избегал со поткуп на некои од турските чувари и заминал во САД.

По смртта на баничките војводи, била извршена реорганизација на комитските чети, и тоа:

- искусниот комита и стар илинденец Ило Которкин бил избран од четата и поставен за војвода на местото на Ѕоле Ѓерѓев;
- четата на Наце Катин ја презел Ристо Пејо Јовчев и бил назначен за војвода;
- Мице Јанин-Мискарот од новиот прилив на комити формирал трета чета и станал војвода. Се раскажува дека оваа чета порано ја водел и бил војвода Ѓорѓи Јанев-Дујо, кој поради убиство бил осуден на робија и испратен на издржување на казната.

Сиве овие чети биле составени од баничани и дејствувале во Леринскиот округ, борејќи се со андартите и Турците.

Војводата Ристо Јовчев на 1 јуни 1910 година водел голема битка со непријателот. Со него биле комитите Дине Ничев и Ѕоле Луманов. Сардисани, воделе огорчена борба со надмоќниот непријател сè додека војводата Ристо Јовчев не бил смртно погоден. Комитите Дине Ничов и Ѕоле Луманов биле заробени од грчките андарти и со часови сослушувани и мачени за да ги кажат имињата на другарите, но не ги предале. Биле стрелани со извикот: „Смрт или слобода“.

По загинувањето на војводата Ристо Јовчев, комитите се поделиле и се приклучиле кон четата на Ило Которкин и Мице Јанин-Мискарот.

За да го заплашат населението во Баница во мај 1911 година група андарти на капетан Ставро го убиле коџобашијата (претседател на месната власт) Стате Стојан Ташев, родум од Баница, стар револуционер, претставник на Македонската православна црква во Лерин. Го викале архимандрит (учител на старословенски јазик).

Учествувал на повеќе советувања и собири на ВМРО, член на Месниот револуционерен комитет во Баница и член на Окружниот револуционерен комитет во Битолскиот вилает. Андартите нему му препишуваат дека бил еден од организаторите на движењето на ВМРО во Баница и Леринско, што е точно. Учествувал во многу акции што ги организирале и воделе комитите против андартите кои го обвинувале дека бил учесник и во акцијата за уништување и палење на грчките црковни и други книги во Баница на 24 јули 1907 година. Тие го обвинувале и за убиството на Геле Ничов, Кире Кочев и Трајко Куртов сите од Баница, обвинети од комитите за предавство и стрелани. Во овој период се убиени од андартите старите револуционери и илинденци: Филип Шушарев и Коле Неделков од Баница.

Поради засилената активност на андартите, во летото 1911 година населението и месната власт во село Баница побарале посебна заштита од турската власт, па Изет-паша испратил еден баталјон турска војска која крстарела по полето и обезбедувала населението да го пожнее житото и веднаш да го донесе дома бидејќи им го палеле андартите.

Во 1911 година андартите ги клевételе угледните личности и револуционерите – илинденци кај турската власт дека не се задоволни од Отоманското Царство и дека подготвуваат востание против турскиот поредок. Турската власт испратила војска, го блокирала селото Баница и ги уапсила следните лица: Мице Хрисавов, Пецо Хрисавов - Врагов, Леко Боглев, Тине Дајков, Ристо Перов, Коле Јанин, Петко Џугоманов и Перо Попов.

Биле спроведени во битолските зандани, изведени на суд и осудени на долгогодишна робија. Ослободени се по доаѓањето на српската војска во Битола, во ноември 1912 година. Во Баница е убиен стариот револуционер и илинденец, татко на војводата Леко Џорлев, Ѓорѓи (Ѓиче) Џорлев. Според тврдењето на грчките андарти, го убил Дине Кочев осветувајќи го својот татко убиен од војводата Леко Џорлев. Иако имало очевидци кои знаеле кој е

убиецот, пред турските иследни органи никој не сакал да каже стравувајќи од освета.

Теророт во Баница продолжил. Комитските чети се распаѓале и не можеле да му пружат помош на народот. Многу семејства биле принудени да се ориентираат кон грчката црква и своите деца да ги праќаат во грчкото училиште кое било отворено есента 1912 година. Училиштата со настава на старословенски јазик ги затвориле и андартите ги запалиле сите книги. Комитските чети се движеле по територијата под контрола на српските војски. Тие биле сè помалку бидејќи голем број паднале под влијание на врховистите и преминале во нивните редови. Веднаш биле упатувани во Бугарија да се превоспитаат и да спроведат посебна обука и повторно ги враќале вооружени во Македонија. Тие биле убедени дека без помошта на Бугарија, Македонија не може да се ослободи и затоа ќе треба сите комитски чети да се придружат кон регуларните бугарски војски кои ќе помогнат за ослободувањето на Македонија.

Во летото 1912 год. 35 000 турски војници под команда на Џавид-паша тргнале од Битола кон Сорович. Во тој период постоел балкански сојуз меѓу Грција, Србија и Бугарија за борба против Турците и Отоманската Империја која се распаѓала. Во Баничко-церовската клисура турските војски ги пречекала Петтата грчка дивизија, а од север српската војска и тука се развила крвава борба во која изгубила турската војска. Населението од Баница било евакуирано на разни страни. По победата на сојузничките сили во оваа борба населението се вратило дома, но селото било опустошено и изгорено. Околу 600 семејства останале без покрив над главата.

Воените дејства продолжиле по еден месец, по прегрупирањето на турските војски и добиените засилувања од териториите од кои се повлекувале од север по налетот на српските војски. Населението неколкупати се повлекувало и го напуштало селото и тоа траело до ноември 1912 год. кога конечно Турците се повлекле и народот се ослободи од турската власт. Турција потпиша спогодба и се повлече од Балканот. Населението се вратило во своите

домови и веднаш започнало со обнова и изградба на урнатите куќи покажувајќи солидарност.Сите куќи ги граделе колективно.

Во периодот кога се одвивале меѓувоените дејства меѓу сојузничката војска и турските војски во втората половина од 1912 година андартите покажале голема активност, а комитите се повлекле на териториите под контрола на српските војски.

Баничката чета на Ило Которкин и Мице Јанев–Мискарот, бидејќи немале услови да опстанат во реонот на село Баница, се повлекле во Воштарени, каде што биле српските војски, а подоцна во Живојно. По налог на ВМРО, а веројатно тука биле вмешани врховистите, четите се расформирале и комитите можеле да одат каде што сакаат, или дома или за Србија или за Бугарија. Повеќето комити уште малку се задржале во Воштарени и Живојно и се вратиле во Баница. Војводата Ило Которкин и комитите Дине Неделков, Мице Зисков и Ило Дајков заминале за Битола и тука останале да живеат. Војводата Мице Јанев–Мискарот и група комити заминале за Бугарија. Ова бил крајот и ликвидацијата на последните банички комитски чети.

Комитата Ило Дајков од Битола во 1920 година се врати во с. Баница каде што ја продолжи својата активност. За време на грчкото владеење беше прогонуван и затворан. Учествуваше во НОБ 1941 – 1944 година и на чело на колоната ги предводеше своите селани на големата прослава по повод ослободувањето на градот Лерин во 1944 година. Во 1945 со своето домаќинство се пресели и остана во Битола каде што доживеа длабока старост и почина во 1955 година Беше погребан со сите почести на илинденец.

Војводата Ило Которкин останува во Битола до 1926 година кога една ноќ заедно со некој Героски од село Ајтос - Леринско преминува преку граница, доаѓаат во Лерин и фрлаат бомба во хотелот „Диетнес“ каде што живееле воени и други грчки функционери. Предизвикана е голема материјална штета, а имало и жртви. Вечерта се враќа во Битола и оттука заминува за Софија – Бугарија. Умре во длабока старост во Бугарија.

Комитите Дине Неделков и Мице Зисков си ги повлекоа своите домаќинства од Баница во Битола и таму живееја и умреа во длабока старост, користејќи ги благодатите на СР Македонија како илинденци со обезбедени илинденски пензии.

Веднаш по ослободувањето од Турците, во декември 1912 година во Баница пристигнува капетан Ставро со група андарти. Го претепува селскиот учител Папа Констандинов, роден во Острово – Воденско и забранува настава во училиштето на старословенски јазик.

Отвора грчко училиште и наредува сите деца да ги праќаат на училиште. За учител на училиштето го назначуваат Стефо Дафо Кочев од Баница кој завршил богословија на Св. Гора.

Попот Стамболиев, родум од Скопје, добива наредба да го напушти селото и уште истата вечер андартите поп Стамболиев го бесат во неговиот дом и прогласуваат дека се самоубил.

Во 1913 година околискиот војвода Чакаларов од Костурско со чета од 60 комити, војводата Ристо Попов од Позивишта со 12 комити и други 8 војводи и комити преминуваат од територијата под команда на српската војска на територијата под контрола на грчките војски и андартите. Целта на комитите им било да го подигнат моралот на населението во Леринско и Костурско, а истовремено да го заштитат од нападите на андартите. Четите ги сочинувале искусни и храбри комити, а биле и добро вооружени.

Успешни биле во многу битки со андартите што ги раководел поручникот на регуларните грчки војски, Костандинос Варфис. Братоубиствената војна продолжувала затоа што многу Македонци се приклучиле во андартските чети, меѓу кои и: Богле Колеров, Мице Робев, Васил Робев и Ило Ристо Рапов, сите од Баница. Богле Колеров, раководителна една од групите, во една битка бил ранет и им подлегнал на раните, а смртоносните куршуми во него ги истрелал комитата Ило од Долно Врбени.

Андартот Гоне (Богле) Колеров особено го величеле грчките власти. Подлегнал на раните од сонародниците на 7 јули 1913 година.

За судбина на војводата Ристо Попов и неговата чета, ништо не се знае. Се претпоставува дека била расформирана, а комитите заминале за Србија или Бугарија. Според друга верзија, војводата Ристо Попов со својата чета и другите војводи, по секојдневните битки со андартите, продолжиле кон планината Радуш и во близина на планината Кисељак во атарот на Екшисо се судриле со друга група грчки андарти и тука загинал. Местото каде што е загинат и месноста се вика гробот Попов, што се смета за поверодостојно.

Пред него или, пак, истовремено настрадал и војводата Чакаларов, кој со својата чета се упатил на зборното место Синак, на средба со војводата Ристо Попов. Продолжиле заедно, но некој овчар кој ги видел, слегол во селото Врталом и ги известил грчките андарти стационирани во ова село.

Тргнала голема потера која ги пристигнала на планината Кисељак над селото Екшисо, каде што биле улогорени да одморат по напорните борби и долгиот засилен марш. Изненадени од грчките андарти и регуларните грчки војски, кои биле многубројни, биле опколени, разбиени и убиени. Само мал број комити останале живи и тие биле заробени или тешко ранети. Во оваа борба загина и прочуениот легендарен околиски војвода Чакаларов. Со своите верни комити, го положи својот живот за слободата на македонскиот народ и независна Македонија. Ранетите комити биле стрелани од андартите кои имале и големи загуби и ранети. Според раскажувањето на некои илинденци, имало повеќе од триста загинати и околу двесте ранети андарти и војници. Борбата била жестока и траела 48 часови и се одвивала повеќе гради во гради човек на човек. На мал простор имало над петстотини мртви тела и река крв течела по долините и височините на оваа планина.

# БАНИЦА ВО ВРЕМЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1913 – 1918 )

## Учеството на баничани во овие војни

Првата балканска војна е објавена на 4 (17), односно на 5 (18) октомври 1912 година, кога сојузничките војски - српската, бугарската, грчката и црногорската војска - и нанесоа тешки загуби на турската војска, поради што Турција беше принудена да бара примирје ( 4 декември 1912) и овие последни битки се водеа во атарот на селото Баница. Војната со Турција правно беше завршена со склучениот Лондонски мировен договор од 17 (30) мај 1913, со кој територијата на европскиот дел на Турција им се отстапуваше на сојузниците без притоа да се одредат нејзините граници. Договорот за мир од 1913 година меѓу балканските сојузници, таканаречениот „Букурешки договор", ја доведе Македонија во нова положба, при што беше поделена и анектирана од Бугарија, Србија и Грција, а таа поделеност засекогаш требаше да ја спречи борбата на македонскиот народ за остварување на своето право за самоопределување и за сопствен државно-правен развој. Меѓутоа, настанаа меѓусебни недоразбирања која од нив да задржи и заземе поголем дел од Македонија.

Во 1913 год. Србија и Грција склучуваат сојуз и на 29 јуни 1913 год. ѝ објавуваат војна на Бугарија. Така започнува Втората балканска војна, а причината е поделба на Македонија. Регуларната грчка војска пристигнува во Лерин и Леринско и ги запоседнува сите военостратегиски места, особено во Баница. Тешката економска и политичка ситуација станува уште потешка.

Грчката војска врши присилна мобилизација по македонските села и ги пополнува своите воени единици. Од Баница се мобилизирани 25 лица и испратени во посебни центри за обука. Ги обучувале набрзина, а потоа ги испраќале на фронтот против Бугарите.

Во 1915 год. Македонците почнале масовно да дезертираат од грчката војска и да бегаат во Бугарија. Тие што бегале во Србија биле уапсени и враќани на грчката власт, ги изведувале пред воениот суд и ги стрелале.

Од грчките андарти, веќе регуларна војска , успеале да дезертираат и да пребегнат во Бугарија следниве баничани: Лазо Гогов, Кице Гогов, Панде Перов, Панде Алушев, Лазо Цугоманов, Тоне Рапов, Кире Јанин, Пандо Малинов, Ристо Кочев, Ило Неделков и Кице Чорлинов.

Сите баничани што избегале во Бугарија останале таму да живеат. Се плашеле да се вратат во родниот крај бидејќи знаеле дека ги чека воен суд. Во 1920 год. Ило Неделков и Кице Чорлинов се вратиле од Бугарија во Баница. Грчката власт, сега дефинитивен окупатор на овој дел од Македонија, не презема санкции против овие лица, односно ги амнестира и ги ослободува од одговорност и дезертерство.

Од 1915 до 1918 год. во леринскиот крај на сојузниците, Грците и Србите, им се приклучуваат и Французите. Во Баница поради стратегиската положба се сместил францускиот оперативен воен штаб. Во близина на селото наречено Падините била изградена голема воена француска болница во која биле прифаќани сите болни и ранети од фронтот.

Грчката власт не мирувала, а помагана од некои гркомани (Македонци кои од лични интереси преминале на грчка страна) правела сѐ за да го задуши македонското револуционерно движење во Баница. Ги издавала чесните македонски револуционери и илинденци кај францускиот оперативен воен штаб кој ги сослушувал, ги мачел, тепал и ги затворал во воен затвор, а ги интернирал и во француските затвори во Франција. Во 1915 год. биле интерни-

рани следниве лица: Пеце Хрисафов, Коле Малинов, Мице Хрисафов, поп Филип Попов, Филип Дафов, Лазо Дафов, Мице Гогов, Дине Абов, Наце Зисков, Филип Абов, Нунче Абов и Васил Зисков.

Сите наведени лица во Франција биле изведени пред воен суд. Васил Зисков бил осуден на смрт и стрелан, а другите биле осудени на временски долгогодишни казни. Сите биле обвинети за подривање на воениот поредок и предавство во корист на другата странска земја, бидејќи биле наклеветени дека работеле за Бугарија. Сите биле членови на ВМРО, учесници во Илинденското востание и членови на револуционерни комитети, значи чесни Македонци кои се бореле за слободата на својот народ и за назависност на Македонија.

Во француските затвори условите за живот биле многу тешки. Принудната работа траела од 15 до 18 часа дневно, а за ситни грешки и недисциплина биле сурово казнувани и тепани. Суровоста и мачењата на затворските органи не ги преживеале Наумче Абов и Филип Абов. Умреле во затворите на Франција. За нивната смрт француската власт воопшто не ги известила нивните семејства во Баница кои од денот на апсењата во 1915 год. не знаеле ништо за нивната судбина и ги сметале за мртви бидејќи од затворите не им било дозволено да се јавуваат на своите семејства.

Кога завршила Првата светска војна, тие што преживеале во затворите биле пуштени на слобода и се вратиле дома. Тогаш семејствата дознале за смртната пресуда на Васил Зисков и за смртта на Наумче Абов и Филип Абов. Преживеаните робијаши раскажувале за страдањата што ги преживеале во затворите на смртта поради што никој не можел да ги препознае. Биле коски и кожа и изгледале како старци од 100 години, во робијашки алишта со стотици крпи на нив. За да останат живи, им требала долгогодишна посебна нега и лекување на раните што ги имале.

Пролетта 1915 година во бугарската војска стапил само еден баничанец, Ѓорѓи Јанчев кој се борел на страната на Бугарија на Кајмакчалан. Есента истата година Ѓорѓи се вратил на 15-

дневно отсуство во Баница и од непознати причини не се вратил во редовите на бугарската војска. Бугарската војска го уапсила Ѓорѓи Јанчев, го спровела како дезертер и во близина на Битола го убила под изговор дека се обидел да избега. Зад себе ја оставил жена си Магда и двата сина, Наце и Крише. Ова злосторство на бугарските војници остана неказнето.

## Баница во оперативната воена зона на фронтот

Карактеристично е дека во периодот од 1912 година, од почнувањето на Балканските војни, до крајот на Првата светска војна, целото работоспособно население од Баница и од околните села насилно било мобилизирано и учествувало во работите за изградба на воено стратегиски патишта, утврдување и копање на ровови, складишта, болници и др. воени објекти. Ги мобилизирале со своите запрежни коли за дотур на муниција, храна и др. воена опрема на фронтот, а оттаму ги преземале тешко ранетите војници и офицери и ги пренесувале до француската болница во околината на Баница. Масовно учествувале и мажи и жени кога ги закопувале загинатите сојузнички војници и офицери на фронтот.

Во овој период сите воени дејства се одвивале во непосредна близина на селото или во самото село. Поради стратегиската положба, Баница често преминувала од едни раце во други. За тоа време населението било евакуирано во подалечните села на југ, од Сорович до Кожани и на север до Воштарани и Живојно. Селото било неколкупату разурнато, палено и повторно обновувано и изградено на истото место. Имало настојувања да го раселат населението по другите села во Леринскиот округ и им пречеле при обновување на селото со изговор дека очекуваат нови воени дејства и нови разурнувања. Селаните не се предавале. По завршувањето на воените дејства веднаш го обновувале и граделе куќи и др. помошни простории. Постоела голема солидарност и заемна помош при обнова на селото.

Се појавиле и многу заразни болести кај војската кои се пренесувале на населението. И покрај лекарската помош од француската болница, многу селани умреле од тифус и други заболувања, а често и по неколку членови од семејствата.

### Баница во времето по Првата светска војна

По завршувањето на војната и поделбата на Македонија на три дела, Баница останала на грчка територија. Имајќи ја предвид револуционерната дејност на ова село во периодот од 1892 до 1919 година, за населението настапиле тешки денови. Почнале прогонства против семејствата на учесниците во Илинденското востание, особено на оние што избегале во Бугарија. Тие семејства биле принудени да го напуштат родното место и да им се придружат на своите членови во Бугарија или во Србија. Селото во последните воени дејства во 1918 год. било разурнато и запалено до темел и обновата почнала без помош од новата грчка власт. Настанал општ глад бидејќи целата реколта била одземена од воените власти за потребите на војската. Населението немало семе ни за да посее и во наредниот период да обезбеди жито. Се трошеле последните бели пари за црни дни, оделе по пазарите и по високи цени купувале жито, што значи цветала црната берза. Селаните барале заем и за една ока (1200 грама) давале 2 до 3 оки од новата реколта од наредната година. Така почнал новиот макотрпен живот на населението. Илјадници хектари шуми биле опустошени, исечени и изгорени за потребите на војската во атарот на Баница, па и градежниот материјал станал проблем. Многу шуми што биле уништени до денес не се обновени.

# НАСТАНИТЕ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1919-1941)

При распределбата на Македонија со Букурешкиот договор, Грција го доби јужниот, приморскиот дел од Македонија со површина од 35 169 квадратни километри и 1 042 059 жители, од кои 329 371 Македонци, 314 854 Турци, 266 755 Грци, 68 206 Евреи и др. народности (Албанци, Цигани и др.)

Мировните договори по Првата светска војна ја санкционираа поделбата на Македонија, меѓутоа силите-победнички на 10 август 1920 год. заклучија договор со Грција и наметнаа задолженија за заштита на негрчките народности во Грција. Големата грчка енциклопедија од 1934 год., том X на страницата 620 ги изнесува обврските на Грција што произлегуваат од тој договор.

а) Рамноправност во однос на др. народи што се однесува на заштитата на животот, слободата, граѓанските и политички права;

б) Слободна употреба, освен на грчкиот, и на туѓите јазици како во приватниот така и во јавниот живот;

в) Секој народ што живее во Грција да има право на свои хуманитарни организации, цркви и училишта;

г) Владата на односната држава да им обезбеди основно школување на нивниот јазик, не забранувајќи им го и задолжителното образование на грчки јазик.

За спроведување на овој договор, грчката влада во 1925 год. донесе одлука да пристапи кон исполнување на обврските спрема другите националности и конкретно спрема Македонците. За таа цел формира и комисија да изготви буквар за македонските основни училишта. Издавачката куќа „Сакелариу" во Атина 1925 година го издаде „Абецедарот" на македонски јазик, на латиница. Вед-

наш потоа тој е запленет, а со тоа е откажано и воведувањето на „Абецедарот“ во училиштата на Егејска Македонија.

Грците не ги извршуваат своите преземени обврски за правата на Македонците и се обидуваат да уништат секаков белег кој потсетува на македонскиот карактер на Егејска Македонија.

Во ноември 1926 год. е донесен Закон за измена на имињата на населените места (села и градови), како и топографските називи на реките, планините и др. Тој закон е објавен во службениот весник на грчката влада „Ефимерис тис кивернисеос“ број 332 од 21 ноември 1926 година, а во истиот весник број 346 се објавени новите грчки имиња. Едновремено локалните власти донесоа свои прописи и ги заменија имињата и презимињата на сите Македонци со грчки и им дадоа лични исправи со новите имиња и презимиња кои официјално ги воведоа во своите матични книги на родените.

Македонскиот народ, незадоволен од поделбата на Македонија, веднаш со појавата на некои социјалистички движења и партии се приклучи кон овие движења во борбата за економски, социјални и национални права. Со победата на социјалистичката револуција во Русија и појавата на КПГ, напредната интелигенција и работничката класа постепено почна да се приклучува кон оваа партија која со својата програма за работа им го отвораше патот кон борбата за економска, социјална и национална правда и слобода на сите народи и малцинства против ропството и угнетувањето и отворена борба против капитализмот и империјализмот.

Во овој период се формираа разни политички партии - од либерално-демократски до крајно десничарски. Дел од баничани се приклучија кон партијата на крал Константин и Народната партија (Лајко Кома), а повеќето кон Венизелис(Филелефтеро Кома) кои со својата програма беа полиберални и демократски настроени.

Во 1920 год. при спроведувањето на предизборната агитација за првите избори во Грција по окупацијата на егејскиот дел од Македонија од грчката власт, некои од приврзаниците на Венизелисовата партија биле уапсени, спроведени во Лерин, изведени

пред суд и осудени на една и пол година затвор: Динката Катин, Леко Катим и Толе Кочев, а на две години: Мице Робев и Мице Катин. Првите казната ја издржувале во леринскиот затвор, а другите во затворот во Солун.

Во 1922 год. еден празничен ден населението отишло на миса во црквата „Св. Ѓорѓија“ и дошло до тепачка меѓу македонското население и грчките жандарми кои сакале насила да влезат и биле спречени од Леко Дуков и Стојче Чорлинов и претепани од селаните. Коџобашијата Мице Хрисафов-Туџарот за постапката на жандармеријата се жалел во Лерин и побарал да ги преместат од Баница што било и сторено.

### Учеството на баничани во Грчко-турската војна 1919-1922

Во периодот меѓу двете светски војни баничани не мирувале. По избивањето на војната меѓу Турција и Грција во 1919 год. грчките власти извршиле мобилизација и од Баница 100 лица биле упатени на фронтот во Мала Азија. Оттаму живи не се вратија 21 лице, млади македонски момчиња, кои ги дадоа своите животи за Грција:

- Методи Петре Малинов - земјоделец,
- Димитар Н. Луманов - земјоделец,
- Лазо Леко Боглев - земјоделец,
- Стефо Тего Луманов - земјоделец,
- Методи Дафо-Џугоманов - земјоделец,
- Глигор Филип Починов - земјоделец,
- Марко Ѕале Пенџов - земјоделец,
- Трајан Г. Ничев - земјоделец,
- Геле Кочев - земјоделец,
- Хариши Коле Луманов - земјоделец,
- Мице Стефе Дуков - земјоделец,
- Васил с. Џугоманов - рударски работник,
- Ставре Ф. Васев - рударски работник,

- Наум М. Пенцов - земјоделец,
- Фоте Дине Малинов - земјоделец,
- Санде Шишаров - кафеанџија,
- Панде Леко Куртов - рударски работник,
- Ѓорѓи Наце Печинов - трговец,
- Тасе Филип Попов - земјоделец,
- Панде Васев - земјоделец.

Поголем број војници останаа инвалиди. Жртвите ќе беа поголеми, но на повикот за општа мобилизација многумина не се јавија, се скрија, а некои пребегаа преку граница во Србија и Бугарија. Се уште немаше уредна документација, па можеа да си го дозволат тоа.

На паднатите војници во Мала Азија од Грчко-турската војна, грчката власт 1935/1936 година им подигна споменик на сретсело во месноста св. Димитрија. Кругот го уредија со алеи од зеленило и дрвја и го оградија.

На родителите на паднатите борци и воените инвалиди им беа определени фамилијарни инвалидски пензии кои беа симболични.

## Односите меѓу населението и грчката власт

Во овој период беа вршени масовни грабежи, претепувања, силувања, палења и убивања од страна на андартите на што баничани се спротивставија со оружје, формирајќи свои цивилни стражи и редари кои дежураа и дење и ноќе како во селото, така и во селскиот атар.

Во селото беа спроведени месни избори и за претседател на месниот совет беше избран Наце Кочев-Кајчето, образована и авторитетна личност. По завршувањето на Грчко-турската војна, постигната е спогодба за размена на населението од грчко, односно турско потекло и секој си го врати своето население.

Грчката влада направи распоред каде ќе биде сместено населението што го врати од Турција, а целта беше што повеќе

население да се распореди во егејскиот дел, меѓу кои и Баница кое е чисто македонско. Планот на владата беше да се населат 40 грчки семејства меѓу македонското население, кое се побуни и побара од претседателот и советот на месната власт да преземе сè за да не дојде до населување на овие семејства во Баница. Македонците се заканија дека ќе дојде до непредвидени последици и притоа беше упатена петиција до владата и нивниот претседател Венизелос. Владата, гледајќи ја упорноста и револуционерното расположение на населението, реши за овие семејства да подигне нова населба и да ги насели на железничката станица во Баница, 4 км оддалечена од селото. Успеаја во нивната цел.

### Миграциите на населението

Со отворањето на патот за Америка од 1926 до 1930 година, голем број од мажите заминаа во оваа држава, но не се знае точниот број. Се претпоставува дека повеќе од 150 лица заминале преку океанот за Америка и за нив немаше враќање. Поголемиот број подоцна си ги зедоа и семејствата и блиските, а меѓу 1930 и 1939 год. многумина заминаа за Австралија.

### Активноста на работничката класа во рудникот за јаглен

Германскиот претприемач Митренцо и Кораки од с. Костец -Костурско го унапредиле производството и подготвиле изградба на фабрика за коксирање на јагленот и изградба на термоелектрична централа за осветлување на леринските села и на Лерин, но кога дознала за тоа грчката власт, ги спречила и им ги конфискувала сите пристигнати машини, а нив ги осудила на долгогодишен затвор за криење данок на промет. Потоа рудникот го презела некоја англиска компанија во 1930 год. Таа почнала со експлоатација на јаглен, но избил пожар во подземните копови и компанијата го напуштила рудникот во 1933 година. Браќата Хрисафови од Баница го презеле рудникот и го користеле до 1935 година. Овие прет-

приемачи им исплатувале дневници за работа од 12 до 15 часови од 30 до 32 драхми во натура преку своите продавници со мешана стока во селото, со што ги принудиле работниците да купуваат стока со повисоки цени од другите продавници во селото. Од 1935 година рудникот го презеле браќата Ѓорѓи и Лефтериос Палис од Атина по народност Грци и го експлоатирале до пролетта 1944 год, кога врз основа на Одлуката на Народниот суд во Баница е конфискуван и прогласен за општествено добро и даден на управување на организацијата ЕТА (Комитет за снабдување на партизаните). Директор бил Стате Боглев, а надзорници Стојче Генев, Нуне Танев и Тоне Лулов, за секоја смена по еден. Планот за експлоатација и други одлуки ги донесувале колективно директорот и сите надзорници. За овој период дневниот коп изнесувал од 120 до 150 тони јаглен кој се продавал за жито и работниците биле исплатувани во натура со жито, сè до пролетта 1945 год. кога се врати Пали Лефтерис и го презеде рудникот. Поради тешките услови за работа и ниските примања што ги добиваа, работниците мораа да бидат добро организирани и да се борат за своите економски, социјални и други права, како и за подобрување на условите за работа. Повремено стапуваа во штрајк кој траеше од неколку часа до неколку дена, како што беше во 1934 и 1939 год. кога штрајкот се претвори во политички судир меѓу работниците и работодавачите кои ангажираа жандармерија за да ги спасува јамите и опремата за која работниците се закануваа дека ќе ја уништат, а јамите ќе ги минираат.

## Основањето на Комунистичката партија во Баница

Првата партиска ќелија на КПГ во Баница се појави во 1928 год. во состав: Кице Кочев, Стате Боглев, Нуне Васев и Дине Качоров, како и Ѓорѓес Давидис од населбата на железничката станица „Статмос Вевис". Со ќелијата раководеше Кице Кочев.

Имајќи предвид дека Баница секогаш имала револуционерна и борбена традиција во изминатиот период како поразвиена

работничка класа со околу 400 работници вработени во рудникот за јаглен во Баница, брзо почна да се зголемува членството на Комунистичката партија - КП, така што во 1932 год. имаше 8 члена и 23 кандидати на Партијата, а во 1934 год. бројот се зголеми на 26 членови и преку 30 кандидати за членови на КП, а во 1938 год. на 37 членови и 40 кандидати. Карактеристично е да се спомене дека „Црвена помош" за партијата плаќаа повеќето вработени во рудникот за јаглен во Баница.

Преглед на членови на партијата по години на приемот пред војната:

Според раскажувањето на Тоне Лулов, Кице Кочев е член на КПГ **од 1925** година, уште од студентските денови.

**Од 1928 година**: Стате Боглев, Дине Качоров и Нуне Васев.

**Од 1932 година:** Вангел Кујчев, Вангел Забрцки, Мице Велики и Блаже Кочев.

**Од 1934 година**: Циле Цинокоів, Ило Абов, Дине Робев, Лазо Кочев, Лефтер Олевски, Трајко Ќимов, Дине Мангов, Ѓорѓи Калпаков, Крише Робев, Кире Јанин, Кице Апчев, Мице Неделков, Наце Јанчев, Методи Васев, Лиде Зисков, Блаже Рикалов, Пеце Малинов, Славе Неделков и Раден.

**Од 1938 година:** Павле Мангов, Славе Неделков, Ѓорѓи Јанин, Макиле Евгин, Славе Катин, Дафо Дафов, Коле Депин-Олев, Кице Чорлинов, Методи Апчев, Крише Јанчев и Тоне Лулов.

Поради настаните по изборите во 1936 год. и воведувањето на диктатурата на Метаксас, партијата помина во илегалство и стагнираше. Партијата се организира во помали групи и ќелии, а на чело на секоја група или ќелија стоеше раководител.

Значајно е да споменеме дека пролетта 1936 год. беше избран и Секретаријат на КПГ во рудникот за јаглен во чиј состав влегоа: Лефтер Олевски - секретар; Блаже Рикаков - член; Лиде Зисков - член и Методи Васев - член. Организацијата во рудникот имаше над 30 членови и 20 кандидати за членови на партијата, а црвена помош даваа повеќето вработени во рудникот. Во рудни-

кот постоеше силна синдикална организација која се реорганизира и избра ново раководство пролетта 1936 година во состав: Методи Апчев - претседател; Нуне Танев - секретар; Кице Апчев - член; Лазо Васев - член; Тане Гергев - член; Вангел Куичев - член; Дине Робев Ђчлен и Лазо Кочев - член.

Покрај Секретаријатот во рудникот постоеја неколку подружници што ги раководеа секретари, значи горните членови на Секретаријатот вршеа и должност на секретари на подружници. Во рудникот работеа 400 работници и службеници.

Прва прослава на празникот на трудот - Први мај била организирана во 1931 год. во месноста Долги Орници, а организатори биле Крише Павлев, Славе Катин, Кице Катин и Кице Кочев. Во наредните денови почнале да ги повикуваат и да ги сослушуваат работниците во жандармериската станица барајќи од нив да кажат дали КПГ е организатор на прославата. Сите биле категорични дека тоа бил излет и заеднички ручек на работниците и дека немало политички карактер. Поради немање докази, биле ослободени.

Во овие бурни времиња и политички настани во Европа, а особено во Грција, КПГ во декември 1935 год. го одржа својот 6 Конгрес, кога е укажано на опасноста која v се заканува на Грција, особено од фашистичка Италија. На овој конгрес КПГ изврши анализа за дотогашната работа и ја утврди натамошната програма за работа и дејствување на Партијата.

На овој конгрес за секретар на КПГ е избран Никос Захаридијас кој на 6. пленум на ЦК на КПГ одржан во 1934 год. беше избран за раководител на КПГ.

## Диктатурата на Метаксас

На 4 август 1936 година, Метаксас заведе диктатура, го замени уставот, ја ликвидира демократската слобода, ја укина слободата на печатот, ги стави вон закон сите политички партии и синдикатот го потчини на својата администрација. Почна отворе-

но и брутално да се пресметува со граѓанската демократска снага, а посебно со македонското население и напредните македонски кадри.

За македонскиот народ дојдоа црни денови. Десетици илјади Македонци беа подложени на испитувања и прогонувања од полицијата и службата за безбедност. Владиниот терор не можеше да го исплаши слободарскиот грчки и македонски народ, тие ја демонстрираа својата решеност да ѝ се спротивставaт на диктатурата, секој на свој начин. Тоа особено дојде до израз при воведувањето на задолжителната настава за учење на грчкиот народ за возрасните меѓу македонското население. Во Баница тој отпор беше забележителен. Потоа почнаа отпорот и штрајкот на рударските работници, кога работниците во борбата за своите барања ги поддржаа и месното население од сите околни села, партиите и антифашистичките организирани сили во Леринскиот округ.

Забраната да се зборува македонски јазик, да се пеат песни и играат ора и друго, македонски обичаи и навики, тешко го погоди македонскиот народ. Беа организирани вечерни школи за возрасното население кое немаше завршено шестгодишно образование да го изучува грчкиот јазик. Населението од Баница даваше отпор со тоа што не ја посетуваше вечерната настава, не се придржуваше кон законот и натаму сите зборуваа македонски јазик. Ако некој беше фатен да зборува на македонски, што беше честа појава бидејќи полицијата прислушуваше пред прозорците на куќите, беше измачуван и тепан во жандармериската станица, тој пак си го кажуваше старото македонско име, а не новото што му го даде грчката власт. На прашањата при сослушувањето, пак, бараа да им се поставуваат прашања на мекедонски јазик бидејќи не го разбираат грчкиот јазик и одговараа на македонски. Тие ги обвинуваа и ги изнесуваа на суд, пред судот зборуваа македонски и судот беше должен да обезбеди преведувач – толкувач, бидејќи судиите не го познаваа македонскиот јазик. Осудените без приговор ја прифаќаа секоја казна и ја плаќаа. Имаше случаи кога на

судиите им префрлале дека судат за пари и со својата политика сакаат да ги погрчат Македонците. Ние сме Македонци и Македонци ќе останеме - велеа повеќето.

## Прогонот и теророт на грчката власт

На Велигден 1936 година полицијата и органите за безбедност на Метаксасовата влада во село Баница уапсија пет членови на КПГ кои беа испратени во Ајѓострати, пустите острови во Егејското Море. Тоа беа: Кице Кочев - член на Секретаријатот на Месната организација и член на Окружниот комитет на КПГ за Леринскиот округ; Дине Робев - член на Секретаријатот на синдикалната организација во рудникот за јаглен во Баница; Кице Мангов - трговец; Стате Боглев - активен член на КПГ и стар револуционер; Мице Васев - активен член, возач со приватен камион.

Летото 1936 год. прогласувајќи ги криви за својата активност, а со тоа и поткопување на државата и режимот беа уапсени: Мице Мангов -рударски работник и Пеце Врагов-Хрисафов - сопственик на мелница за жито.

Овие лица беа одведени на концентрационен логор Фалегандро во Егејско Море.

Есента 1936 година почнаа нови апсења и тоа траеше сè до есента 1940 година, а од селото беа уапсени и одведени во прогонство во разни концентрациони логори во Егејско Море следниве лица: Коле Малинов -трговец, Борис Малинов - трговец, Доре Малинов - мелничар со сопствена мелница, Лазо Малинов и неговите 4 браќа, Леко Абов - трговец, Глигор Подимитров - бербер и фотограф, Циле Рисафов - трговец, Борис Рисафов, Гире Бабулов - касап, Ристо Попалев - чевлар, Пандо Кујчев - шивач, Циле Циникев - рударски работник и член на Секретаријатот на КПГ во Баница, Коле Јанин - трговец, стар илинденец, Кице Џогов - машински плетач, Славе Костов - рударски работник, Филип Неделков - земјоделец, Стојче Чорлинов - земјоделец, Давид Јанин -

трговец, Пандо Великин - трговец, Ристо Ничов - рударски работник, Ило Дајков - земјоделец, революционер-илинденец.

Илјадници други Македонци и од другите села од Леринско и од цела Егејска Македонија беа одведени во прогонство на островите Ајастрати, Хиос и Макронисо, а нејзините синови беа мобилизирани и испратени на границата со Албанија, кои подоцна учествуваа во војната меѓу Грција и Италија од октомври 1940 год. до 20 април 1941 година.

Во предвечерјето на Грчко-италијанската војна беше извршена општа мобилизација на 30-годишни лица кои испратени на фронтот. Производствениот процес во многу фабрики и рудници беше прекинат или сведен на минимум само за оние работници кои не ги опфати мобилизацијата. Грчката влада најде решение и донесе наредба да се изврши мобилизација на помлади работници, меѓу 16 и 19 години, како и постари генерации што не беа опфатени со мобилизацијата. Под ударот на оваа наредба, заслужните пензионери беа повторно активирани, а беше опфатен и поголем број младинци кои беа испратени во рудникот за лигнит во баничките јагленокопи и во крушорачките јагленокопи со цел да го продолжат процесот на производство. Од овие младинци беа формирани првите организации на ОКНЕ (Организација на комунистичката младина на Грција). На 15 мај 1941 год. беше извршен избор на Месен комитет на младинската организација, а подоцна момчињата станаа видни организатори и младински раководни кадри во Леринскиот округ. Меѓу нив бевме јас, Атанас Катиновски-Гоче; Павле Павлев-Димко; Тодор Кочевски-Виктор и многу други. Тие го посеаја виорот на револуцијата и со неа раководеа во текот на четиригодишната ослободителна борба, а другарот Димко го положи и својот млад живот за слободата на својот народ.

Принудната работа во рудниците траеше од септември 1940 до април 1941 година, до окупацијата од страна на Германија.

Во предвечерјето на Втората светска војна, Метаксасовата диктатура во Грција достигна кулминација - со суспендирање на

Уставот и растурање на сите политички партии, а некои нивни раководители и повеќе офицери со демократски убедувања ги притвори и ги испрати во интернација. Со посебна суровост се пресметуваа со комунистите и сите Македонци. Покрај дискриминаторската политика, асимилацијата и физичкото и моралното измачување на македонскиот народ, луѓето на режимот систематски ги уништуваа и последните македонски словенски споменици (стари цркви, училишта, натписи надгробни плочи) и сè друго што можело да сведочи за македонското национално минато. Дури сè одеше до таму да му се забранува на населението да носи народна македонска носија, а да не зборуваме за фолклорот, народните песни и ора и други обичаи и традиции кои со векови се пренесувале од колено на колено, од генерација на генерација. Македонецот немаше право да биде во државна служба како чиновник, ниту во полицијата и во армијата како офицер. Таа привилегија ја користеа само оние „македономахи" гркомани кои за време на андартството, 1904-1913 година, се бореле на страната и во редовите на андартите, а тоа беа само по неколкумина во секој округ. Тие беа презирани од македонскиот народ како предавници, а тоа се покажа и за време на окупацијата кога се ставија во служба на страната на германскиот окупатор.

Наспроти нехуманиот однос на режимот, страдањата и понижувањата, македонскиот народ во целина покажа политичка зрелост кон прашањето на одбраната на земјата (иако тие беа непризнаени), па, сепак, одбраната ја сметаа за свој долг и под раководство на Комунистичката партија учествуваа во борбата против фашистичкиот агресор – Италија, а подоцна и против Германија. Според тоа, слободно можеме да речеме дека за Македонците антифашистичката борба започна на 28 октомври 1940 година бидејќи на грчко-италијанскиот фронт беа претежно Македонци и грчки доселеници од Мала Азија.

# ГРЧКО-ИТАЛИЈАНСКАТА ВОЈНА 1940-1941 ГОДИНА

## Општата мобилизација и учеството на баничани во војната

По окупацијата на Албанија од страна на Италија, Грција ја увиде опасноста од Италија и тогаш грчкиот генералштаб набрзина презеде некои мерки.

Набрзина летото и есента 1940 год. беше извршена општа мобилизација во Грција, и тоа во егејскиот дел на Македонија, која ги опфати генерациите што служеа војска од 1911 до 1940 год, односно 30 генерации со поминатата воена обврска, а во стара Грција ги опфати генерациите кои служеле војска од 1931 до 1940 година, односно 10 генерации. Каква неправда, повторно беа жртвувани македонскиот народ и други народи што живееја во егејскиот дел на Македонија, главно населението дојдено и доселено од Мала Азија - Маџири.

Италијанската фашистичка војска ја нападна Грција на 28 октомври 1940 год во утринските часови со осум добро вооружени дивизии со околу 100 000 војници, а грчката војска со две дивизии со околу 35 000 војници му се спротивстави на непријателот распореден на околу 200 км фронт.

Со општата мобилизација извршена во 1940 год. и лицата кои служеа редовен кадровски рок, од Баница беа опфатени околу 450 војници и сите беа распоредени во првите борбени линии на фронтот во 28-та бригада на 9-тата дивизија.

Брзиот и ненадеен напад на италијанската фашистичка војска ѝ нанесе големи загуби на грчката армија и постигна почетни

визија, т.н. челична дивизија, го сопре непријателот, изврши преконцентрација на своите единици и 28-30 бригада организираа противнапад, го вратија непријателот на почетните позиции кој во паника се повлекуваше и ги напушташе албанските градови и села, пред налетот на грчката армија, во чии единици претежно беа Македонци.

### Загинати и заробени баничани во војната

Во таа борба го дадоа животот многу Македонци, меѓу кои и 5 млади момчиња од Баница, и тоа: Мице Глигор Танев - интелектуалец; Глигор Тего Минчев - рударски работник; Мице Дафо Печинов - рударски работник; Стојче Наце Зисков - рударски работник и Павле Леко Алушев - рударски работник. Италијанската војска во првите налети зароби повеќе грчки војници, меѓу кои и 14 лица од Баница: Киро Леко Минчев, Стефо Леко Дајков, Кице Ѓеле Генев, Блаже Лазо Ташев, Тасе Геле Петков, Ѓорѓи Ване Илиев, Глигор Мице Ќосев, Дине Мице Мангов, Гоне Мице Делев, Пеце Кире Киров, Пеце Кире Киров, Пеце Минде Јанчев, Кине Горги Васев, Блаже Ване Кочев и Ѓорѓи Стефо Рапов.

Сите заробени грчки војници беа одведени во воените логори во Италија, а меѓу нив и баничани. По завршувањето на војната и окупацијата од страна на Германија, пролетта 1941 год. бугарската амбасада во Рим ги зеде сите Македонци од воените логори како бугарски граѓани и ги однесе во Софија. Со нив разговараа највисоките бугарски воени и цивилни лица за ослободителната мисија на бугарската армија во Македонија и за присоединувањето кои мајка Бугарија.Потоа ги пуштија каде што сакаат да одат, па и во родниот крај. Сите баничани по ослободувањето во Софија се вратија во родниот крај, во Баница.

**Баничани во прогонство,**
**учесници на грчко-италијанскиот фронт**

Успехот и напредувањето на грчката армија траеше многу кратко, а за тоа време беа постигнати задоволителни воени успеси. Беа освоени градовите Корча, Аргирекастро и др. помали градови и села. Меѓутоа италијанската војска се прегрупира, беа извршени измени во командниот кадар и беше добиено засилување, така што на фронтот се концетрираа околу 600 000 војници, 7600 борбени авиони и преку 15 000 камиони и други транспортни средства. Напредувањето на грчката армија беше запрено. Почна противнападот на италијанската војска, а грчката армија не можеше да ги издржи силните налети на војската и постојаното бомбардирање така што почна да отстапува на јужниот фронт. За неуспехот на грчката армија не беше причина само многубројниот непријател, туку и многу други фактори како, на пример, исцрпеноста и премрзнатоста на војската која непрекинато водеше неколку месеци борби, без редовен дотур на храна, муниција, облека и воена опрема, а за тоа време потребите ги задоволуваше од заробените резерви од непријателот при отстапувањето. За ваквиот пресврт на фронтот, врховната команда на чело со кралот, ги обвини Македонците. Кралот нареди околу 450-500 војници, подофицери и офицери од македонско потекло, по избор на бригадните и баталјонските раководства од 28-та и 30-та бригада (сомнителни лица) да се повлечат од овие единици и под изговор на замена и повлекување на одмор беа повлечени, разоружени и префрлени во задницата.

Меѓу овие Македонци беа и 30 баничани. Беа качени во камиони и однесени на Пелопонез, потоа назад вратени и префрлени во логорот на островот Тасос. По навлегувањето на Германците, сите му беа предадени на Гестапо. Ги качија на товарни бродови за да ги однесат преку Средоземното Море во Германија. Меѓутоа, бродовите пристигнаа во Пиреја, а некои во Коринтскиот Залив

каде што беа нападнати од сојузната борбена авијација. Некои од затворениците во Пиреја ја искористиле паниката и напуштањето на бродот, влегле во градот и се изгубиле по улиците, а меѓу нив имало и баничани кои веднаш тргнале кон родниот крај и по напорното патување се вратија во селото. Многумина од бегалците биле погодени од митралезите на авионите кои ниско летале, а многу се удавиле кога скокале од бродот кој бил запален од авијацијата бидејќи не знаеле да пливаат. „Загубите биле големи и само мал број успеале да се спасат препливувајќи го каналот. Во каналот пливале стотици трупови, водата била крвава, тоа била ужасна и грозна ситуација" - го завршува своето искажување Ќерамитчиев.

Македонците од егејскиот дел на Македонија беа во првите борбени позиции, без доволно храна, облека, муниција и друга воена опрема. Значи, тие биле жртвувани за големото дело на грчкиот народ, а грчката Прва армија беше далеку од фронтот и живееше на висока нога, распоредена во македонските села. Македонскиот народ даде свој значаен придонес во борбата против заедничкиот непријател - фашизмот.

# БАНИЦА ВО ВРЕМЕТО НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА 1941-1944 ГОДИНА

## Одбрана на земјата и капитулација

Баница, поради воено-стратегискиот карактер на местоположбата, секогаш беше запоседнато од војски, а во непосредна близина беа подготвени одбранбени позиции кои во март беа запоседнати од англиски војски, во должина од десетина километри југоисточно од планината Божанија. Полето го минираа од селото до меѓународниот пат Баница-Кожани и сè до планината Синак со по десетина редови полски мини. Првата грчка армија која беше стационирана во Баница и околните села од Леринскиот округ, од есента 1940 год. чувана како резерва на Албанскиот фронт, се повлече во заднината спрема Сорович и Острво. Населението на Баница се евакуира во рударските јами на баничките јагленокопи на оддалеченост од 3 до 5 км во Дервенот и Бездоец, на неколку стотини метри под земја, а над нив беа утврдувањата на Англичаните. Дејствата на положбите околу Баница почнаа на 10 април 1941 год. и траеја само еден ден, бидејќи очекуваниот непријател, Германците, не дојдоа од Битола туку дојдоа од Солун. Англичаните беа нападнати од заднина, па цела англиска дивизија беше целосно уништена во самите ровови на спиење, затекната од непријателот со нападот од заднината. Офицери на Хитлер облечени како виши офицери на генералштабот на англиската војска извршиле инспекција и си заминале. Доцна биле откриени. Веднаш по стивнувањето на воените дејства, селаните од Баница се вратија во селото, ги отворија сите воени складови што постоеја и ги раз-

грабаа. Исто така, неколку композиции со прехранбени производи кои се затекнаа на железничката станица Лерин-Солун беа ограбени и однесени по домовите кои почнаа да се обновуваат.

Расфрленото оружје од сите видови и воената опрема селаните си ги зедоа и се вооружија.

### Обновување на месната власт

По повлекувањето на грчкиот државен апарат пред нападот на агресорот, во Егејска Македонија првите два месеца од окупацијата не постоеше организирана власт. Поради тоа селаните од Баница, а по иницијатива на КПГ, на крајот од 1941 год. свикаа општ собор во училиштето и со јавно гласање беше избрана месна власт, и тоа: Лазо Кочев - претседател; Дине Робев -Ѓ секретар; Стојан Катронов, Гире Бабулев, Ило Абов, Лазо Весев и Леко Абов - членови.

Новоизбраниот совет на месната власт уште истата вечер изврши конституирање и поделба на должностите и издаде апел со кој се повикува месното население на ред и мир и сите свои потреби секој ќе ги бара и ќе ги остварува преку нив. Се забранува секакво пукање, прекршителите ќе бидат казнети, а оружјето одземено.

За изборот на советот на месната власт беа известени германски власти во Лерин кои дадоа согласност. Од населението беа формирани редовни месни стражи и патроли кои деноноќно дежураа, а беа назначени и селските полјаци.

# ПОЈАВА НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ И ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ

## Основање на младинската организација ОКНЕ

Бидејќи повеќето партиски кадри беа во интернација, извесно време се чекаше на нивното враќање за реорганизација на партијата во нови услови. Се пристапи кон организирање на младината, на која прво сметаше партијата. Голем број младинци и порано беа активни со прибирањето „црвена помош" и активно учествуваа во револуционерните синдикати во рудникот за лигнит со кој партијата раководеше. Така на 15 мај 1941 год. во куќата на Лазо Весов беше свикан првиот собир на напредната младина, а беа присутни околу 36 младинци. Уводен збор зеде Вангел Којчев кој зборуваше за значењето на организацијата и за задачите што ѝ престојат на Комунистичката младина, а тоа е долга и крвава борба до конечната победа над фашизмот, дека Советскиот сојуз и Интернационалата на КП е на наша страна и треба е да се започне со подготовки за борба и удари на непријателот преку саботажи, акции, диверзии.

Потоа беше извршен прием во членството на сите младинци во редовите на ОКНЕ (Органосис комунистикон неон Елада) - Организација на комунистичката младина на Грција, со заклетвата: Јас,..........................................., се заколнувам дека ќе се борам за правда и слобода на својот поробен народ и нема да ги жалам својата сила и младост, а и животот да го положам за слободата. Ако ја прекршам оваа заклетва, да бидам прогонет и убиен одмојот народ. Потоа се приоѓаше кон масата, се бакнуваа два вкрстени војнички

ножа и пиштол. По завршувањето на церемонијата следуваше избор на месен комитет во чиј состав влегоа: Тане Павлов - секретар; Атанас Катиновски - заменик-секретар; Тодор Кочев, Павле Павлев Павле Димитров,Русе Цугоманов и Мице Цугоманов - членови.

На крајот беа донесени заклучоци за активности и задачи што требаше да се преземат, меѓу кои беа:

- Прво, веднаш да се пристапи и да се организираат и други младинци кои беа 530 до 600 во Баница и секој окнеовец беше задолжен да создаде своја ќелија од 3 до 5 или повеќе младинци со кои ќе работи на идеолошка и политичка подготовка.

- Второ, веднаш да се организира прибирање оружје и друга воена опрема од теренот и од семејствата кои сметаат дека нема да можат да го чуваат или самите да го понудат по апелот издаден од партијата.

- Трето, веднаш да се започне со обука на ракување со оружје и со воени вежби. За таа цел, Димитар Кочев беше задолжен да ја спроведе обуката со младината и да формира воени единици и ударни групи. Првата обука со членовите на ОКНЕ беше извршена во куќата на Мице Цугоманов: запознавање со пиштол, пушка и пушкомитралез, а наредниот ден е извршено гаѓање со споменатите оружја во местото Урниците на Соте Гасков во Божанија каде што беше направен полигон за обука и стрелање, а подоцна обуката се вршеше во месноста наречена „Долгиораници“ и „Ливајца“.

Оружје што беше собрано од населението беше складирано во тунелите на јагленокопите во с. Баница.

## Обновување на КПГ во Баница

По враќањето на партиските кадри од интернација, на 20 мај 1941 год. партиската организација одржа состанок во куќата на Мичо Велаки. На состанокот беа изнесени воено-политичката по-

ложба и новонастанатата ситуација со окупаторот, како и поделбата на Грција на три воени окупациски зони во кои западниот дел беше под Италија, североисточниот дел под Бугарија, а преостанатиот дел, централна и западна Македонија каде што живееше поголемиот дел од македонското население, над 200 000 жители, оставено под јурисдикција на грчката квинслишка влада на генерал Чолаконглу која се викаше „Елиники политија" (грчка државна управа) и беше под непосредна контрола на Германците. Се зборуваше за ситуацијата во светот, како и за активноста и задачите што ѝ претстојат на Комунистичката парија. Другарот Мичо Велакин детелно ги информира присутните за сите настани и задачи што престојат, како и за изборот на месен комитет на ОКНЕ и поставените задачи пред младината.

Потоа беше формиран месен комитет на Комунистичката партија во кој влегоа:

- Вангел Кујчев - рударски работник, секретар;
- Мичо Велакин - интелектуалец-трговец, член;
- Вангел Заврцки - рударски работник, член;
- Павле Мангов - рударски работник, член;
- Макиле Евгин - рударски работник, член;
- Дафо Дафов - земјоделец, член;
- Ѓорѓи Јанин - трговец, член.

На крајот беа донесени заклучоци за натамошната активност на членовите и за нивно омасовување за работа со младината, организирање движење за формирање народен фронт на жените, формирање воен штаб кој ќе раководи и формира резервни воени единици и ќе ги врши сите воени подготовки за борбени дејства, поврзување на организацијата од Баница со соседните села, реорганизирање на партиската организација на рудниците за јаглен, а исто така револуционерните синдикати и раководствата да се пополнат со нови сили. Беше поддржан изборот на месна власт беше заклучено на следниот состанок да се разгледаат проблемите што

се јавуваат со спроведувањето на мерките, редот и мирот, обновата во селото и во општината и друго. Тоа беше сторено во текот на јуни 1941 година.

Во почетокот на јули 1941 година, партиската организација во Баница ја посети другарот Лазо Трповски, член на ЦК на КПГ. Состанокот се одржа во куќата на Вангел Забрцки, а присуствуваа секретарот на месниот комитет Вангел Којчев, членот Вангел Забрцки и Ставре Кочев. Другарот Трпковски беше информиран за мерките и активностите што беа преземени дотогаш, како и за подготовките за вооружено востание. Трпковски ги извести за положбата во редовите на партијата и за заклучоците на 6 Пленум на ЦККПГ одржан на 1 јули 1941 год. кога е донесена резолуција и КПГ испрати повик до грчкиот народ да се обедини во единствен народен фронт за ослободување на земјата и за задачите кои стојат пред партијата во поматамошниот период, како и за ставот во врска со македонското прашање.

## Отпор против реставрацијата на стариот административен грчки апарат

Во почетокот на јули 1941 год. жандармериска формација од 100 лица со два камиона пристигна во Баница со цел да се стационира во касарните во селото. Дежурните стражи ја запреа формацијата на влезот на селото во месноста Тамбулките и веднаш го известија населението со договорениот знак, со биење на црквената камбана и за неколку минути почнаа да пристигнуваат селаните со пушки во рацете и со др. предмети: секири, вили и кој што ќе најде. Се собраа над 500 селани, а некои од нив испалија истрели во воздух ставајќи на знаење дека не ги сакаме и дека не ни се потребни. Чувствувањето на опасноста ги натера да ги свртат возилата и веднаш да се вратат во Лерин од каде што беа испратени. Следниот ден окупаторските власти го повикаа претседателот на месниот совет, Лазо Кочев, да се јави во Лерин. Тој се јави и му се

заканија и го посоветуваа да ги убеди селаните дека таа формација е распоредена во Баница и треба да се стационира во селото. Кочев ги убедувал дека нема потреба од грчките жандарми и нивната реставрација, туку дека народот сака германски единици кои ќе бидат добро примени. Му било дадено рок од три дена во кој ќе ја извести германската команда за исходот. Претседателот, по враќањето, го свика Советот на месната власт и го извести за ситуацијата, но Советот не го поддржа ставот на германската команда и заземе став дека по секоја цена треба да се спречи стационирање на грчката жандармерија. Таа, пак, не чекајќи одговор од месната власт, следниот ден со два два камиона од Лерин се упати кон Баница и околу 10 часот пристигна на влезот во селото каде беше запрена. Стотици селани веднаш отворија оган врз камионите кои по вторпат се повлекоа заминувајќи кон железничката станица на Баница каде што се стационираа. Претседателот повторно замина за Лерин за да ги информира Германците дека не ги сакаат грчките формации и ги изнесол причините за тоа. Германците се заканиле доколку не се дозволи стационирање на жандармериските формации во Баница, тоа ќе биде изгорено, населението убиено и дека без шега е издадена наредба на две артилериски бригади да се постават на крстопатот до с. Росен кои во даден момент ќе дејствуваат. Претседателот го истерале од канцелариите и тој попатно се уверил дека биле поставени две батерии од 10 артилериски орудија вперени кон Баница. Селаните се согласија да не прават проблем, но сакаа грчките жандарми да останат на железничката станица. Така не мислеа окупациските власти во Лерин кои на 29 јули 1941 год. во попладневните часови двата камиона со грчките жандарми во придружба на германски полициски моторизирани единици ги однесоа до касарните. Народот извикуваше пароли: „Не ги сакаме грчките Метаксасови тирани и шпиони“ и погрдни зборови упатени кон квинслишката власт и жандармерија. Претседателот на Советот, Лазо Кочев, со трчање го пристигна населението на околу 200 метри од касарната, го запре и го запозна со

заканата од Германците дека ако им се случи нешто на жандармите и не се дозволи нивно стационирање во касарните во Баница, селото ќе биде до темел уништено со целокупното население кое се вразуми и се врати во домовите. Една група младинци под раководство на Димитар Кочевски, со учество на Лазо Ѓорѓев, Атанас Катиновски, Ѓорѓи Дајков, Павле Павлев, Блаже Катронов, Михаил Хариши и Стојан Робев, околу 21 часот ги нападна касарните употребувајќи каписли од полски мини и дефанзивни рачни бомби со цел да ги исплаши жандармите за да го напуштат селото. За оваа акција диверзантската група беше укорена бидејќи беше без знаење на организацијата. Нападот траеше речиси половина час додека не дојдоа селските стражи кои наредија да престане нападот.

На 30 јули 1941 год. околу полноќ селските стражи забележаа движење на германски единици кон селото од сите правци, придружени со тенкови и др. моторни возила, а во близина на селото се истовараат и го заобиколуваат. Советот на месната власт, по консултацијата, даде налог да се извести населението со вообичаениот знак, биење на камбаната, и тоа да се повлекува кон планината Божанија во непосредна близина на селото. Тоа беше сторено и без паника населението почна да ги напушта домовите во раните утрински часови. Германските војски кои имаа поставено обрач околу селото, ги враќаа назад во селото. Околу 4 часот германската војска влезе во селото оставајќи ги тенковите на крстопатите и сред село. Точно во 7 часот пристигна со блиндирана кола командантот на окупациските сили за леринскиот округ во придружба на други високи германски офицери и квинслишки преведувачи. Повикан беше претседателот на Советот на месната власт и му беше наредено да го извести населението сите машки лица над 14-годишна возраст да дојдат во собирниот центар во кругот на „Св. Димитрија", кај споменикот, во рок од 30 минути. Кој ќе се затече надвор од собирниот центар по овој рок, ќе биде стрелан на самото место.

Населението мирно ја прифати наредбата и во определено време сите беа во собирниот центар кој беше опколен со војска

вооружена до заби и се очекуваше најлошото бидејќи таму имаше над 1000 лица. Се пренесе лелек меѓу жените и децата на сите страни.

Командантот на Леринскиот округ одржа говор со заканување и величење на германската фашистичка сила и дека мора секој да се покорува на наредбите од Рајхот, а секој што нема да биде покорен, ќе биде стрелан јавно со своето семејство и куќата ќе му биде запалена. Нареди секој да го предаде оружјето што го има и ќе биде пуштен дома без санкции. Квинслишките преведувачи сето тоа му го преведуваа на населението на македонски јазик, а од своја страна се закануваа и тврдеа дека биле одредени да го одржуваат редот и мирот во селото. Почна општ претрес по куќите кој траеше два дена и сè што му одговараше на непријателот (злато, ѓердани, валута) беше однесено, а никој не смееше да каже што му е однесено од страв од други репресалии.

Во логорот каде што беше собрано населението, најмногу беше мачен Геле Петков.

Измачувањата траеја два дена и една ноќ. Населението без леб и без вода паѓаше од жешкото јулско сонце и уште повеќе беше тепано поради тоа. На први август околу 13 часот командантот повика околу 28 лица кои мораа да излезат од логорот пред оградата на „Св. Димитрија“ и ги качија во камионот. Потоа даде наредба војската да се повлече кон Лерин, а другото население да се ослободи.Како заложници беа земени следниве лица: Дине Лаков; Фоте Олев; Кице Мангов; Коле Малинов; Борис Малинов; Ило Дајков; Пеце Малинов; Глигор Попдимитров; Леко Абов; Славе Катин; Мице Васев; Ило Јанин; Мице Мангов; Дине Кочоров; Тасе Кочев; Наце ВасевЋЦарот; Кало Џогов; Гире Бабуло; Ристо Попалев; Пандо Којчев; Мице Лаев; Дине Кирев; Ило Дафов; Кице Апчев; Ѓорѓи Попдимитров; Стојан Катронов; Толе Мангов; Ѕиле Џугоманов.

Исто така, германската окупациска власт изрече казна од 300 000 драхми за дадениот отпор и направените трошоци што ја

платија баничани. Вечерта беше одржана седница на Советот на месната власт и беа донесени заклучоци населението да престане да употребува огнено оружје на слави, веднаш беше определена група членови на советот и угледни селани да појдат во Лерин кај некои влијателни личности и поранешни пратеници на парламентот, а особено кај Драгумис, да молат за ослободување на заложниците, а ако треба да фатат адвокати во случај да се отвори судска постапка против сите нив или против поединци.

На втори август определените лица отпатуваа во Лерин и ги посетија сите што на некој начин можеа да помогнат кај германската власт за ослободување на заложниците. Дел од лицата што ги посетија се дистанцираа и не сакаа да имаат работа со германската власт, а некои ветиле дека ќе направат сè што е во нивна моќ за да се ослободат заложниците.

Организираниот притисок на Советот на месната власт и населението, германската власт го сметаше за организиран бунт против неа и затоа реши четвртиот ден да испрати воена единица да уапси уште четири лица како заложници, и тоа: Дине Робев, Коле Стаматов-Ковачот, Ристо Репов-Ежо и Кице Кочев.

Овие лица храбро се држеа во Леринскиот затвор и ги поднесуваа сите тортури, измачувања и закани. Три лица успеаја да побегнат искористувајќи ја небудноста на стражата, и тоа: Фоте Олев, Кало Џогов и Ѓорѓи Попдимитров и заминаа за Бугарија. Така го принудија непријателот по еден месец мачење да ослободат 30 лица, освен Славе Катин осуден на долгогодишна робија и испратен во Едикуле во Солун. Дине Лаков, кому му беше најдена пушката во градината иако одбиваше да признае дека е негова, беше изведен пред суд и осуден на смрт со стрелање. Пресудата беше извршена на 29.8.1941 год. заедно со други родољуби од Леринскиот округ. Убиството на Дине Лаков беше закана за населението, но ги сплоти во организирана активност, подготвувања на востание и масовно приклучување кон НОВ. Падна првата жртва, загина еден револуционер, синдикален рударски и партиски работник.

По налог на КП на Баница, ОКНЕ се вклучи во акција за прибирање оружје и демонтирање на полските мини кои беа во осум до десет реда во должина од околу 7 километри. Под раководство на минерите Димитар Кочевски и Павле Кочев од Баница и други искусни минери, меѓу кои беа Павле Павлев, Кице Апчев, Мире Бабулев, Наце Олев, Славе Катин, Ило Катин, Тане Павлчев, Блаже Ташев и Атанас Катимовски во април и мај 1941 год. беа демонтирани околу 20 000 мини и пренесени и складирани во дворот на Павле Кочев. При организираното вадење на мините учествуваа и лица од околните села. Мините претставуваа опасност за населението и тие сметаа дека ги извадиле сите, но, за жал, сепак некоја мина останала на полињата и ги демнеше своите жртви.

**Први жртви на мините**

Во мај 1941 год. од недемонтираните мини во лозјето настрада семејството на Коле Кочев. Синот Мице и ќерката Лена го загубија животот, а синот Тасе беше опериран и преживеа. Целото село беше на закопот на младите луѓе. Семејството засекогаш остана ожалостено и натажено по саканите син и ќерка.

По неколку дена се случи уште една несреќа. Младиот овчар Зафир Абов роден во 1922 год. во Баница, пасејќи го стадото овци на своето домаќинство во месноста Нерезите, нагази на полска мина и остана на место мртов од силната експлозија. ОКНЕ изгуби млади луѓе.

**Реквизити на жито и други производи**

Се приближуваше жетвата на ситните посеви, а населението страхуваше да не има уште останати мини во минското поле. Советот на месната власт неколкупати се обрати до окупациската власт во Лерин и бараше да испрати специјални единици со специјални направи и да го испитаат теренот, но окупаторите се оглушија на барањето и пред и по несреќите во селото.

На населението му се закануваа две опасности, да згазат на останата мина, а од друга страна да го пожнеат житото и да им биде одземено делумно или во целост. Германската власт издаде наредба дека никој не смее да го врши житото, дека тие ќе донесат вршалки и ќе определат места за собирање на снопјето. Многу производители, подучени од месната власт, ноќе ги собираа пченките и го чукаа житото закопувајќи го во плевните и на други места. Следниот ден ја заоруваа нивата садејќи ситно жито и отстранувајќи ги остатоците од пченката.

Поради недостиг од семе, есенската сеидба 1941/42 год. потфрли за преку 40-50% кај белите жита. Секој имаше само за потребите на своето домаќинство.

Следната година селаните организирано настапија пред окупациските власти дека немаат приноси за нив, а окупаторите и сами согледувајќи ги приносите се согласија, но поставија нов услов: да им се обезбедат 10 тони месо. Месната власт успеа да собере само 5-6 тони месо затоа што сточарството не беше доста развиено и им го предаде на окупаторите. Тоа беше прва и единствена испорачка на окупаторите.

### Обнова на македонскиот јазик во црквата и прославата на Илинден

Населението од Баница огорчено од долгогодишното ропство под грчката власт, а особено од Метаксасовата диктатура, сметаше дека е дојдено времето да расчисти со грчката власт, да се приклучи кон повикот за народноослободителна борба за економска, социјална и национална слобода и во заедница со грчкиот народ да извојува слобода каде што македонскиот народ ќе си го најде своето место и ќе добие целосна национална слобода. За да преминат во практична примена за раскинување на туторството на грчката власт, а особено на црковната власт, Советот на месната власт и Месниот комитет на Комунистичката партија на сед-

ница во јуни 1941 год. донесоа заклучок во иднина во црквата „Св. Ѓорѓија“ молитвите и мисите да се одржуваат на македонски јазик, со користење на старословенските книги и евангелието што го зачувал поп Филип Попов.

На 20 јули 1941 год. на Илинден (по новиот календар) во „Св. Ѓорѓија“ поп Филип ја одржа првата миса на македонски јазик. Тој пред молитвата одржа пригоден говор изнесувајќи ги настаните и историскиот развој на македонската црква и борбата за признавање од страна на Патријаршијата и Егзархијата.

Секретарот на Месниот комитет, Дине Робев, ја истакна историската важност на тој ден и борбата за национални права на народот и слобода на вероисповед на мајчин јазик. Тој направи осврт на Илинденското востание и жртвите на народот за слободата, а го спомена и периодот на дејствувањето на грчките андарти, Балканските војни и Првата светска војна. На крајот се осврна на окупацијата на Грција, страдањата на македонскиот 0народ и асимилацијата до истребување на македонските села. Го повика народот да ја продолжи борбата до конечно национално ослободување и да не наседнува на бугарски или грчки провокации кои сакаат да предизвикаат братоубиствена борба.

## Формирање на воени штабови и резервни воени единици

Месниот комитет на КП во Баница на седницата одржана во септември донесе заклучок да се формира воен штаб со задача да раководи со оспособување на населението, особено на младите за ракување со оружје. Во состав на Воениот штаб влегоа: Доре Јанин - командант, Борис Малинов и Крише Кочев - членови.

Штабот почна да работи веднаш. Ја устрои воената евиденција во рок од еден месец во која беа опфатени сите младинки над 16 години кои не беа омажени.

На 16 јануари 1942 год. на Пленум на ЦК на КПГ беше извршена анализа на работата на воените штабови на теренот, беа

извршени воени подготовки, организација на партизанските единици и нивниот резервен состав и се укажа потреба од формирање Национална народноослободителна војска која ќе ги обедини сите партизански единици во Грција. Беше формирана ЕЛАС - Етникос лајкос апелефтеритикос стратос и се утврдија целите и задачите:

- Борба за ослободување на земјата од странските завојувачи;
- Заштита на поробениот народ и неговата слобода;
- Обезбедување на поредокот до спроведување на слободни избори во кои народот ќе може слободно да ја изрази својата волја.

Горните цели се задачи што ќе ги постигне ЕЛАС со координирани дејства со партизански војувања, со постепено нараснување во сенародна војска против окупаторот и неговите соработници, на непрекинати воени напади врз непријателот до уништување, проширување на слободната територија во земјата и претворање на воена база на ЕЛАС и пренесување на воените борбени дејства на главните центри и основните комуникации на окупаторот.

На 2 мај 1943 год. на заедничко советување на ЦК на ЕАМ и Главниот штаб на ЕЛАС е формирана Врховна команда на ЕЛАС. За главен командант беше назначен полковникот Стефанос Серафис.

### Формирање на организацијата ЕАМ

На 7 Пленум на ЦК на КПГ одржан на 27 септември 1941 год. беше формирана организацијата ЕАМ - Етникос аполефтеритион метопо (Народноослободителен фронт) во чиј состав влегоа КПГ, Земјоделската, Социјалистичката и Народно-демократската партија, Организацијата за национална солидарност и претставници на научниот и културниот живот на Грција. Подоцна стапи и напредниот дел на Либералната партија. Со формирањето на ЕАМ се изврши обединување на постојните организации. Се формира и Централен воен комитет - Врховен воен штаб, кој во декември 1941 год. ја разработи организацијата и партизанската тактика за војување.

Во почетокот на октомври 1941 год. во Баница беше формирана организација на ЕАМ и беше извршен избор на месен одбор. Во ЕАМ беа вклучени сите возрасни лица беа разлика на полот, кои сакаат да се борат за национална слобода.

На 18 октомври 1941 година во просториите на училиштето беше одржана основачка конференција на организацијата ЕАМ на која присуствуваа над 200 лица. По усвојувањето на дневниот ред, реферат за целите и задачите на ЕАМ поднесе секретарот на Месниот комитет на КПГ за Баница, Вангел Кујчев. Неговото излагање беше проследено со аплауз.

Потоа беше избран Месен одбор на ЕАМ во кој влегоа:

Нуне Васев - претседател;

Методи Анчев - секретар;

Методи Гасков - член;

Мице Тошев - член;

Ѕоле Васев - член;

Доре Јанев - член;

Тоне Лулов - член.

Организацијата на ЕАМ во с. Баница беше меѓу првите и беше една од најатрактивните во Леринскиот округ.

## Терор и апсења од окупаторот

Поради активноста што ја покажаа сите организации во Баница, со цел да го заплаши населението, германската власт на 30 јануари 1942 година го блокираше селото, ги собра селаните во "Св. Димитрија" и започна прво со говори и заканувања дека знае сè и дека треба граѓаните да се откажат од секаква активност, да бидат покорни, па ништо лошо нема да им се случи. Имаше и повик секој што има какво и да е оружје или воена опрема да ги предаде, односно донесе на сред село. Народот остана мирен и никој не се одзва на повикот, а ниту заканувањата не го поколебаа. Со нив и нивните слуги контактираше само претседателот на месната

власт, другарот Лазо Кочев, во кој народот имаше целосна доверба и сите негови постапки во целина ги поддржуваше. Почна уште еден општ претрес по куќите од страна на специјалните СС-трупи.

Во претресот на гумното на Панде Катин (Кочев) беше најден еден облог од мина. На повикот излезе од стројот и ги одведе право кон складот заради тоа што мислел дека го нашле. Беше недоразбирање. Германците беа вчудовидени како свесно и безбедно беа складирани толку големи количества динамит, облоги и каписли од 20 илјади мини. На прашањето зошто му се толку мини, Павле без трема одговори дека за време на служењето војска во грчката армија бил минер, дека ги собрал од полето со намера да ги употреби за вадење камења, и правење ралници и други земјоделски алати за куќни потреби. Но, во тоа никој не му поверува. Уште тука почнаа да го тепаат и да бараат да каже кој го организирал прибирањето на мините и нивното складирање, но попусто го тепаа. Павле Кочев остана на својот исказ и не ги предаде другите учесници во демонтирањето на мините. Германците товарија три камиони динамит.

Вечерта при напуштањето на селото со себе Германците ги одведоа Павле Кочев, Панде Катин, Коце Вешов и Мице Мангов во Лерин, а потоа во солунскиот затвор „Павле Мела“.

Павле Кочев и Коце Вешов во Солун беа осудени на смрт и стрелани на крајот на јануари 1942 година. Со нивното погубување, Баница загуби двајца револуционери и борци за ослободување на Македонија и македонскиот народ. Панде Катин и Мице Мангов беа осудени на временски казни и останаа во логорот до есента 1944 година кога го напуштија Германците и се вратија во своите домови.

### Реорганизација на младинската организација ОКНЕ

На 15 февруари 1942 година е извршен нов избор на месен комитет на ОКНЕ (Организацијата на комунистичката младина на Грција) во следниот состав:

Атанас Катиновски - секретар;

Павле Павлев - заменик-секретар;

Лазо Гергев - член;
Ѓорги Дајков - член;
Ставро Павлов - член;
Киро Цугоманов - член;
Наце Р. Малинов - член;
Ѓеле Кочев - член;
Павле Димитров - член.

Во овој период во Организацијата членуваа над 80 младинци и беа поделени во маалски организации на чие чело стоеше како раководител еден член на Месниот комитет.

На состанокот за дотогашната активност на организацијата, како и за целите и задачите што претстоеја пред организацијата, извештај поднесе Атанас Катиновски, секретар на Месниот комитет на ОКНЕ.

## Формирање Народен суд и неговата активност

Бидејќи се појавија извесни прекршоци и некои имотни несогласувања во селото, месниот одбор на ЕАМ донесе одлука да се формира Народен суд кој ќе ги решава сите спорови на мирен начин и доколку не може да постигне меѓусебно разбирање помеѓу странките, тогаш ќе донесува одлуки кои ќе бидат задолжителни за двете странки, односно за сите учесници во спорот. Во март 1942 година беше избран првиот народен суд во Баница во состав:

Крише Рапов - претседател;
Ристо Ничев - заверувач-записничар;
Глигор Попдимитров - член;
Ѓорѓи Цугоманов - член;
Блаже Неделков - член.

Народниот суд имаше доста работа и достојно ги репрезентираше судството и извршната власт за сето време на неговото постоење до пролетта 1945 година.

Овој суд донесе две историски одлуки. Имено, во април 1944 година донесе одлука за конфискација на рудникот за јаглен во

село Баница и во село Крушоради и назначи раководител за водење на производствениот процес, и тоа:

- во рудникот за јаглен во с. Баница беше назначен Стате Боглев, стар револуционер и прекален член на Партијата;

- во рудникот за јаглен во село Крушоради беше назначен Вангел Којчев, прекален првоборец и организатор на движењето.

Одлуката им беше соопштена на дотогашните претприемачи и од нив беше побарано да го предадат сиот подвижен и неподвижен имот на рудниците и дека е прогласен за народен и народот ќе управува со него и ќе ги користи благодатите од рудниците.

Дотогашниот претприемач Елефтерис Палис во рудникот за јаглен во село Баница, одби да го предаде имотот и се закани дека ќе употреби оружје, меѓутоа вечерта со своето семејство го напушти рудникот и замина за Атина.

Рудникот во село Баница, беше нападнат од една диверзантска група под раководство на Лефтер Олевски и Димитар Кочевски и учествуваа 15 младинци од село Баница. Нападот беше извршен во третата декада на април 1943 година и беа запленети големи количества прехранбени артикли, динамит, каписли, ќебиња, платно и друго. Прехранбените производи му беа поделени на населението во село Баница, еден камион жито во с. Горничево, два камиона во с. Негован и еден во с. Забрдени.

Од април 1944 година до почетокот на 1945 година овие рудници работеа како народни, општествени рудници и му служеа на движењето. Германските окупациски власти воопшто не се обидоа да ги повратат овие рудници имајќи предвид дека не можат да ги одржат и да ги експлоатираат.

Во април 1943 година, исто така, беше донесена одлука и уништена сета полициска и друга архива од поранешниот грчки режим во Баница за да не падне во рацете на германските власти.

## Формирање на организацијата на АФЖ

Бидејќи голем број жени учествуваа во сите организации во септември 1942 год. беше формирана посебна организација за жените АФЖ со избор на местен одбор и две маалски организации. Во одборот беа избрани: Митра Забрска - претседател и Менка Џугоманова, Грозда Костова, Гина Лакова, Софија Џугоманова - членови.

Во маалската организација на левата страна од поројот во раководството влегоа: Жана Апчија - претседател и Марика Јанчева, Магда Јанчева и Маца Катина - членови.

Во организацијата на десната страна од поројот во раководството влегоа:

Марија Којчева - претседател и Љуба Олевска и Лена Ташева - членови.

При изборот на раководствата беа поднесувани кратки излагања на членовите на ЕАМ од местен одбор, кои ги изнесуваа целите и задачите што ѝ претстојат на Организацијата.

Жените рамноправно учествуваа во сите активности на теренот, а особено во подготовките за прибирање облека, храна, санитетски материјали и лекови, курирска должност, разместување на пристигнатите партизани, лекување на ранетите, перење, чистење, крпење на алишта и друго.

## Формирање на организацијата ЕТА

Во февруари 1943 год. беше формирана Организацијата за заштита на партизаните, а особено на партизанските единици ЕЛАС, како и за населението на ослободените и полуослободените територии и прибирање информации за потребите на движењето. Во избраниот Местен одбор за претседател беше назначен Пандо Џугоманов, а за членови: Ѓорѓи Калпаков, Циле Хрисафов, Павле Малинов, Славе Костов и Пеце Малинов.

За целите и задачите на организацијата на состанокот зборуваше претседателот на МК на ЕАМ, другарот Нуне Васев.

## Акции и диверзии на резервниот состав

Во март 1943 год. една диверзантска група на чело со Лефтер Олевски ја нападна жандармериската станица и ги разоружа сите жандарми во с. Воштарани - Леринско.

Во изведување акција во април 1943 год. во рудникот за јаглен во Баница, под раководство на Лефтер Олевски и Димитар Кочевски, учествуваа следниве борци од Баница: Русе Цугоманов, Киро Цугоманов, Ѓорѓи Дајков, Блаѓе Дајков, Атанас Катиновски-Гоче, Блаже Котронов, Ѕоле Гергев, Михаил Хариши, Мице Неделков, Кирче Малинов, Коле Малинов, Нанче Цогов, Тане Јовчев и Лазо Попдимитров.

Сите беа членови на ОКНЕ, а од нив шестмина загинаа во текот на НОВ во редовите на ЕЛАС или ДАГ за слобода на својот народ.

Организацијата на ЕАМ постоеше во секое село, а во Баница целокупното население беше опфатено со активности во рамките на организациите со желба за економска, социјална и национална слобода на македонскиот народ. Високиот степен на организираност бараше и нови форми на управување, а Баница, иако на крстопат по кој минуваа непријателските сили, претставуваше полуслободна територија бидејќи во неа слободно се движеа сите партизански групи без страв да преноќат затоа што селските стражи беа секогаш будни и добро организирани.

## Формирање на НОО (народноослободителни одбори) и нивната активност

На слободната територија, а по налог на ЕАМ, се роди нова власт и никнуваа народноослободителни одбори како месна власт по селата, а во Баница, со тајно гласање на над 300 присутни на ЕАМ, беше формиран во февруари 1943 година. Во одборот влегоа следниве лица: Мице Лазарев - претседател, Вангел Забрцки -потпретседател, Наце Јанчев, Методи Апчев и Нуне Васев - членови.

На конференцијата присуствуваа Петар Пиљаев и Ѓорѓи Турунџев, членови на окружното раководство на ЕАМ, а за улогата и значењето на новата власт зборуваше Петар Пиљаев.

Советот на месната власт одигра голема улога во натамошната борба со непријателот, домашните предавници и бугарските провокатори од типот на Калчев и други кои се трудеа селото да го вооружат и да го свртат против НОО. Баница беше пример за борба против сите провокации, од каде и да доаѓаат, и на него се огледуваа сите други села во Леринскиот округ. При секое најавување на Калчев во Баница, КП и други организации го повлекуваа населението во планина, а диверзантските групи им поставуваа заседи, кои агентот Калчев ги одбегна неколкупати. Германските групи нагазуваа на мините поставени по јавните патишта наменети за Калчев, па тие го плаќаа цехот.

Пролетта 1943 год. во селото беше избран Местен комитет на КПГ во чиј состав беа: Тоне Лулов - секретар, Вангел Забрцки - заменик, Мице Неделков и Мице Лаев - членови.

Пролетта 1944 год. секретарот Тоне Лулов беше поставен за реонски инструктор на КПГ во баничкиот реон кој опфаќаше 15 села, а на негово место беше избран дотогашниот заменик-секретар на МК, а другите членови останаа исти.

Секој ден се примаа нови членови во КПГ со желба што повеќе да придонесат во борбата за ослободување од окупаторот и домашните предавници. Кон крајот на 1944 год. во редовите на Партијата членуваа околу 120 лица.

По налог на резервниот состав на ЕЛАС, на 20 мај под раководство на Димитар Кочев и Лефтер Олевски беше организиран напад на композицијата на линијата Лерин-Солун на железничката станица во Баница, за ослободување на политичкиот затвореник и првоборец Хараламбос Хараламбидис, со псевдоним Атанатос, кој по ослободувањето живееше во градот Острава во Чехословачка. Акцијата беше изведена успешно. Двајца партизани се уфрлија во локомотивата, а други двајца ги откачија пред-

ните два вагона во кои беше затвореникот, ги оддалечија од станицата и на погодно место беа нападнати од организираната заседа и совладани. Беа убиени четворица Германци, тешко ранет грчки шпион, запленето доста оружје и воена опрема. Затвореникот беше ослободен и поведен во правец на планината Синак, кон Вичо.

Во акцијата покрај горните лица учествуваа и Павел Павлев, Тане Павлев, Атанас Катиновски, Лазо Гергев, Блаже Коптронов, Павле Димитров, Лео Ничев, Ѓорѓи Абов, Ѓорѓи Дајков и Русе Џугоманов.

Во јуни 1943 год. германските полициски сили и војската дојдоа во Баница и фатија околу 50 младинци под изговор дека ќе ги ангажираат во борба против партизаните во Албанија. Во логорот заградени со бодликава жица, ги чуваше стража. Меѓу фатените и спроведените од Баница беше и секретарот на МК на ОКНЕ, Павле Павлев и членот Тодор Кочев. Организираа бегство уште истата вечер. Ја пресекле бодликавата жица на слабоосветлениот логор и еден по еден се губеле во темнината.

Павле Павлев и Тодор Кочев се повлекоа во илегалство и беа поставени за окружни инструктори на ЕПОН во Леринско. Павле Павлев, под псевдонимот Димко, го покриваше реонот наババиќ и Кајлари, а Тодор Кочев под псевдонимот Виктор беше во преспанскиот регион. Во Битола се врати Атанас Катиновски и беше поставен за инструктор на ЕПОН во Леринскиот округ под псевдонимот Гоче. Двајцата последни ја преживеаја војната, а Димко загина пролетта 1944 година, враќајќи се од конференција на СОФ за Леринскиот округ, одржана во Бел Камен во април 1944 год. Паднал во заседа на Германците и комитациите од с. Прокопана и по двочасовна нерамноправна борба со последната рачна бомба извршил самоубиство за да не падне жив во рацете на непријателот.

### Ново раководство на младинската организација ЕПОН

На 30 јуни 1943 год. откако дотогашниот секретар на ОКНЕ, сега ЕПОН - Етники панадлајки органисис Неон (Национално-ослободителна организација на младината) Павле Павлов замина во илегалство, се одржа состанок на МК и за секретар беше избран Русе Цогоманов, а за негов заменик Киро Цугоманов. Беа коптирани два нови члена, а МК, покрај гореизбраните, го сочинуваа и членовите: Ѓорѓи Дајков, Ставре Павлев, Нице Цугоманов, Павле Димитров, Хариши Михали Геле Кочев и Блаже Котронов.

Овој состав раководеше сè до крајот на 1944 год. со минимални измени и дополнувања по стапувањето на некои членови на ЕЛАС.

### Одржан голем протестен митинг во Лерин

Во август 1943 год. во Лерин беше организиран масовен протест на кој учествуваа над 15 000 демонстранти од Леринскиот округ и самиот град Лерин. Имаше околу 80 Баничани кои дојдоа со еден автобус и со камиони. Со црни знамиња - транспаренти со напишани пароли, демонстрираа по улиците на Лерин против одземањето на реколтата на земјоделските производи, теророт и скапотијата, барајќи минимум производи за егзистенција на населението. На крајот му беше предадена петиција на градоначалникот на квинслишката грчка власт со која беше барано да се ослободат политичките затвореници. Овие демонстрации брзо се пренесоа и во други градови на Егејска Македонија.

### Формирање на организацијата на СОФ

Врз основа на притисокот на Македонците од егејскиот дел на Македонија и поставеното македонско прашање на седницата на Покраинскиот комитет на КПГ во јуни 1941 год., Пленумот на ЦК на КПГ одржан на 1 јули 1941, како и контактите и разгово-

рите со Светозар Вукмановиќ-Темпо и членот на ЦК на КПМ Цветко Узунов, КП Грција дозволи да се формира Славомакедонски народноослободителен фронт СНОФ во Егејска Македонија. По иницијатива на политичкиот секретар на ОК на КПГ за Леринско, другарот Танос, во местото Боздовец во атарот на с. Баница, беа повикани одредени македонски кадри во почетокот на септември 1943 год. и тука беше извршен избор на окружно раководство на СОФ - Славомакедонски ослободителен фронт за Леринско.

На состанокот присуствуваа Киро Пилаев, Ѓорѓи Турунџев и Трифко Поповски од Екшисо, Кице Кочев, Вангел Кујчев и Вангел Забрцки од Баница, Тодор и Тане од Котори, Панде од Новољани и др. Овие кадри беа и јадрото на движењето на отпорот во Леринско. Беше извршен избор на окружно раководство на СОФ, и тоа: Киро Пилаев за политички секретар, Ѓорѓи Турунџов за организациски секретар и Кице Кочев одговорен за агит-проп (агитација и пропаганда). Овие лица го претставуваа првото раководство на СОФ за Леринскиот округ.

Донесена е одлука да се извршат избори на месни раководства на СОФ на сите македонски села.

Кон крајот на септември 1943 год. во Баница беше избран првиот Местен одбор на СОФ во Леринско во кој влегоа следниве лица: Мице Лаев - претседател; Методи Апчев, Лазо Кочев, Коле Олев, Кице Кочев, Нуне Васов и Ило Абов - членови.

На конференцијата на која беше извршен избор на раководство, воведен реферат за целите и задачите на СОФ поднесе Вангел Којчев, реонски инструктор за ОК на КП во баничкиот регион во кој членуваа околу 600 лица.

### Формирање на Баничкиот партизански одред

Во октомври 1943 год. беше формиран и првиот посебен Банички партизански одред на чело со командантот Лефтер Олевски од Баница. Во составот на одредот влегоа следниве Баничани:

- Ѓорѓи Ило Дајков
- Кочо Ралов
- Методи Васев
- Ило Васев
- Ило Мангов
- Ѓорѓи Абов
- Лазо Ѓерѓев
- Пеце Алушев
- Дине Диманин
- Ѕоле Лаков
- Ѕоле Калпаков
- Гонче Делев
- Михали Хариши
- Андон Хариши
- Наце Ристо Малинов
- Тане Јовчев
- Димитар Кочевски
- Блаже Дајков
- Лазо Вељанов
- Леко Ничев
- Ванчо Катин
- Лазо Попдимитров

Покрај овие 25 баничани, во одредот се приклучија еден горничевец, петмина од с. Церово, четворица од с. Екшисо и шестмина од Воштарани или вкупно, одредот имаше 41 борец во организираната борба против окупаторот и домашните предавници. Одредот беше добро вооружен.

## Положбата на НОВ во егејскиот дел на Македонија

Движењето на отпорот во 1943 година беше организирано на висок степен на подготвеност. Партизаните имаа можност да сместат, буквално да скријат, една цела бригада во некое село и

таа да биде сигурна и покрај сите непријателски потери и војски. Никој не би не предал. Но, ние по никоја цена не сакавме да го оставиме на мира непријателот.

Тогаш започнаа првите недоразбирања и судири со грчките партизани. По еден таков инцидент свикавме состанок со раководството на дел од членовите на ПК и КПГ за Македонија, со нашиот Главен штаб и со дел од членовите на ЦК на КПМ. Присуствуваа политичките и воените раководители на единиците од оваа територија. Во четиригодишната војна македонскиот народ го заслужи правото на сопствен и назависен живот плаќајќи го со големи и скапи жртви. Поради недоследноста на КПГ и преовладувачките реакционерни сили на Грција, македонското население не ја доби заслужената слобода.

За сето време на ослободителната борба, целите, задачите и интересите на македонското население беа единствени со целите на грчкото население. Ослободителната војна во Грција имаше и карактер на социјалистичка револуција за социјално и национално ослободување на сите што живееја во Грција. Македонските и грчките маси се обединуваа на класна основа. Но, тоа траеше додека КПГ водеше сметка за карактерот на војната, за нејзиниот социјален, класен и нацонален момент и дотогаш војната беше во постојан пораст. Не дојде до никаков судир меѓу македонскиот и грчкиот народ кои се надеваа дека ќе живеат заеднички, рамноправно и слободно.

За жал, пред крајот на војната, ослободителното движење на Грција го загуби класниот карактер кој го имаше на почетокот и кој беше клуч на успехот. Причината за тоа беше колебливоста и недоследноста на раководството, односно на некои членови на КПГ кои ги напуштија првобитните ставови во поглед на карактерот на војната и начинот на кој требаше да се води.

Се покажа дека ЦК на КПГ има неправилен и немарксистички став и кон националното прашање. Со тоа директно беше погодено македонското население во Грција кое го отфрли

ваквиот став како неприфатлив. Дојде до опаѓање на ослободителната борба и заострување на односите меѓу грчкото и македонското население од Егејска Македонија, особено пред крајот на војната. Голем број Македонци, воени и политички раководители на НОВ, отворено ја осудија националистичката и дефетистичка политика на ЦК на КПГ. Таа негативно се одрази и на грчкиот народ. И покрај големите жртви за премавнување на капиталистичкиот поредок во земјата, по изгонувањето на фашистите, демократското движење претрпе пораз. На власт во Грција повторно дојдоа реакционерните сили. По договорот во Варкиза, наместо власта во земјата да ја преземат напредните сили, КПГ дозволи тоа да го постигнат реакционерните групации кои во текот на војната не дадоа речиси никаков придонес. Тие ја презедоа власта со помош на реакционерните сили на Англија и Америка на кои повеќе им одговараше капиталистичка Грција. Наместо мир и слога, народот беше фрлен во една братоубиствена војна која повторно му нанесе големи жртви и штети. Демократските сили повторно, но попусто дадоа огромни жртви. Реакцијата победи и ја приграби сета власт во свои раце. Напредните Грци и Македонци поради теророт беа принудени да емигрираат, односно беа протерани од Грција во разни земји во Европа, особено во социјалистичките: Чехословачка, Полска, Бугарија и СССР.

## Општа непријателска офанзива

Непријателот добро информиран за активноста на одделни другари од Баница, во декември 1943 год. испрати СС-единица и го блокира селото. Во таа акција ги изненади дел од партизаните кои беа во своите куќи и ги уапси Дине Робев и Лазо Кочев. Ги спроведоа во Леринскиот затвор, а потоа во концентрациониот логор Павло Мела во Солун. КПГ од Солун помогна во нивното ослободување, а по враќањето дома ја продолжија политичката и воена активност на теренот.

На 10 јануари 1944 год. во Лерин беше уапсен Мице Велакин, илегален политички инструктор на ЕАМ на ОК за Леринско, родум од Баница. По апсењето веднаш беше спроведен во логорот Павло Мела во кој остана до повлекувањето на Германците.

Во општата непријателска офанзива која почна во јануари 1944 год. Баница беше прва на удар. Ноќта меѓу 30 и 31 јануари 1944 год. селото беше блокирано од германските и бугарските единици, населението собрано на сред село и беше извршен претрес по куќите кои патем беа и ограбувани. Лицата (мажи и жени, старци и деца) кои приговарале биле брутално тепани. При напуштањето на селото во вечерните часови со себе зедоа 9 лица, и тоа: Стојче, Дине, Ламбе, Димче и Крише Кочеви, Тоне Лулев, Мичо Михели, Мице Катин и Мице Робев. Спроведени се во Леринскиот затвор и ослободени по неколку дена заради отсуство на докази и заштита од влијателни личности. На 1 февруари 1944 год. во завеаното место наречено Сињак, во атарот на Баница, од бугарските окупатори беа заробени партизанските курири Михаил Хариши и Андон Хариши кои се враќаа од Вичо кон селото. На Бугарите им помогнале овчарите Гоне Дафов и Кице Клечков кои наводно им кажале дека Хариши се партизани. Овие овчари подоцна беа осудени на смрт и стрелани од ослободителите.

Во Леринскиот затвор партизанските курири биле тепани и мачени, но варварските малтретирања стоички ги издржале не кажувајќи ни збор за партизанските единици. Следниот ден Бугарите ги спровеле во с. Бурешница и јавно пред населението ги стрелале со цел да го заплашат. Овие храбри борци одбиле да им ги врзат очите пред егзекуцијата и да се свртат кон ѕидот. Останале мирни пред командата на готовс и со стиснати тупаници извикале „Смрт на фашизмот - слобода на народот. Да живее КП и Советскиот Сојуз на чело со другарот Сталин! Смрт на предавниците на Македонскиот народ!“.

## Одржување на Окружната конференција на СОФ

Окружната конференција на СОФ се одржа во почетокот на април 1944 год. во планинското место Бел Камен на падините на планината Вичо. Покрај раководството на ОК на КПГ, ЕПОН, ЕАМ и ЕЛАС, присуствуваа и делегати од сите лерински села. Од 126 населби (села и градови), на Конференцијата учествуваа делегациии од 124 населени места, односно МО на СОФ со преку 150 делегати присутни на конференцијата. Претставници од Баница беа: Миле Лаев -претседател на НОО на Баница, Вангел Кујчев - инструктор на ОК на КПГ за баничкиот регион, Кице Кочев - член на ОК на СОФ, Лефтер Олевски -командант на Баничкиот одред на ЕЛАС, Атанас Катиновски-Гоче - инструктор на ОК на ЕПОН, Тодор Кочевски-Виктор - член и инструктор на ЕПОН и Павле Павлев-Димко - инструктор на ЕПОН. Конференцијата беше откриена од германската власт и на вториот ден беше извршен напад на Бел Камен. Единиците на обезбедувањето на Конференцијата под раководство на Илија Димоски-Гоче ги пречекаа на доволна оддалеченост и од заседа ги нападнаа, па тие отстапија. Беа фатени седуммина Германци и по кратка судска партизанска постапка беа стрелани. Делегатите на Конференцијата се повлекоа во с. Бапчкор на Вичо каде што беше извршен избор на Окружно раководство на СОФ, а за претседател беше избран Петре Павлев. Во вечерните часови с. Бел Камен беше бомбардирано со артилериско оружје и целото беше уништено, но жртви немаше затоа што претходно беше евакуирано населението. На Конференцијата беше поднесен реферат за дотогашната активност на СОФ, а на крајот беа предложени одредени заклучоци за натамошна активност на организацијата. На 4 април 1944 год. враќајќи се од оваа конференција на СОФ, загина Павле Леко Павлев-Димко, инструктор и член на Окружниот одбор на ЕПОН и СОФ за Леринскиот округ. Падна во заседа од германскиот окупатор и комитациите (предавниците) од с. Прекопана во непосредна близ-

ина на нивното село. Неговиот идентитет не можел да се утврди од распарченото тело кое не носело документи за идентификација. Тој е еден од најзаслужните организатори на младинското движење во Леринскиот округ, кој падна како жртва на бугарските агенти Калчев и Младенов кои го вооружија населението од с. Прокопане за бугарските цели, но кое подоцна се освести и им го предаде оружјето на партизаните. Јас бев последниот кој се поздрави со Димко. Тој замина за Сорович и Кајларско, а јас, Гоче, за родното Баница да се сретнам со најблиските кои ги немав видено од есента 1942 година кога заминав за Битола. По еден ден во Баница се вратив на Вичо. Во с. Лаген бев информиран за загинувањето на Павле Павлев-Димко, чија смрт многу ме погоди бидејќи освен воени другари, бевме и другари од детството.Другарот Димко беше верен член на Партијата, добар организатор, поседуваше организациски и револуционерни способности, смел и храбар борец кој ги извршуваше задачите со голем ентузијазам. Учествуваше во борбите за разоружување на комитациите и пауциите во овој реон кој имаше четири подреони со кои раководеа реонски инструктори, потчинети на Димко. Тој знаеше што бара, беше краток и јасен и лесно се соработуваше со него. Непријателот повеќе пати му поставил заседи, но вешто ги избегнувал и во последен момент ги менувал патиштата на движење.Изгубивме прекален првоборец, млад револуционер кој го даде животот за слободата на својот народ, за Македонија. По неговото загинување, јас бев распореден и ја продолжив борбата за слобода.

Тој засекогаш ќе остане светол пример за младите генерации како треба да се борат и како да ја бранат слободата на својот народ.

За борбата и херојството во НОВ, Павле Павлев-Димко беше предложен за народен херој од ОК на КПГ, ЕПОН и ЕАМ за Леринско, но поради расцепот меѓу КПГ и СОФ по македонското прашање, не беше официјално прогласен. За македонскиот народ од Егејот тој е народен херој кој ќе остане во сеќавањата на сите соборци и млади генерации.

На Окружната конференција беше поставена задача да се изберат народни пратеници во текот на март-април 1944 год. за конституирање Народно собрание на Грција и за таа цел на 10 март 1944 год. на слободната територија беше формирано привремено раководно тело ПЕЕА (Политички комитет на национално ослободување) за цела Грција. Изборите во Баница се одржаа во втората половина на април 1944 год и се гласаше за единствениот кандидат, Киро Пељаев кој едногласно беше избран за претставник на Леринскиот округ. Првото собрание беше свикано на 27 мај 1944 год. во с. Корисхадес на слободна територија.

## Формирање на македонски партизански одреди

Втор важен заклучок на Окружната конференција беше да се извршат подготовки за организирање на македонски партизански единици СНОВ кои ќе влезат во составот на ЕЛАС.

Врз основа на тоа, во мај 1944 год. е формирана Баничката чета со командирот Лефтер Олевски од Баница и политичкиот комесар Ѓорѓи Калајџиев од с. Воштарени, во рамките на 28-та бригада на македонските дивизии. Во четата влегоа 30 баничани од Баничкиот одред формиран есента 1943 година, како и нови борци, и тоа: Ило Мангов, Кочо Хрисафов, Пандо Дајков и Нанчо Џогов. Овде влегоа и борците од с. Горничево, Воштарани, Церово, Забрдени и Екшисо. Ова е прва регуларна единица на Славомакедонската народноослободителна војска со етнички чисти Македонци.

Баничката единица стана страв и трепет за непријателот и секаде каде што дејствуваше го дезорганизираше непријателот особено единиците на квислиншката грчка влада.

Еве дел од активностите на Баничката единица:

Во почетокот на јуни 1944 год. беше извршен напад врз шпионскиот германски радиоцентар во Церовскиот манастир на врвот на Пиперка каде што беа 30 Германци. Центарот беше разбиен,

Германците се повлекоа и беа запленети поголеми количества храна, опрема и муниција, како и радиостаница и две мазги кои беа пренесени во с. Негован, Леринско, во штабот на Бригадата и базата на четата.

Бугарските агенти под водство на Калчев во Соровичко во селата Ајтос, Екшисо, Сребрено, Прекопана и др. успеаја да вклучат одредени селани во борбата против народноослободителното движење. Навалија и во Баница, но не успеаја во тоа заради слободарскиот борбен дух . Во заседа за бугарскиот шпион Калчев, во реонот на Баничко-церовската клисура од минирање на џадето настрада германска воена колона со три камиони во придружба на 14 војници. Првиот камион, нагазувајќи на мините, летна во воздух, другите два се повлекоа. 14 Германци беа убиени. Четата не претрпе никакви штети, но Калчев, бугарскиот агент, не се појави бидејќи беше известен за настаните.

Поради оваа акција Германците заради одмазда обесија 22 патриота. Наредниот ден ја бомбардираа околината со артилериско оружје, на местото каде што беше заседата, во клисурата во пречник од 10 км. Десетина гранати паднаа и во Баница и ги убија Менка Зискова, жена на Мице Зисков и Циле-Васил Глигор Калпаков, кој вршејќи стражарска должност не го напуштил селото.

Менка Зискова е родена во 1908 год. во Баница, домаќинка, член на АФЖ и активистка на НОВ, обучена да ракува со оружје. Загина на 36 години, на браникот на слободата.

Циле-Васил Калпаков роден 1908 год. во Баница, рударски работник и член на предвоениот синдикат. Учесник во повеќе акции и штрајкови во рудникот во борбата за социјални и економски права. Беше член на КПГ од 1941 год. и активен член во НОВ. Критичниот ден беше определен да дежура во селото, задача определена од организацијата на резервниот состав на ЕЛАС. Загина на 36 години.

## Апсењето на првоборецот Лазо Кочев и неговото убиство

При спроведувањето на пролетната офанзива од страна на бугарските и германските единици, една оперативна единица помина во Баница и го уапси Лазо Коле Кочев. Го спроведе во битолскиот затвор.

Спроведена беше постапка со барање да признае дека е партизан, член на КПГ и член на НК на КПГ, како и организатор на НОВ во Леринско. Три месеци го тепаа и малтретираа со секави варварски постапки со цел да каже нешто, но не успеаја во тоа. Го тераа да потпише изјави за сослушувањето, а тој одбиваше под изговор дека не знае да чита бугарски и не знае што е напишано во записниците. Изведен е на суд, но ни збор не прозбори освен дека е невин.

Немајќи докази, судот донесе ослободителна пресуда отфрлајќи ги обвиненијата на јавниот обвинител. Беше пуштен на слобода со пресудата: протерување во Грција. Лазо беше пуштен, но поради затворските малтретирања не можеше да се движи сам, па со пајтон го зеде Доре Малинов и го одведе во својата куќа на неколкудневна рехабилитација, грижа и нега.

Бугарските власти наредниот ден испратија полициска лимузина во куќата на Малинов за да го протераат Кочев преку границa. Бугарските војници го убиле на 200 метри од границата, и тоа му стрелале во грбот. Ослободителната пресуда не значеше ништо за бугарскиот окупатор или задкулисно се беше договорено.

Лазо Кочев е роден во Баница 1910 година. Млад ги искуси страдањата на својот народ, млад се вработи во јагленокопите на Баница каде што се калеше во бедотијата и немаштијата заработувајќи едвај да преживее, а имаше жена и деца. Член беше на револуционерните синдикати во рудникот и на КПГ од 1934 год. Беше еден од организаторите на штрајковите во 1934 и 1939 год. кога барањата на работниците беа усвоени стопроцентно.

До апсењето во мај 1944 год., Лазо беше во првите редови во борбата против окупаторот и домашните предавници и беше еден од организаторите на ослободителното движење, не само во Баничко туку и во Леринско.

### Мобилизација од ЕЛАС и формирање на национална милиција

Во почетокот на август 1944 год. во Баница беше извршена мобилизација на военоспособни лица од 18 до 55 години од страна на Воениот штаб на резервниот состав на ЕЛАС со цел да биде формирана национална милиција. Пријавувањето беше спроведено пред комисија во с. Воштарани, на околу 5 км од Баница. Во комисијата беа командантот на штабот, Борис Малинов од Баница и Васил Емширидис од населбата Веви на железничката станица. На повикот се јавија 60 лица, вооружени и готови за борба.

По налог на Главниот штаб на ЕЛАС од овие лица беа формирани првите единици во Леринско - Етники политофилаки (национална милиција) со командантот Вангел Кујчев од Баница. Беа формирани и реонски станици на националната милиција со определен број милиционери кои се грижеа за редот и безбедноста на населението и беа вклучени во фаќањето и откривањето на сите непријатели што го попречуваат развојот на НОД и народноослободителните одбори во вршењето на нивната функција на ослободената територија.

Сите 60 лица од Баница, влегоа во националната милиција и беа упатени во 6 реонски станици, и тоа:

с. Желино со командантот на НМ Киро Цугоманов;
с. Герман со командантот на Преспа Доре Јанин;
с. Негован со командирот Стјоан Катронов;
с. Сетина со командирот Ставро Павлев;
с. Баница со командантот на општина Баница Ванчо Катин;
с. Невеска со командирот Тане Павлев.

Борците од Баница уживаа посебна доверба и ја преземаа грижата за безбедноста во Леринскиот округ. Ова беше прва воена формација на националната милиција не само во Леринско, туку и пошироко. Командантот за Леринскиот округ стана и член и комадант при Главниот штаб на ЕЛАС во Грција, што претставува и чест за Баница.

## Борбените акции и диверзии на Баничката чета

Од задлинските власти на Воштарани беа добиени информации за бугарскиот шпион Сотир Гасков, роден во Баница, кој живееше во с. Живојно на бугарска територија и се распрашувал за движењето на партизаните. Му се препишуваше и учество во убиството на Лазо Кочев. Четата на Лефтер Олевски по неколку неуспешни заседи го фати на чешмата во Богданец, на патот Баница-Забрдени, и го спроведе во Бел Камен.

По сослушувањето од бригадниот воен суд за неговата шпионажа, беше осуден на смрт и стрелан како предавник.

Германската власт го испрати Гркот Ѓорѓи за писар во Советот на Месната власт. Тој имал двојна улога, бил шпион кој не ги забележувал вистинските факти во записниците на седниците, а некои списоци ги чувал под клуч.

Во заседа на патот Лерин-Кожани и Лерин-Солун, четата на Лефтер Олевски го фаќа овој шпион и кај него е најден список за активностите на одредени лица од Баница, наменет да го предаде на окупаторот. По сослушувањето, за соработка со непријателот е осуден на смрт и стрелан.

Лефтер Олевски и неговата чета добија задача во август 1944 год. да го нападнат с. Ајтос и да ги разоружаат комитациите од ова село. Акцијата беше успешна, но во оваа борба беше убиен Олев Леко Наце, од Баница, роден во 1922 година, долгогодишен рударски работник и синдикалист, член на ОКНЕ, на НОД од мај

1941 год. и на КПГ од 1942 година. Загина во јуришот на еден бункер на германските единици кои дојдоа од Сорович да им помогнат на комитациите.

По разоружувањето на комитациите од Ајтос, четата доби задача да го нападне германскиот радиоцентар поставен на местото Висино-Кајмакчалан. Во втората половина на август, по извршените подготовки, задачата беше извршена. Притоа беа убиени 10 Германци, 14 беа заробени на чело со командантот на центарот по чин мајор и беа запленети радиостаницата, воената опрема и оружјето. Заробениците беа однесени во Штабот на бригадата кој се наоѓаше во с. Негован.

Во септември 1944 год. непријателот беше раздвижен во правецот Лерин-Солун. Баничката чета организараше заседа на местото Рикни камила, на патот меѓу с. Горничево и с. Острово. Уништени беа 10 камиони и убиени и ранети голем број Германци, без жртви од партизаните.

Во септември 1944 год. минерската чета на чело со Димитар Кочевски успешно ја изврши задачата да ги минира патот Лерин-Кожани и железничката пруга Лерин-Солун во должина на Баничко-церовската клисура, во месноста Бабулов Мост, близу Баница.

Во октомври 1944 год. Баничката чета ја нападна жандармериската станица во с. Патале и продолжи кон градот Сорович каде што со други единици учествуваше во неговото ослободување, а беше запленето големо количество оружје и воена опрема. Во близина на с. Арменоро ја минираше железничката пруга и дигна германска композоција во воздух. Зароби 2000 бугарски војници, заплени три топа, муниција и 4 камиони со храна на железничката станица (камионите со храна, под контрола на НОО, биле препратени во Баница за да се поделат меѓу населението).

## Ослободувањето на Лерин и Леринско

На 19 октомври 1944 година, заедно со други единици на 28 бригада, четата учествуваше во ослободувањето на Лерин.

На 20 октомври во Лерин беа одржани голема парада во која учествуваа сите единици-ослободители и голем митинг на кој зборуваа секретарот на Партијата за Леринскиот округ, другарот Танас, и претседателот на Окружниот НОО, Ниќо Велаки.

Над 200 баничани беа таму да ја прослават победата над фашизмот. Живите илинденци беа на чело на колоната носејќи пароли за слободата на македонскиот народ.

## Налог од ЕЛАС за расформирање на македонските единици СНОВ и повлекувањето во Југославија

Во овие есенски критични денови дојде до несогласувања меѓу формираните македонски партизански единици и штабот на ЕЛАС на 28. пешадиска бригада. Масовното пристапување на македонската младина кон македонските единици не го восхити раководството на ЕЛАС, туку го вознемири, па почна да реагира. Стапија во сила ЕАМ и други организациони сили кои ги одвраќаа македонските младинци да стапуваат во македонските баталјони и ги насочуваа кон единиците на ЕЛАС, далеку од дома. Почна прераспоредувањето на македонските единици и упатувањето во други бригади и единици надвор од Леринскиот округ. Тоа се случуваше и во Воденско и Костурско, а под изговор дека треба да се изврши замена на оружјето, беа одземени пиштолите и рачните бомби на Македонците, а други не добија.

По налог на дивизијата, беше поставено барање Леринско-костурскиот баталјон да биде преместен во градот Сјатиста. Се чувствуваше желбата да се ликвидираат македонските единици од страна на ЕЛАС, а со согласност на КПГ. За некој ден требаше да се врати Владата на националното единство на чело со Папандреу,

а неговиот став беше познат, изјавен на радио: „За Грција не постои македонско прашање“.

КПГ се согласуваше со тој став и ја извршуваше обврската да ги ликвидира македонските единици СНОВ.

Леринско-костурскиот македонски баталјон, кога се увери дека ќе биде ликвидиран, се повлече на падините на Бигла (над Лерин) и ги продолжи борбите против Германците, очекувајќи и напад од единиците на ЕЛАС. Тоа се случи. Дваесет и осмата пешадиска бригада на ЕЛАС под команда на Јанулис, го нападна нашиот баталјон, но наиде на отпор. Другарите од војната се бореа едни против други и на крајот по големи загуби, беше разбиена 28 грчка бригада која се повлече. За да не дојде до поголема борба со ЕЛАС и крвопролевање, нешто што се подготвуваше, македонските единици на 13.10.1944 год. одлучија и се повлекоа на територијата на Вардарска Македонија каде што ја продолжија борбата со Германците.

И Воденскиот македонски баталјон на ЕЛАС пред опасноста се повлече преку планината Кожуф во Кавадарци. Другиот ден, 18 ноември 1944 година, од тој Леринско-костурско- воденски баталјон и од нови групи борци беше формирана Првата македонска ударна бригада.

Погрешниот став на КПГ продолжи и ги прогласи македонските единици од Егејска Македонија за предавници и контрареволуционерни, а истовремено по македонските села националната милиција и единиците на ЕЛАС почнаа да ги малтретираат родителите, семејствата и родднините на борците, да ги испраќаат во логори и да ги прогласуваат за соработници на непријателот нарекувајќи ги срамно, како порано „паљовулгари“.

Дури и на командирот на Баничката чета, дел од 28. бригада, Лефтер Олевски, му беше наредено да го нападне македонскиот Леринско-костурски баталјон и живи или мртви да ги донесе нивните раководители во Лерин. Наместо тоа, оваа чета знаеше што се подготвува за македонските единици и народ и се придружи на

Леринско-костурскиот одред со сите свои вооружени борци. Во Св. Петка пристигнаа и им се придружијана македонските партизани, и тоа од: Баница - 39, с. Церово - 4, Крушоради - 4, Екшисо - 8, Патале - 6, Горничево - 7, Забрдени - 4, Воштарани - 5, Сетина - 4, Борешница - 2 и Пешосница - 4 партизани.

Во составот на Баничката чета беа следниве баничани:

- Лефтер Олевски - командир,

- Руде Џогоманов, Пеце Алушев, Наце Рапов, Лазо Веланов, Лазо Ѓергев, Ило Наце Мангов, Ѓорги Абов, Ѓорги Дајков - командир на вод, Блаже Дајков, Ѓорги Алушев - командир на вод, Кирче Малинов, Ѓорги Илиев, Нанче Џогов, Кало Џогов, Трифо Малинов - пол. комесар, Благоја Малинов, Тане Јовчев, Лазо Лаков, Ванчо Катин, Блаже Тошев, Дичо Тошев, Лазо Рапов, Кочо Хрисафов -пол. комесар, Леко Хрисафов - пол. комесар, Пандо Дајков, Пеце Мангов, Ило Мангов, Наце Ристо Малинов, Дине Неден - командир на вод, Лазо Калпаков, Доре Јанин, Круше Катин, Кочо Рапов, Кице Васев и Лазо Кирев.

Исто така, во Св. Петка им се приклучив на македонските единици и јас, Атанас Катиновски-Гоче, а во тоа време бев окружен инструктор на ЕПОН за Леринско и член на ОК за ЕПОН И СОФ. Наредив сите количества прехранбени производи складирани на Буф и Кавказ за потребите на ЕЛАС да се пренесат во Св. Петка и да се искористат за потребите на македонските единици. Во тоа време, како инструктор на ЕЛАС, имав забрана да давам што било на македонските единици и да се пропагирам дека се предавници. Јас се придружив на македонските единици, а за тоа го известив и Танас, секретар на ОК на КПГ, праќајки му писмо со следнава содржина:

„Другар Танас!

Ве известувам дека денес се приклучив кон Леринскиот македонски баталјон на чело со Гоце, кој е повлечен од редовите на ЕЛАС и се наоѓа во Св. Петка, поради намерата да биде расформиран и разоружан од страна на ЕЛАС. Моето место е во ре-

довите и на страна на македонското раководство на СОФ и СНОВ, а јас, како чесен Македонец, целиот свој млад живот го посветив на борбата за ослободување на поробениот македонски народ уште од првите денови на Револуцијата во 1941 год. Изгледа напразно беше мојата борба и борбата на целиот македонски народ кој масовно учествуваше во НОВ, во редовите на ЕЛАС, односно СНОВ и даде десетици илјади жртви во борбата за ослободување на земјата од окупаторот и домашните предавници. Со тоа сметавме дека и ние ќе извојуваме победа за својот народ, национална независност и право за самоопределување, но, за жал, КПГ и нејзиното раководство погрешно ја водат политиката спрема македонското прашање и учесниците во НОВ и СОФ, која е штетна за севкупното ослободително движење на Грција. Така, лошо водената политика доведе до раздор меѓу раководството на СОФ и СНОВ и раководството на КПГ, ЕАМ и ЕЛАС, а КПГ треба да сноси историска одговорност пред грчкото население и македонскиот народ. Таквата политичка одговорност е поголема во случај на неуспех на КПГ да извојува победа слобода и да го доведе народот и работничката класа на власт. Кон таквите ставови и политики лично и вие се приклучивте кога јавно на советувањето со инструктори на ОК на КПГ, ЕАМ И ЕПОН пред некој ден го оклеветивте и го обвинивте раководството на СОФ И СНОВ за расцепот и издвојувањето на македонските единици од редовите на ЕЛАС нарекувајќи ги предавници, контрареволуционери и охрановци-комитаџии. Баравте и од нас пред населението во Леринско да ја застапуваме таа политика, што за нас Македонците не е прифатливо и е навредливо. Примете ја на знаење мојата оставка на должноста инструктор на ОК на ЕПОН. Во редовите на македонските единици ќе ја продолжам борбата до конечното ослободување на мојот поробен македонски народ.

Со поздрав, Гоче

Положај, 13 октомври 1944 година“

Тодор Кочевски-Виктор од Баница, окружен инструктор на ЕПОН и член на ОК на ЕПОН и СОФ им се приклучи на македонските единици во Битола.

На Баничката чета v се приклучи и Ѓорги Турунџев со својата партизанска група која беше повлечена од Живојно, Битолско, поради настанатите несогласувања со ЕЛАС и ЕАМ.

Постоеше налог од ЕЛАС жив или мртов да се фати Ѓорги Турунџов, стар револуционер и раководител на СОФ во Егејска Македонија.

Други борци, членови на македонските единици од:

**с. Горничево:**
Пеце Ромев - комесар на чета
Трајче Боглев
Блаже Тоцев
Дине Коров
Пеце Ѓегов
Коле Тоцев
Леонида Груев

**с. Церово:**
Ило Чеганлиев
Стефо Аџиев
Трифко Аџиев
Ило Киндев

**с. Крушоради:**
Коста Џингов
Алексо Џингов
Јане Донев
Толе Петиев

**с. Екшисо**
Трифко Попов - зам. командир
Ило Турунџов
Маихаил Кирков
Трајко Аџиев
Блаже Аџиев
Кице Аџиев
Стефо Робев

**с. Забрдени:**
Ниче Кирков
Јордан Ташоминов
Горги Ташоминов
Ристо Филин

**с. Воштарени:**
Панде Чоков
Тане Ашлаков
Тане Каркачев
Тане Пашков
Панде Пурчев

**с. Пешошница:**
Коста Папајопуло -Авгеринос
Киро Колевски
Васил Костов
Горги Костов

**с. Патале:**

Сотир Порпулов
Блаже Алилемов
Стојан Ѓатов
Васил Ципов
Коста Враготеров
Ило Чорњаков

**с. Сетина:**

Алексо Мундуров
Ване Ајтов
Јордан Васов

И Воденскиот баталјон пред да биде расформиран премина на југословенска почва и пристигна во Битола. Леринско-костурскиот и Воденскиот баталјон и Баничката чета ја продолжија борбата учествувајќи во ослободувањето на Битола, Ресен, Охрид и Струга и по завршените операции се вратија во Битола.

## Формирање на Првата егејско-македонска народноослободителна ударна бригада

На 17 ноември 1944 год од Леринско-костурскиот и Воденскиот баталјон беше формирана Првата егејско-македонска бригада со командантот Илија Димовски-Гоце и комесарот Махаил Ќерамитчиев.

Баничката чета влезе во составот на Вториот баталјон, а за командант беше назначен Лефтер Олевски, за комесар Бошко, а за политички инструктор, јас, Атанас Катиновски-Гоче. Подоцна бев и офицер на баталјонот ОЗНА.

Со цел да се отфрлат клеветите на ЕЛАС искажани на 10 октомври 1944 год. против борците на македонскиот баталјон „Гоце“ и против македонскиот кадар, раководството на македонските единици реши да испрати одред на чело со Атанас Коравеши да се врати во Леринско и Костурско и на народот да му ја каже вистината за одвојувањето на македонските единици од ЕЛАС, како и да го подигне моралот на народот. Во раководството на одредот, покрај Коравеши, бевме и политичкиот комесар Перо и јас.

Одредот тргна од с. Драгош преку планината Пелистер, меѓу селата Буф и Герман кон с. Желино каде што пристигна околу пладне со развиорено македонско знаме. Припадниците на Националната милиција кои беа во селото веднаш го напуштија кога дознаа дека доаѓаат македонски единици. На сред село се насобра сето население и му се обрати Атанас Коровеши, а од младината им се обратив јас. Ја кажавме вистината дека не треба да потпаѓаат под ничие влијание и да прифаќаат клевети. Во вечерните часови одредот продолжи кон с. Рула и с. В`мбел и се зголеми со нови борци кои се приклучија од с. Желино. Беше одржан говор и во с. Рула, а во В`мбел населението свечено не пречека. Дознавме дека единиците на ЕЛАС подготвуваат акции против нашиот одред. Штабот одржа состанок и испрати курир до баталјонот „Гоце“ да се произнесе за новонастанатата ситуација. Одредот беше стациониран три дена во с. В`мбел чекајќи одговор, но не доби и четвртиот ден во утринските часови тргна кон с. Смрдеш. По говорите, тргна кон с. Габреш, но на околу 1-2 км од селото, на падините на Малимади, врз нас беше отворен оган од сето можно оружје, така што командантот на одредот веднаш даде наредба борците да заземат положба во стрелци, но да не отвораат оган. Додека се договаравме, еден куршум го погоди политичкиот инструктор Перо кој падна мртов пред нозете на членовите на Штабот на одредот. Коровеши нареди да се одговори на огнот на ЕЛАС и борбата траеше повеќе од два часа. Ние бевме малкумина и слабо вооружени, но по некое време артилериското оружје и минофрлачите на ЕЛАС почнаа да ги гаѓаат своите редови и положби, се слушаа гласови од грчките партизани дека луѓето на топовите и минофрлачите се комитаџии и им помагаат на своите. Паниката во редовите на ЕЛАС ја искористивме со наредбата на Коровеши да нападнеме на јуриш и борците од ЕЛАС почнаа да бегаат оставајќи многу повредени и ранети зад нив. По наредбата, одредот се повлече на почетните позиции и беше известено раководството на СНОФ во с. Смрдеш за смртта на пол. инструктор Перо. Населението дојде да го земе телото за погреб и сите му оддадоа признание и почест.

Одредот го продолжи својот пат кон Дамбени, родното место на Лазар Трповски и во вечерните часови пристигна свечено пречекан од жителите. Наредниот ден, по одморот, говорот и чистењето, заминавме кон с. Лабаница, преминавме на албанска територија и преку Подградец се вративме во Битола.

По формирањето на Егејската ударна бригада, таа тргна кон Кичево и се стационира во Гостиварско. Вториот баталјон во кој беа и баничани се стационира во с. Врапчиште, Гостиварско, каде што изврши повеќе акции за чистење на теренот од балистите. Во таква акција кај с. Ломница, Ѓургевишта и Калишта во борба со балистите загинаа двајца борци од првата чета на Вториот баталјон. На овој терен бригадата остана повеќе од 3 месеци и во април 1945 год. преку Скопје се врати во Битола и се расформира. Сите борци од бригадата влегоа во составот на КНОЈ (Корпус за народна одбрана на Југославија) - Осма дивизија во прва, втора и трета бригада.

Баничаните од Вториот баталјон на Првата ударна бригада влегоа во составот на пограничните единици на Првата бригада на Осмата дивизија на КНОЈ во ЈНА. Политичката комисија за Егејска Македонија со седиште во Битола ја формира првата воена единица и ја испрати во Леринско да го заштити населението од теророт од монархофашистите. Членови на единицата беа и Лефтер Олевски и Ристо Коленцев - раководители. Другите борци останаа во ЈНА сè до повикот на КПГ и НОФ во есента 1946 год. и во почетокот на 1947 год. кога започна борбата против владините сили и постигнатата спогодба меѓу политичката комисија на КПГ и изигрувањето на наводно потпишаните спогодби со пребеганата влада, односно по констатираното предавство од одделни кадри на ЦК на КПГ за отстапките направени на владата и предавањето на власта во согласност со договорот во Козерта - Италија и Либанскиот договор. Баничани меѓу првите се приклучија во редовите на ДАГ.

По преминувањето на Баничката чета во Македонија, во Баница се формира друга баничка чета со околу 70 баничани под

раководство на командирот Димитар Кочевски кои, не знаејќи ги предавствата од ЕЛАС, учествуваа во ЕЛАС, а против македонските единици, особено во Сорович и Кајлари.

### Активноста на СОФ во с. Баница по ослободувањето од Германците

Познато е дека Движењето на СОФ донесе заклучок за отворање македонски училишта и за таа цел беа одржани курсеви за учители, а беа изготвени и азбука и прирачници. Есента 1944 год. започнаа подготовките за отворање на училиштата, а некои почнаа да работат: с. Герман, Буф. Атанас Бабуловски, поранешен учител од Баница, ги изврши подготовките за отворање училиште во селото. Расцепот меѓу ЕАМ и СОФ, негирањето на македонското битие и формирањето на Славомакедонска народноослободителна војска, СНОВ, на територијата на Егејска Македонија го спречија отворањето на училиштата. Покрај забраната за мајчиниот јазик, дојде и до прогонувања на семејствата на борците кои влегоа во Првата егејска ударна бригада. Во 1945 год. гркоманите ја презедоа власта во Баница, а и во сите села и кон семејствата на партизаните се однесуваа грубо, без да им ја доделат помошта од УНРА и др.

Младината, иако не доби училиште на мајчин јазик, ја продолжи македонската култура во селото. На сцена ја постави драмата „Македонска крвава свадба" организирана од Павле Мангов и Циле Рикалов, а главните улоги ги толкуваа Ѕоле Рикалов како Цвета (машко) и Геле Кочев како Ага.

Се прикажуваа и македонски скечеви и беа рецитирани македонски песни на повеќе настани во селото.

На 7 ноември 1944 година, во чест на годишнината од Октомвриската револуција во СССР и победата над фашизмот, се одржа голем митинг и прослава. Колона со социјалистички транспаренти за братство и рамноправност меѓу народите парадираше

низ улиците на Баница. На митингот говореше Дине Робев, инструктор на ОК на КПГ за Леринско, истакнувајќи го придонесот на Црвената армија во војната и социјализмот во светот. Со песни и ора заврши целиот ден.

НОО и Месниот одбор на Црвениот крст во почетокот на ноември 1944 год. отворија детска градинка за деца на претшколска возраст во Баница со бесплатна исхрана. Беа опфатени околу 200 деца на возраст од 4 до 7 години, а за победните семејства до 9 години. Детската градинка беше сместена во куќата на Јосиф Јанин, бивша жандармериска станица, и работеше од 7 до 17 часот.

Градинката работеше до втората половина на 1945 година, до воспоставувањето на монархофашистичката власт во селото.

До доаѓањето на монархофашистите во Баница сложно се вршеа сите потребни активности за есенската сеидба, набавката на дрва за огрев за зимата и сè друго во што учествуваа сите, млади и стари.

По декемврискиte судири во Атина и постигнатата спогодба меѓу раководството на КПГ, ЕЛАС и ЕАМ и привремената влада, се расформираа воените единици, оружјето беше предадено и борците се вратија дома. Така заврши славната епопеја во виорот на НОВ и Револуцијата од 1941 год., но без уживање од придобивките на победата. Демнеше нова покрвава и подолга војна против единиците на емигрантската влада и предавничките единици и соработници на окупаторот потпомогнати од англиската војска и меѓународниот империјализам.

## Причини за неуспехот на НОД

Со оглед на личното учество и мислење и релативно големиот број материјали што можев да ги користам, постојат следниве причини:

Погрешните стратегиски концепти на раководството на КПГ за водење борба во периодот на НОВ против Германците и

домашните предавници што доведе до реставрација на стариот режим.

Формирање на заеднички воен штаб со единиците на ЕДЕС за кој се знаеше дека соработува со окупаторот (домашните предавници и нивна рехабилитација).

Отстапките што ги направија раководствата на КПГ, ЕЛАС и на ЕАМ со Либанскиот договор, а тоа е предавство на народот бидејќи објективно им овозможија на англиската реакција и емигрантската влада и домашната реакција по законски пат да дојде до власта.

Согласноста на КПГ со одлука на владата на Папандреу од 21 ноември 1944 год. за формирање единствена армија, а разоружувањето на единиците на ЕЛАС, армија која имаше 90 000 борци, и го лиши народот од неговата заштита и придобивките од НОВ.

Не го искористи расположението на народот на манифестацијата во Атина и Пиреја на 3 декември 1944 год. и дозволи да бидат нападнати од владината полиција и убиени 30 лица, преку 100 ранети, како и игнорирање на други протести на работничкото движење.

Повлекувањето на единиците на ЕЛАС од Атина и Пиреја. Тие требаше да се активираат во борбата на ЕЛАС во блиската и подалечната околина против англиската војска и владините сили.

Прифаќање на примирјето и склучена спогодба на 14 јануари 1945 год. меѓу ЕЛАС и англискиот претставник, генерал Скоби, и отстапување на империјалистичките сили и домашна реакција, место продолжување на борбата до конечна победа.

Склучување спогодба во Варкиза на 12 февруари 1945 год. и тотално уништување на движењето, капитулација и предавство на народот и придобивките на народното востание од 1941 до 1944 година.

Постојат и други причини кои придонесоа да завладее политичка нестабилност во земјата и да избијат на површина дури и такви елементи кои соработувале со фашистичките окупатори, со што земјата беше доведена на работ на нова граѓанска војна.

# БАНИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1945-1949 ГОДИНА

## Положбата и условите за работа по Спогодбата во Варкиза

Од ослободувањето на земјата, есента 1944 год., сè до април 1945 год, сите организации (КПГ, СОФ, АФЖ, ЕПОН) и други извршни органи на Народноослободителниот одбор на Баница, функционираа и ги извршуваа своите задачи и обновата и изградбата на земјата.

Вознемирувањето на населението настапи по крвавите настани во Атина и Пиреја во декември 1944 год. бидејќи голем број баничани се наоѓаа во редовите на ЕЛАС и дејствуваа во целата земја. Тие стрепеа за своите блиски и далечни роднини. Постоеше и страв за пошироки воени дејства низ земјата што беше и оправдано. Судирите беа од таков карактер што имаа далекосежни последици, а тие беа меѓу ЕЛАС и окупаторските сојузнички англиски војски кои беа стационирани насекаде.

Населението со загриженост ги следеше сите настани и отстапки на раководството на КПГ при спогодувањето со емигрантската влада во текот на 1944/45 год., Либанскиот договор, по претходно потпишување од советувањето на Плака, договорот во Казерта и Варкиза и не им се веруваше дека КПГ го предаде движењето и ги загуби придобивките од НОВ и револуција бидејќи ЕЛАС беше господар на ситуацијата во целата земја и со него стоеше сиот народ во огромно мнозинство во земјата.

Грчката реакционерна десница која по потпишувањето на Договорот во Варкиза ја имаше во свои раце легитимната влада во Грција, беше свесна дека не ја осигурува својата власт, а од нејзините натамошни дејствувања ќе зависи колку ќе успее да го

задуши демократското движење во Грција и да ја зацврсти власта. Требаше да мисли на скорашните парламентарни избори и плебисцит, за или против кралот. Буржоазијата беше свесна дека во текот на војната се разви масовно движење против фашизмот и домашните предавници и не се решаваше на слободни парламентарни избори, сè додека не осигури такви услови и избори кои ќе ја задоволат формалната страна и ќе v обезбедат на владата легитимни права - законска влада.

За таа цел беше потребно да се задуши движењето на ЕАМ, да се зацврсти и консолидира новата власт, да се направи свој државен и административен апарат, своја вооружена воена и полициска сила. Бидејќи немаше на кого да се потпре, ги рехабилитира соработниците на окупаторот и домашните предавници и им овозможи да продолжат со теророт против народот и демократското движење за да го заплашат народот и владата да добие свои приврзаници, а масовниот терор најмногу беше против македонскиот народ.

За спроведување на горенаведените мерки, буржоазијата имаше сестрана материјална, морална и воена помош од англиските окупаторски сили, а организацијата на грчката армија и полиција им беше доверена на англиски офицери.

## Разоружувањето на единиците на ЕЛАС

Согласно со постигнатата спогодба и со потпишувањето на Договорот во Варкиза на 12.2.1945 година, веднаш започна демобилизацијата на борците на ЕЛАС и разоружувањето заврши до 15.3.1945 година. Сите баничани членови на ЕЛАС се вратија дома.

По иницијатива на секретарот на Окружниот комитет на КПГ за Леринско, со цел да се засолни извесно количество оружје предадено од борците и од магацинските резерви со кои располагаше ЕЛАС во Лерин, беше наложено на општинскиот комитет во Баница да организира преземање на ова оружје и складирање во подземните рударски ходници во баничките јагленокопи. Под

раководство на секретарот на комитетот, Блаже Забрцки, и членови на партијата, со нивните запрежни возила беа ангажирани: Глигор Ќосев, Славе Неделков, Дине Шишарев, Славе Костов, Дине Кочев, Кице Попов, Џоле Калпаков, Џоле Лаков, Методи Апчев, Ѓорѓи Мангов, Коле Депин, Глигор Перов и др. Од магацините во Лерин подигнаа 20 камиони разно воено оружје кое беше скриено во рудникот за јаглен во Баница, а околу 200 000 зрна муниција за пушки беше предадена на партијата во с. Крушоради која беше преземена од Толе Петков и Коста Ценго. Исто така, беа складирани и околу 5 камиони машинско масло. Ова оружје во текот на 1945 и 1946 год, беше поделено на борците на ДАГ (Демократска армија на Грција).

Покрај теророт што ја зафати целата земја од терористички вооружени групи, сега почна и легален терор од самите органи на власта кој растеше со зацврстувањето на власта од центарот кон други делови на земјата. Во почетокот на 1945 год. бројот на уапсените, затворените и интернираните борци секојдневно сè повеќе растеше. Се водеше еднострана граѓанска војна бидејќи населението беше голорако и немаше можност да им се спротивстави на вооружените банди. Протестите на ЦК на ЕАМ до командата на сојузничките сили и владата не помагаа, напротив тие ги поттикнуваа и ги поддржуваа во теророт. Народот почна масовно да демонстрира во сите поголеми и помали градови. Организацијата на овие протестни митинзи беше под контрола на организацијата на ЕАМ и на нив говореа нивни претставници.

## Организиран масовен протестен митинг во Лерин

На 15 март 1945 год. беше организиран и одржан масовен протестен митинг во Лерин со присуство на над 15 000 луѓе од Леринскиот округ.

Учеството на баничани беше масовно. Англиските војски и жандармеријата информирани за митингот ги блокирале сите при-

оди со барикади на улиците не дозволувајќи им на демонстрантите да влезат во градот.

Демонстрантите се вооружија со стапови, штици, колци од градините на предградиего на Лерин и насобраа камења и на даден знак за јуриш преку барикадите на непријателот, влегоа во градот, а англиските војски не се осудија да отворат оган, а не им дозволија и на жандармите да го сторат тоа. Демонстрантите се упатија на плоштадот Емонија пред хотелот Балканија. Преку 15 000 лица во еден глас пееја: „И ние сме деца на мајката земја и ние имаме право да живееме“. Се слушаа пароли: „Сакаме народна власт, човечки права, слободно и демократско управување, спокоен и мирен живот, без терор од воени злосторници и соработници на окупаторот и да им се суди од народот“. Исто така, се извикуваа пароли за повлекување на англиските војски: „Да живее КПГ, да живее ЕАМ“.

Митингот го отвори и почесен говор одржа претседателот на Окружниот народноослободителен одбор и градоначалник, Мичо Велаки, родум од Баница. Говореа претставници на ЕАМ, Ставро Кочев од Баница, и претседателот на СОФ за Егејска Македонија и Ригас. Од името на КПГ говореше секретарот Танос Фуркиотис.

Сите говорници ги осудија теророт, насилствата и безредијата што се прават и бараа владата да ги спречи, бараа ослободување на уапсените политички кадри и симпатизери и симпатизери на КПГ, ЕАМ, СОФ и др. невини лица и да прифатат одговорност сторителите на теророт, воспоставување демократска власт, чистење на редовите на војската, полицијата и единиците за безбедност од сите соработници со окупаторот и профашистички настроени лица од режимот на Метаксас. Извикуваа пароли: „Да живее КПГ, ЕАМ, СОФ“, „Долу реакционерна влада“, „Надвор од земјата на сојузничките војски“ и други.

Сојузната воена команда, следејќи го расположениеto на масата, се плашеше да не се упати во Леринскиот затвор каде што беа затворени повеќе соработници со окупаторот и воени злостор-

ници, затвор што го чуваа единици на Народната милиција на ЕЛАС. Затоа испрати свои единици кои го блокираа затворот, ги разоружа припадниците на Народната милиција и ги затвори заедно со злосторниците, па затворот го предаде на жандармеријата. Подоцна припадниците на Народната милиција беа изведени пред суд и осудени од воените судови на владата и сите беа испратени во концентрационите логори на пустите острови во Егејско Море, раскажува Илија Костовски од с. Буковиќ, Леринско. Не е потребен коментар, нели?

Во попладневните часови демонстрациите завршија и луѓето се вратија во своите домови по селата.

По овој протестен митинг започна уште поголем терор. Вооружени банди, жандармерија, единици на специјалните сили за безбедност и др. групи и поединци го вознемирувaa голоракото население, во домовите, на нивите и каде било напаѓајќи ги, претепувајќи ги, ограбувајќи ги, силувајќи ги жените и палејќи ги домовите, а тоа особено се однесуваше на македонското население за кое не се избираа средства за тотално истребување и кое беше нарекувано „паљовулгари и охрана". Голем број луѓе беа уапсени и без судење осудени и испраќани во логорите на смртта во Егејско Море.

Населението од Баница беше информирано за теророт во земјата преку печатот на демократските организации и партијата, како и лични контакти со др. села во Леринско, стравуваше и очекуваше еден ден тоа да се случи и во Баница, меѓутоа до почетокот на мај 1945 год. никој не се осудуваше да дојде во Баница, односно сè додека монархофашистите не ја презедоа и зацврстија власта. За тоа време во селото мирно течеа сите активности од страна на организациите.

По повод националниот грчки празник 25 Март - ослободувањето од турското ропство и добивањето независност, во Баница беше организирана голема парада и одржан голем митинг на кој зборуваа претседателот на Народноослободителниот одбор Мице Лаев, претседателот на МО на СОФ, Нуне Васев и во името на КПГ

говореше Димитар Кочевски. Сите говорници покрај значењето на овој празник, зборуваа и за револуцијата и за текот на НОБ 1941/1944 год., го осудија теророт и бараа од владата да преземе мерки да го спречи тоа, како и за демократизацијата на земјата и формирање на народна демократска власт со учество на сите демократски партии кои учествуваа во НОВ.

Блаже Забрцки, секретар на МК на КПГ за Баница, по одржувањето на 9. Пленум на ЦК на КПГ од 5 до 10 април 1945 год. во Атина според добиеното упатство информираше дека сите политички кадри треба да поминат во илегалство и да се засолнат во соседните братски социјалистички земји за да се избегне нивно апсење, а на теренот да останат само оние кои не се многу компромитирани.

Ова важеше и за кадрите на сите други општествено-политички организации.

Секретарот свика седница на МК на КПГ и на дневен ред се најде извршувањето на упатството и донесување заклучок кои кадри од Баница треба да останат на теренот, а кои да заминат во соседните држави. Според заклучокот, следниве лица требаше да заминат во Југославија:

- Блаже Забрцки - секретар на МК на КПГ
- Мице Лаев - претседател на НО одбор
- Дине Робев - општествено-политички работник и инструктор на ОК на КПГ со седиште во Баница
- Ристо Васев - општествено-политички работник и инструктор на ОК на КПГ со седиште во Баница
- Мице Неделков - општествено-политички работник и реонски инструктор на КПГ
- Павле Мангов - општествено-политички работник
- Ристо Васев - општествено-политички работник и инструктор на ОК на КПГ со седиште во Баница
- Кице Апчев - општествено-политички работник и инструктор на ОК на КПГ со седиште во Баница

- Стате Боглев - општествено-политички работник

- Софика Цугоманова - општествено-политички работник и инструктор на АФЖ

На седницата беше извршен избор на нов секретар на партијата, Цоле Рапов, дотогашен заменик на секретарот. За негов заменик беше избран Ставро Павлев, а за трет член - Павле Малинов.

Сите кадри преминаа во Битола, а некои подоцна заминаа за Булкес по налог на КПГ.

На теренот од баничките кадри, членови на окружните раководства на организациите во Леринско, останаа: Мичо Велаки, Ставро Кочев, Вангел Кујчев, Тодор Кочевски-Виктор, Димитар Кочевски и др. кои илегално се движеа и ги извршуваа задачите на своите комитети и органи на организациите.

### Терор во село Баница

Стравувањето на населението се оствари. Во почетокот на мај 1945 год. на Велигден, во селото пристигнаа големи единици жандармерија и го блокираа. Населението, кое прославуваше со музичките групи на Крише Пандев и Крише Јанчев, го затекнаа на средсело и штом ги виде единиците, почна да се разотидува. Жандармеријата го спречи да си оди и го заобиколи од сите страни. На музикантите им нареди да ја свират грчката химна, царското оро и сите да заиграат. Населението остана мирно и никој не сакаше да го игра ова оро. Почнаа на сила да ги фаќаат луѓето на оро, да ги влечкаат за јакните и да пцујат „паљовулгари, автономисти" и друго. Населението на сила го проби кордонот жандарми и се упати кон домовите. Почна општ претрес по домовите, малтретирање, грабеж. До вечерта жандармеријата се стационира во воените касарни во селото каде што остана засекогаш.

Во втората половина на мај 1945 год. во Баница пристигнаа 160 покани на лица за да се јават на суд, а обвинението беше дека се за самостојна Македонија и со тоа го подриваат државниот по-

редок во земјата. Настана општа паника бидејќи поканетите беа угледни и авторитетни лица и учесници во НОД и повеќето или беа повлечени во илегала во баничките планини или ја имаа преминато границата и се наоѓаа во соседните земји. Од поканетите решија да се јават 40 лица пред судот. Обвинителниот акт ги малтретираше дека се автономисти и дека со својата дејност го поткопуваат државниот поредок. Сите се бранеа, а некои ангажираа адвокати и докажуваа дека тоа се само измислици и провокации и некои во очи им рекоа дека сето тоа е вперено против македонскиот народ со цел малтретирање и истребување. Од судените 40 лица, без никаква докажана вина, беа осудени 17 лица на долгогодишна робија и веднаш беа испратени на островите во Егејско Море: Ристо Попалев, Нуне Васев, Доре Малинов, Леко Абов, Кице Јанчев, Макили Мангов, Блаже Крстен, Коле Танев, Борис Дуцев, Дине Шишарев, Крише Кочев, Ило Ребеткин, Филип Неделков, Борис Бабулов (воен инвалид од Грчко-турската војна 1919-1922), Крише Робев, Циле Јанев и Ило Абов.

Населението заплашено од нови апсења и судови, почна да го напушта селото и околу 200 лица преминаа во Југославија, а цели семејства го напуштија родниот крај што беше трагедија за Баница. Некои селани се плашеа од репресалиите на монархофашистите и не спиеја дома туку по полето, по планините.

Од осудените 17 лица, Доре Малинов и Филип Неделков беа испратени во Ајастрати, а другите осудени во други логори во Егејско Море. Доре Малинов во логорот им подлегна на раните од измачувањата и тепањето од стражарите. Мачен и тепан беше и стариот револуционер Филип Неделков и доведен до работ на смртта беше испратен во селото, односно ослободен. Лекарската и домашна нега не му ги залекува раните и по две недели им подлегна. Умре во кругот на семејството.

Поради големиот терор и издадениот налог за апсење на Лазо Рапов, секретар на МК на КПГ за Баница, тој се повлече во илегала и премина во Југославија. За нов секретар на МК на КПГ

во мај беше избран Павле Малинов, член на комитетот и заменик на секретарот, а за трет член беше избран Крише Мице Рапов кој ја продолжи партиската активност во строга илегала.

Од кадрите во Баница, членови на окружните раководства на КПГ, ЕАМ и на ЕПОН, како илегалци на теренот во Леринско останаа Вангел Којчев, Димитар Кочевски, Ставро Кочев и Теодор Кочевски-Виктор кои ја продолжија активноста и покрај теророт.

### Формирање на Земјоделската партија на Грција

Поради строгата илегалност на КПГ и тешките услови за работа, ОК на КПГ за Леринско издаде налог сите членови на Партијата да се зачленат во Земјоделската партија и во нивните редови да ја одвиваат својата политичка активност покрај дејствувањето во редовите на организацијата ЕАМ и во секое село да се формира огранок на земјоделската организацијата. Во април 1945 год. во Баница беше одржан конститутивен состанок и беше избран Одбор на земјоделска организација од 5 члена: Крише Робев, Крише Јанчев, Ѓорѓи Цугоманов, Славе Костов и Методи Гасков.

Според раскажувањата на Ѓорѓи Цугоманов, во с. Неокази - Леринско беше одржан состанок со делегати од сите селски и градски организации, а под раководство на КПГ за Леринско. Присуствуваа и членот на ОК на КПГ Боријас и две други лица на кои не им ги знае имињата. Од Баница како делегати беа присутни Ѓорѓи Цугоманов и Славе Костов, членови на МО на Земјоделската партија. На состанокот беа разработени тактиката и методата на работа на членовите на КПГ во оваа организација и надвор од неа, во други организации меѓу масата и војската.

**Формирање партизански групи и одреди**

Во почетокот на мај, по победата над фашизмот, дојде до расформирање на Првата егејско-македонска ударна бригада и сите борци влегоа во составот на Осмиот корпус на КНОЈ (Корпус за народна одбрана на Југославија).

По формирањето на бригадата во 1944 год. истовремено во Битола се одржа конференција со делегати од сите делови на Егејска Македонија и беше избрано политичко тело од 29 члена, на чело со комисија од 10 члена (Политичка комисија) што требаше да ја продолжи активноста на СОФ која имаше задача да стапи во контакт со КПГ за решавање на спорот за македонското национално прашање и признавање на легитимните права на македонскиот народ со право на самоопределување.

Политичката комисија на една своја седница одржана во април 1945 год. ја разгледа политичката и воена ситуација во Грција, особено во Егејска Македонија, и констатира дека овој дел од земјата е крајно загрижувачки. Масовно истребувачкиот терор предизвика емиграција на мирното македонско население во соседните социјалистички држави, а отпорот на прогресивното население во тој дел се зголеми.

Со цел да се заштити населението од теророт на монархофашистите и разбојничките банди, населението организира самоодбрана формирајќи селски стражи и вооружени групи и одреди кои се грижеа за самозаштита и навремено известување во случај на опасност.

Политичката комисија, со цел да го организира населението за самозаштита и одбрана на легитимните права на Македонците, ги обедини постојните организации на СОФ од времето на НОВ 1941/44 год. кои беа доста разбиени и деморализирани поради новата ситуација на теренот и на 25 април 1945 год. реши да формира нова организација и да го добие името НОФ -Народноослободителен фронт на Егејска Македонија, што треба да се смета како

продолжение на активноста на СНОФ. Значи НОФ се појави не само како организација и организатор на борбата на македонскиот народ, против националниот и класниот непријател олицетворен во владејачкиот атински режим во Грција, туку и како антитеза на опортунистичката погрешна политика на раководството на КПГ во однос на македонското национално прашање. Организацијата на НОФ со своите цели и задачи уживаше голем авторитет во Егејска Македонија. Едновремено беа определени и други кадри кои веднаш заминаа да ги формираат организациите на НОФ и да го обединат населението, а тоа беа: Ристо Коленцев, Вера Фотева-Болева, Ѓорѓи Турунџов, Тане Наумовски, Мичо Велаки, Тодор Кочев-Виктор и други. Ристо Коленцев и Лефтер Олевски добија задача да ги обединат сите вооружени групи и одреди како и поединци во партизански единици под раководство на НОФ. Од расформираната Прва егејска ударна бригада, голем број борци се јавија доброволно да заминат во Егејска Македонија и да се борат за легитимни права. Во првата организирана воена единица на НОФ влегоа околу 100 борци под команда на Лефтер Олевски и Ристо Коленцев. Голем број борци беа од Баница, и тоа: Ѓорѓи Алушев, Блаже Ташев, Дине Ташев, Дине Недин, Русе Џугоманов, Пеце Алушев, Лазо Вељанов, Ѓорѓи Абов, Лазо Гергев, Лазо Лаков, Ванчо Катин, Блаже Тошев, Кочо Хрисафов, Ило Мангов, Лазо Калпаков, Ило Неце Мангов и други.

Меѓу наведените, како политички и воени раководители од Баница кои заминаа на теренот беа: Лефтер Олевски - командант на баталјон, Мичо Велакин -политички комесар на бригадата ипсилантис, по чин потполковник и претседател на Окружниот народноослободителен одбор за Леринско, Тодор Кочевски-Виктор - член на ОК и инструктор на ЕПОН за Леринско и Вангел Кујчев - командант на националната милиција при Главниот штаб на ЕЛАС.

Мичо Велаки ја основа Првата партизанска база во месноста Ракијата во атарот на Баница која располагаше само со едно радио. Мичо Велакин со др. политички кадри од Баница: Ставро

Кочев, Вангел Кујчев, Тодор Кочевски-Виктор, сите членови на окружното раководство на Лерин, први почнаа да организираат отпорот на населението против теророт на монархофашистите и други окружни воени формации и поединци, помагачи на Сојузните сили стационирани во Леринско.

Ваквата воена активност на НОФ во Леринско и Костурско беше во спротивност со заклучоците на 11. Пленум на ЦК на КПГ одржан од 5 до 10 април 1945 год. во Атина, кога Арис Волухиотис беше осуден за таквата постапка, односно одби да го предаде оружјето и со околу 100 борци ја продолжи герилската борба за ослободување. Захаријадис ја нарече оваа постапка малодушност и дезертерство и рече дека Партијата нема да дозволи на некој свој член да ја продолжи оружената борба, а постапката ќе биде осудена и ќе се преземат мерки. Така и беше. Арис Валухиотис на 25 јуни 1945 год беше најден мртов на планината Пинд. На овој пленум беше критикувано и македонското раководстсво на КП Грција и дејствувањето на НОФ кое беше попречувано.

Во јули 1945 год. беше одржан Пленум на ЦК на КПГ на кој Захаријадис поднесе извештај и ги анализира причините за неуспехот на ЕЛАС, што главно ја оправда политичката линија на партијата и грешките ги препиша на поединци и на надворешните фактори на англискиот империјализам. И натаму беше против вооружена борба против монархофашистите и се залагаше за политичка борба, за вклучување на власта - каква грешка. На 12.2.1945 год. во Варкиза беше потпишана спогодба, а до јули, кога се одржуваше овој пленум, 10 000 бивши припадници и симпатизери на ЕЛАС и членови на КПГ се наоѓаа по затворите, а илјадници вооружени лица се наоѓаа по планините низ земјата или беа преминати во соседните социјалистички земји избегнувајќи го апсењето на монархофашистите и по нив беа издадени потерници. Во овој период на брутален начин беше извршена реставрација на бившата профашистичка власт. Распоредени се голем број жандармериски и владини сили кои не избираа средства и начин да ја

постигнат целта и власта на свои луѓе, да ги мобилизираат сите сомнителни и мрачни лица, соработници на окупаторот и профашистички расположени, окрвавени со народна крв без оглед на народност и вероисповед. Ги прифати сите пребегани воени злосторници и предавници од соседните социјалистички земји (Дражичевци, Лотиќевци, Домобрани, Балисти) кои успеаја да го одбегнат апсењето и да им суди народот како на воени злосторници направени во своите земји.

Во текот на јули 1945 год. во близина на село Котори, Леринско, во една воена акција беше ранет Ставро Кочев, политички инструктор на ЕАМ во Леринско и беше префрлен во битолската болница на лекување.

Во август 1945 год. по налог и влијание на КПГ, за Булкес-Војводина, заминаа политичките кадри Димитар Кочевски и Вангел Кујчев од Баница заедно со други од регионот и се приклучија кон ставовите на КП Грција.

## Активноста на младинската организација ЕПОН во Баница

Активноста на ЕПОН во почетокот на 1945 год. се одвиваше во нормални услови сè до крајот на април 1945 година. Младината со доброволна работа и самопомош ја изврши пролетната сеидба и им помогна на сите домаќинства што немаа работна рака или запрежен добиток. Дојдоа до израз единството и солидарноста на жителите на Баница.

Во овој период во раководството на организацијата беа:

- Мице Џугоманов - претседател;

- Геле Кочев, Павле Танев, Лена Крише Робева, Геле Апчев, Павле Апчев и Павле Димитров - членови.

Со доаѓањето на жандармериските формации и стационирање во Баница и апсењето на политичките кадри, младината се вознемири. Беа уапсени и членови на младинската организација, а од 160 покани за на суд, голем број беа за младинците. ЕПОН

почна да стагнира и да ја намалува активноста. Голем број младинци пребегаа во Југославија, а други заминаа в планина и започнаа вооружен отпор против теророт на монархофашистичката власт, а подоцна се приклучија кон партизанските одреди на НОФ, под раководство на Лефтер Олевски.

### Формирање на НОФ во Баница

Во почетокот на мај 1945 год., по враќањето на политички македонски кадри од соседните социјалистички држави, меѓу првите села во кои се формираше организацијата НОФ беше Баница. Дотогашното раководство на СОФ поради прогоните беше растурено во соседните земји, по затворите на монархофашистите или по планините. На поканата за основање на организацијата НОФ во Баница се одзва сето население. На состанокот беа изнесени и прифатени целите и задачите на организацијата. На крајот беше избран МО на НОФ во кој влегоа следниве лица:

- Блаже Крстин - претседател;

- Ристо Васев, Наце Басев, Павле Џугоманов и Пеце Танев - членови.

Имајќи ја предвид политичката и воена ситуација, НОФ работеше под многу тешки услови, но и покрај тоа покажа голема активност и служеше за пример за организирање на македонското население за борба против насилствата и теророт на монархофашистичката власт, организирање самоодбрана и самозаштита и борба за легитимни права на народот. Примерот на Баница го следеа и други лерински села. Во периодот мај-август 1945 год. во сите лерински села беа формирани организации на НОФ кои активно дејствуваа во определени услови.

Тоне Лулов раскажува дека во текот на мај 1945 год во с. Лаген, Леринско, беше одржан состанок на политичкиот партиски актив за Леринско, под раководство на секретарот на ОК на КПГ Тодор Ефтимјадис на кој присуствуваа и баничаните Вангело

Кујчев, Кице Кочев, Мичо Велакин, Димитар Кочевски, Тоне Лулов, Софика Петкова и Наце Јанчев.

На состанокот беше разгледана воено-политичката ситуација во земјата, особено во Леринскиот округ и условите за работа на теренот и развој на движењето. Беше извршена нова поделба на должностите во политичкиот партиски актив. Одговорен за обнова и поврзување на организацијата на КПГ стана Вангел Кујчев, за инструктор и одговорна за АФЖ - Софика Петкова и одговорен за ЕТА - народна помош, Мичо Велаки.

Поради лошите услови за работа на теренот (монархофашистички репресии), сите одбрани одбиле да работат таму. Политичкиот актив одлучи сите да заминат во Булкис, во Југославија. На теренот останаа Тоне Лулов и Наце Јанчев.

На Тоне Лулов му беше понудено да биде одговорен за обнова и поврзување на КПГ за Леринско, но тој одби бидејќи не постоеја услови, а остана како инструктор во баничкиот регион.

На 30 јуни 1945 год. движејќи се низ баничкиот атар во месноста Миреш -Гладно Поле, падна во заседа и беше повреден на две места во ногата. Монархофашистите го заробија и физички го малтретираа, па го пренесоа во Леринскиот затвор. Лекарска помош добил од затворениците, а властите не го ни погледнале.

Пуштен беше на слобода со сите други затвореници во август 1945 год. по дадената општа амнестија од владата на Софулис за сите уапсени учесници во ЕЛАС и политички работници на КПГ, ЕАМ и др. Тоа беше привидно, бидејќи веднаш продолжи теророт со поголема жестокост и голем број затвореници повторно се вратија во ќелиите.

## Преземање на управата над рудникот за јаглен од страна на монархофашистите

По воспоставувањето на легалната власт од страна на монархофашистите во Леринскиот округ во мај 1945 год., веднаш го

доведоа бившиот сопственик на рудникот во Баница, Елефтериос Палис. Сопственикот на рудникот, Палис, забрани секакво бесправно копање јаглен во баничкиот басен и со жандарми одеше по куќите и вршеше претрес, а секаде каде што ќе најдеше јаглен, поднесуваше кривична пријава до окружното јавно обвинителство во Лерин, товарејќи ги за кражба на неговата сопственост. Пред судот во Лерин беа обвинети 200 баничани кои не се појавуваа на суд на судските покани, а поголемиот број обвинети беа пребегани во СРМ или во планините.

Поради големиот терор што го вршеше Лефтерис Палис врз работниците во рудникот, организацијата на НОД донесе одлука тој да биде ликвидиран.

Партизанската група под водство на Лефтер Олевски и Ристо Коленцев со успех ја заврши задачата. Палис отвори оган од огнено оружје и тогаш групата одговори со оган и рачни бомби при што беа убиени тој и неговата внука Атина која била дома. Исто така, со одлука на НОД, беше убиен и чуварот на рудникот Димко кој грубо се однесувал кон населението не дозволувајќи му да полни вода од пумпите во рудникот. Беше предупреден да не го малтретира населението, но тој продолжуваше вперувајќи пушка кон незаштитените.

По убиството на Палис, во септември 1945 год. монархофашистите презедоа општа офанзива за чистење на територијата на Леринско од партизаните и нивните симпатизери. Над 10 000 војници и жандарми учествуваа во масовниот терор по селата, а во планините имаше жртви од двете страни во судирите меѓу партизаните и непријателите. Разбиените партизански групи и граѓани и селани кои се најдоа на удар, беа принудени да пребегнат во СРМ.

Во една таква акција, во месноста Аеро, во атарот на Баница, една монархофашистичка чета предводена од Гркот Мичо Михаели, банички зет, падна во заседа на партизанска група предводена од Ѓорѓи Тутунџов и беше повреден. Помошта во сила од монархофашистите им помогнала да преживеат, а тие секојдневно

се шетале низ селото пукајќи меѓу селаните и носејќи стотици лица во станица на испрашување, тепање, малтретирање и убивање под сомнителни околности во затворите и надвор од нив.

Партизанските одреди ги продолжија активностите и акциите во Леринскиот округ.

## Прослава на годишнината од нападот на Грција од страна на Италија

На 28 октомври 1945 год. во Баница се одржа парада што ја организираа монархофашистите, а беше во чест на годишнината од нападот врз Грција од страна на Италија. Тие побараа и месното население да учествува во тоа и под принуда и заканување се јавија околу 100 младинци и околу 50 работници во рудникот.

Мице Цугоманов, претседател на младинската организација на ЕПОН, кога дојде пред трибината на која стоеја тираните, со тупаницата поздрави со интернационалниот пролетерски поздрав, а по него, марширајќи со поздравот продолжија сите младинци. Ракоплескањето од трибината престана и уште истиот ден почнаа прогонства против младината. Во жандармериската станица одговорија дека во занес така поздравиле, несвесни за стореното, со образложение дека пролетерскиот поздрав не е страшен и лош. И покрај малтретирањето и тепањето не го издале организаторот на постапката.Соседните села биле восхитени од баничката младина.

## Седми конгрес на КПГ

Во почетокот на октомври 1945 год. во Атина беше одржан 7. Конгрес на КПГ, 10 год. по претходниот - 6. Конгрес на КПГ. Во меѓувреме КПГ работеше по определена стратегија и тактика во услови усвоени на 6. Конгрес, стратегија за водење на НОВ 1941-1945 год. која се покажа за погрешна. Таа беше менувана од случај до случај од страна на ЦК на КПГ или Политбирото на КПГ

без поврзаност во целина со јасна стратегија и тактика, најчесто со донесени одлуки на мала група членови или и поединци што беше погубно и се одмазди на борците и покрај големото учество во НОД во текот на НОВ. КПГ војната ја загуби поради погрешната политика и кусогледоста на раководството на Партијата.

На овој конгрес беше потврдена Програмата на народна демократија, донесена на 12. Пленум на ЦК на КПГ, одржан во јуни 1945, во која пишува: „Власт - здружен сојуз на работниците, селаните, службениците и слободните професии, средните и ситните слоеви на буржоазијата. Беше констатирано дека остварувањето на целите и задачите од оваа програма е спречено со вооружена интервенција на странските воени сили во Грција кои ја предадоа власта на домашните предавници за интересите на грчкиот народ. Штом тие дојдоа на власт почнаа да го малтретираат демократскиот грчки народ. Воопшто не беше изнесена критика кои се тие членови на раководството на КПГ што ја доведоа земјата во економска и, пред сè, воена положба и го оставија народот на милост и немилост на профашистичките елементи, од стопроцентната победа на ЕЛАС која се претвори во пораз. Овој конгрес сè уште можеше да влијае во државата затоа што сè уште не беше профашистичкиот непријател добро организиран во власта. Значи КПГ можеше да го повика народот на општо востание против домашните и странските завојувачи и да го принуди со својата воена и политичка моќ да преговара и да ги диктира условите.

Конгресот требаше да биде пресвртница и да ги исправи грешките. Требаше да ги исфрли и јавно да ги казни лошите раководители кои дозволија да се вратат бегалската влада и Англичаните. Требаше да се утврдат нова стратегија и тактика за натамошен тек на борбата за ослободување на земјата. КПГ немаше сили да го стори тоа или беше во заблуда од рефератите на некои членови на Политбирото.

Делегатите на конгресот бараа да се спречи теророт на десничарските ориентирани елементи во земјата, тие бараа од

странскиот непријател постепено да се повлече и да не дава јавна поддршка на терористите кои со нивниот благослов настојуваа да воспостават фашистичка власт.

## Масовни митинзи и протести во земјата

1945 година е завршена со одржување голем митинг во Атина на 25 декември, на кој присуствуваа преку 150 000 граѓани на главниот град. Во името на КПГ зборуваше заменик-секретарот на Захаријадис, другарот Сјантос. Тој се заложи за повлекување на странските окупациски сили од Грција. Меѓу другото, рече:

„Ние нема никого да загрозиме говорејќи за монархофашистичкиот терор. Но, ако владата не може да ни обезбеди сигурност, ние самите ќе се обезбедиме со масовна самоодбрана“ - каква кусогледост, со апели сака да постигне политичко решение наместо да го искористи револуционерното расположение на населението и на силата да се спротивстави само со сила под паролата што некогаш ја изрекол некој грчки револуционер „Молон лаве“ (Дојди, па земи ја) -се работеше за одбрана на Атина.

Масовните протести продолжија и во почетокот на јануари 1946 год, како продолжение на атинскиот. Се чувствуваше општа затегнатост и јавна поддршка на КПГ. Масовните работнички протестни митинзи, штрајкови и демонстрации бараа повлекување на окупациските сојузнички сили и престанок на теророт и безвластието на организацијата „Црни фронт“. Бараа нормални услови за демократски развој на земјата и мирен живот, значи политички барања што КПГ требаше да ги искористи.

На 7 јануари 1946 год. повторно во Атина и Пиреја избувнаа протести и штрајкови кои се проширија во сите градови. Жандармеријата насила ги растураше работниците и пукаше врз нив, како што беше случајот во Солун кога беа ранети многу работници, а раководството беше во опозиција барајќи по мирен пат да дојде на власт - голема грешка.

Во егејскиот дел на Македонија дејствуваа мали партизански групи и одреди за заштита на населението бидејќи другите беа во соседните земји.

Зимата 1945/46 год. беше многу студена со врнежи од снег што ги отежнуваше условите за дејствување на партизанските групи. Монархофашистите не даваа мир со потери по селата и планините. Во една партизанска група која дејствуваше на планината Радуш во баничкиот атар беше и борецот Борис Лазо Диманин родум од Баница. Во текот на февруари 1946 год. оваа група водеше повеќедневни воени акции и борби со монархофашистите и денови и ноќи престојуваше на теренот со мраз и снег. Борис Диманин премрзна и беше префрлен во партизанската болница вос. Прекопана, но не преживеа. Беше закопан со сите почести во Прокопана. Зад себе остави жена и две малолетни деца.

**Прогласот на КПГ за востание и бојкотирање на изборите**

На 7. Конгрес на КПГ беше донесено решение за миролубиво дејствување и решавање на прашањето за учество на КПГ со своите претставници во владата, но во почетокот на 1946 год. беше увидено дека владата не ги почитува договорите и врши терор и апсења против прогресивно настроеното население депортирајќи го на пустите грчки острови. Политбирото на ЦК на КПГ издаде проглас до сите бивши борци на ЕЛАС и населението да се крене на вооружено востание во целата земја и со оружје да се спротивстави на теророт на владините сили. Во прогласот се бараше прогресивното население да не учествува на изборите закажани од привремената влада за 31 март 1946 година.

Во согласност со прогласот, населението масовно се одзва и не учествуваше на изборите, особено во егејскиот дел на Македонија и покрај преземените драстични мерки и закани. Специјалните единици на владата на денот на изборите вршеше масовни апсења на демократски настроените лица по селата и градовите, како и на непослушните во нивните редови.

### Организиран масовен протест во Лерин

Во знак на протест, Окружниот комитет на КПГ за Леринско на 24 март 1946 год. во Лерин организира голем масовен протестен митинг со учество на населението од сите села. Присуствуваа 4000 лица, а пред нив говореа членови на ОК на КПГ, ЕАМ и НОФ. Го повикаа населението да не излегува на изборите на 31 март 1946 год. под паролата: „Ни еден на гласање", а присутните со ракоплескање го прифатија тоа извикувајќи антифашистички пароли. Се бараше од владата да ги почитува склучените договори, да се спречи теророт, да се распуштат терористичките организации и да се исфрлат сите соработници на окупаторот и домашни предавници кои беа меѓу нив, да се формира привремена демократска влада која ќе спроведе праведни и демократски избори под поволни услови за слободно изразување на народната волја за претставници во парламентот.

Во текот на март 1946 год. раководството на НОФ за Егејска Македонија испрати меморандум до грчката влада да се спречи теророт и насилствата и да се ослободат уапсените лица.

Во Баничкиот регион се движеа партизански групи предводени од Вангел Кујчев и одредот на Лефтер Олевски, но беа слабо вооружени. Во март 1946 год. презедоа извесно количество оружје од МК на НОФ од Баница, скриено во баничките рудници за јаглен и ги вооружаа сите баничани и др. лица кои се движеа по теренот на Радушка Планина. Дел од тие лица стапија во партизанските одреди, а дел останаа да дејствуваат поединечно, неорганизирано и самоиницијативно и да вршат диверзантски акции. Окружното повеpенство на НОФ донесе одлука сите или да се приклучат на партизанските единици или да го предадат оружјето и да преминат во соседните социјалистички држави. Така и стана. Тие што не сакаа да бидат партизани го вратија оружјето, ги презеде Ѓорѓи Турунџов и ги префрли во Битола. Подоцна, есента 1946 година, тие доброволно се вратија и стапија во редовите на македонските партизански единици.

## Изборите и учеството на с. Баница

На изборите на 31 март 1946 год. во Леринскиот округ излегоа на гласање само 20 проценти од населението и тоа според официјалните изборни извештаи. Преостанатите 80 проценти го прифатија прогласот на КПГ и не излегоа на гласањето.

Во Баница од запишаните 614 лица на изборите гласале само 66 лица, односно 10 проценти од запишаните во избирачките списоци, од кои 22 биле баничани, а 44 биле службени лица и учители во Баница.

И покрај заканите и заплашувањата, тие немаа успех. Меѓу 22-та баничани кои гласаа беше и семејството на Мице Катин кој беше навреден од ЕЛАС поради убиството на неговиот син Ило Катин поради предавство и злоупотреба од лична корист на движењето. Во пролетта 1944 год. беше уапсен од партизаните и по сослушувањето беше осуден на смрт и убиен. Ова семејство даде неколку гласа, а другите што гласаа беа лица во чии домови живееја лица кои беа на служба во селото и поради нивната наклонетост беа на гласање. Гласаа и тие што имаа зетовци грчки жандарми.

Треба да спомeнеме дека од стационираните владини сили во касарната, еден цел баталјон, спроти изборите беа уапсени и затворени, затоа што власта сметала дека се демократски настроени и претставуваат извесна опасност. Ова беше сторено низ целата земја.

## Нов масовен терор над населението во Баница

Поради апстиненција на населението на изборите во Грција, на денот по изборите беше донесен закон со кој КПГ е надвор од законот и ѝ се забранува политичка активност во земјата. Почна посилен терор, особено врз македонското население. Баница беше повеќепати блокирана во периодот од 1 април до 22 мај 1946 год.

и беа уапсени 60 лица, спроведени во Леринскиот затвор, тепани и мачени до смрт.

Уапсени беа следниве лица: Коле Танев, Нуне Танев, Дине Шишарев, Славе Неделков, Кице Апчев, Крише Кочев, Павле Малинов, Макиле Мангов, Ило Абов, Доре Васил Малинов, Мице Мангов, Пеце Танев, Борис Бабулов - воен инвалид од војната во Мала Азија, Леко Абов, Крише Гајрев, Ристо Поалев, Павле Апчев, Крише Павлев, Славе Катин, Крише Катин, Стојан Котронов и др.

По спроведувањето во затворот, штрајкувале со глад барајќи да дојдат до градоначалникот на Леринскиот округ и да им каже зошто се затворени. Извикувале пароли за демократијата, НОФ, ЕАМ, КПГ, пееле револуционерни песни. Штрајкот со глад траел 3 дена и ги принудиле управата на затворот и градоначалникот да им дојдат на посета и да им ги ислушаат барањата бидејќи ним им се придружиле и други стотина затвореници. Градоначалникот им соопштил дека се обвинети за непријателска дејност во корист на друга држава и поткопување на уставниот грчки режим и ќе им биде судено.

Следните денови 58 баничани биле изведени на суд со ова обвинение како и за убиства вршени за време на народноослободителното движење 1941-1945 год. Во судот како сведок се појавил Мице Катин со синовите Јанко и Блаже и ги товарел за смртта на синот Ило Катин. Тој изјавил дека тоа се случило затоа што син му рекол дека се чувствувал дека е Грк и не сака да соработува со бандитите. Сведоци биле и Стамати и Мичо Михели-браќа оженети со баничанки, а по народност Грци. Стамати рекол дека во Баница немало партизани туку бандити (симоритес) организирани со цел да ги истребат Грците. Мичо Михели изјавил дека бандитите го заробиле и го спровеле во планината Радош, а по интервенција на Вангел Којчев бил ослободен и повторно нападнат во околината на Баница при што му помогнала воената единица. Тогаш бил и ранет.

Во одбрана на обвинетите настапил сведокот Илија Џовани, Грк, банички зет за ќерката на Циле Лаев кој изјавил дека изјавите

на сведоците не се точни и дека за сето време на НОВ живеел во Баница и никој ништо не му сторил, туку се чувствувал како во родно место. Во одбрана на обвинетите настапил и Глигор Данев, правник од Баница.

По завршувањето на судењето сите 38 лица биле осудени на долгогодишни казни затвор и испратени на пустите егејски острови каде што поминале од 5 до 15 год. тешка робија.

На овој процес им се судеше и на лица во отсуство родени во Баница, кои за време на НОД и периодот на потпишувањето на Договорот во Варкиза продолжија да се борат против новиот режим. Меѓу осудените во отсуство беа: Лефтер Олевски - командант на одред; Вангел Кујчев - поранешен инструктор на КПГ, а тогаш инструктор на Окружното поверенство на НОФ; Дине Робев -инструктор на КПГ; Кице Кочев - претседател на НОФ за Егејска Македонија; Димитар Кочевски - командант на одред и инструктор на ЕАМ; Тодор Кочевски-Виктор - инструктор на ЕПОН, секретар на Окружното поверенство на ЕПОН (НОМС); Атанас Катиновски-Гоче - поранешен инструктор на ЕПОН и политички инструктор и офицер на ОЗНА на баталјон, престојува во Југославија; Мице Неделков - инструктор на КПГ; Мичо Велакин - прв претседател на НОО на Леринскиот округ, началник на градот Кукуш и одговорен по агипроп и печатот во округот; Софика Петкова - инструктор на АФЖ и Кице Мангов -политички емигрант во Бугарија.

Кице Мангов беше осуден на смртна казна, а другите на временски казни - 20 години робија - во отсуство.

Сите осудени во отсуство, освен Атанас Катиновски-Гоче кој се наоѓаше во Југославија и Кице Мангов во Бугарија, работеа и дејствуваа на територијата на округот, ширејќи го народноослободителното движење против режимот.

На Први мај 1946 год. населението од с. Екшисо, Леринско, излезе да го прослави Празникот на трудот во месноста Солинар каде што им се придружи партизанска група под команда на Лазо Попдимитров родум од Баница. Жандармеријата информирана за

оваа прослава тргнала кон планината со цел да ги растури собирот и веселбата. Партизанската единица имаше поставено заседи и извиднички стражи на доволно растојание, па оваа единица беше поразена, при што загинаа двајца жандарми, еден беше заробен, а другите побегнаа кон селото. По кратката постапка на сослушување на заробениот жандарм, поради неговите ѕверства беше осуден на смрт и стрелан од командата на партизанската чета. Неговата пушка ја зел командирот Лазо Попдимитров и неколку дена по настанот му ја дал на Мире Бабулов кој имаше трло во околината на Баница, во месноста Осојте. На пат кон селото паднал во заседа на жандармите кои го уапсиле и го однесле во станица каде што го тепале и мачеле, но ништо не признал. За жал, истовремено беа фатени двајца курири - партизани од групата на Вангел Кујчев во месноста Церово и мачени во затворот. Едниот од нив, Трајче Аџиев од с. Церово, кој многу бил мачен, не можејќи да ги издржи болките кажал за борбата кај с. Екшисо, за убиството на жандармите и за земањето на пушката од страна на Лазо Попдимитров. Тој не знаел дека партизанот Лазо е во затвор и не сакајќи, го предал. Извршено било соочување и Лазо Попдимитров признал дека пушката ја оставил во бачилото на Мире Бабулов, во месноста Осојте.

Била испратена жандармериска единица која го блокирала трлото во утринските часови и го затекнала Мире Бабулов со синот Ставре во колибата. Мире Бабулов бил претепан до смрт и не признал дека има пушка кај него. Еден од жандармите го зел синот и го условувал Мире со него. Ставре поверувал дека ќе го спаси татко си и себе и кажал каде е скриена пушката. Тогаш жандармите се вратиле кај полумртвиот татко и го убиле, а малолетниот син го поштедиле. Ги собрале овците и козите и го запалиле трлото, оставајќи го малиот Ставре покрај него. Лазо Попдимитров беше спроведен во Леринскиот затвор и обвинет за убиство на жандарм и за непријателска дејност во корист на туѓа држава (Југославија) Беше осуден на смрт со стрелање, а по жалбата за пресудата од

адвокатот, второстепениот суд му ја замени казната на 18-годишна робија со принудна работа во логорите на смртта на островите. Таму поминал 18 години и според негово раскажување работел од 15 до 18 часа дневно со мизерна исхрана и малтретирање. Камшикувањето и самиците биле честа појава во логорот за сите затвореници и за него. Со својата младост издржал и по 18 год. беше ослободен. Болен се враќа дома, бара здравствена заштита, но е одбиен. Илегално ја преминува границата во реонот на Битола каде што е прифатен и испратен на лекување.

Истовремено во една акција беа уапсени Крише Кочев и Павле Апчев кои и покрај психофизичкото малтретирање, не признаа ништо за партизаните на ДАГ. Крише Кочев ги преживеа малтретирањата и тепањата и беше пуштен. Поради постојаното малтретирање емигрираше во Канада кај своите блиски и таму умре во 1980 год. како тежок воен инвалид.

Вториот уапсен, Павле Кице Апчев, ги преживеа сите мачења во баничката жандармериска станица и со повреди беше префрлен во Леринскиот затвор без никаква лекарска помош. Храбро ги поднел сите методи на мачење и во лице на мачителите им зборувал дека ако преживее, ќе се одмазди, ако не, другарите ќе го сторат тоа. Беше убиен ѕверски во баничкиот затвор, без да биде суден и осуден.

Павле Апчев е роден во 1925 год. во Баница и потекнува од работничко семејство. Како младинец се вработува во рудникот за јаглен. По окупацијата во 1941 год. станува член на младинската комунистичка организација ОКНЕ и активно учествува во прибирањето оружје и воена опрема. За член на КПГ е примен кон крајот на 1941 год., кога стапува во Баничкиот партизански одред и учествува во сите акции во редовите на ЕЛАС до пролетта 1945 год, кога се враќа во селото и ја продолжува активноста сè до апсењето. Народот загуби уште еден борец. Баничкиот воен баталјон и жандармериска чета започнаа пресметка со баничката младина. Уапсени беа малолетниците Ѓорѓи Малинов, Таки Кочев

и др. и со тепање се обидуваа да извлечат податоци од нив. И покрај тортурите, децата останаа неми, ништо не кажаа и беа ослободени по интервеницијата на месната власт.

Во јуни 1946 год. во борби меѓу партизаните и владините силе, во близина на селата Лажани-Арменоро-Леринско, во месноста Јачево Поле беше ранета и заробена Софика Џугоманова од Баница, член и инструктор на Окружното поверенство на АФЖ за Леринско, а Кице Кочев беше полесно ранет, се повлече со партизанската единици и беше упатен на лекување во Битола.

Во Леринскиот затвор Софика Џугоманова беше малтретирана и понижувана за да ги предаде соборците, но таа ништо не кажа. Беше осудена на 18 години робија со принудна работа во логорите на смртта на островите во Егејско Море. Ги издржа мачеництките робијашки денови без барање милост.

Во текот на јуни Баница беше блокирана и беа уапсени: Крише Кочев, Митра Кочева, Ставро Бабулов, Богле Боглев, Ставро Лулов, Коле Попдимитров, Ставро Попдимитров и Миле Попдимитров. Овие лица беа обвинети за снабдување на движењето и партизаните со храна и др. потреби. Во Леринскиот затвор беа долго време измачувани.

За одмазда на убиените тројца жандарми во планината Киселар, монархофашистите во с. Екшисо уапсија голем број селани кои беа однесени во Леринскиот затвор. Многу лица од нив беа стрелани без судска постапка во текот на јули 1946 год.

### Напуштањето на Булкес од баничани

Во мај 1946 год. шефот на раководството на КПГ одржа состанок во Булкес со сите политички кадри на КПГ и беше разгледана политичката и воена ситуација во Грција, како и можностите за враќање на некои кадри во Грција ѝ за почнување политичка и воена активност против сè поорганизираниот монархофашизам.

По пристигнувањето во Битола се јавија во Политичката комисија за Егејска Македонија и се ставија на располагање. Напуштањето на Булкес беше поради нивниот револт кон КПГ бидејќи постоеја големи несогласувања меѓу македонските и грчките кадри.

## Организирање на масовно партизанско движење и формирање воен штаб на македонските партизани на Вичо

Во текот на август 1946 год. во родниот крај се вратија поголем број партизански кадри од Југославија, со цел да се формираат поголеми партизански единици и да ги обединат постојните партизански чети на теренот за заштита на населението од теророт. Почна организирање на НОФ и други општествено-политички организации. Требаше да се организира народот и да се најдат најповолни форми за самозаштита од монархофашистичката власт.

Во текот на јуни/јули македонските кадри се собраа на планината Вичо и формираа Воен штаб како највисоко воено тело кое ќе ги раководи оперативните македонски воени единици во Леринско-костурско и Корештијата.

Во составот на Воениот штаб влегоа:

- Пандо Шиперков - командант
- Кендро Страто - политички комесар
- членови: Лефтер Олевски од Баница, Михали Гранити од Крчишта, Ѓорѓи Шарини од Бапчор, Ристо Коленце-Кокинос и сите команданти на одредите: Вангел Кујчев - командант на партизанскиот одред за Леринско, Вангел Мангов - командант на партизанскиот одред за Костурско, Ѓорѓи Калков - командант на 3-от Македонски партизански одред за Корештијата.

Подоцна се формира и 4-от Македонски партизански одред на планината Синачко, со командантот Карабера, Барба Кичо.

Вангел Кујчев замина за Југославија, а одредот го презеде Лефтер Олевски. Ристо Коленце-Кокинос исто така се врати во СФРЈ.

# АКТИВНОСТА НА ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ЗА ЛЕРИНСКО

## Поважни акции на одредот под раководство на Лефтер Олевски

Веднаш по формирањето на одредот почнаа да го чистат теренот од истурените полициски единици на монархофашистите по планинските села со цел да се создаде слободна територија, а со тоа и услови за живот и одмор на партизанските единици.

Во текот на јуни го нападнавме с. Лаген каде што имаше стационирано жандармериска станица и со помош на месното население ги разоружавме и ги истеравме во Лерин.

Во почетокот на јули ја нападнавме жандармерискта станица во с. Бапчор, ги разоружавме и ги истеравме од селото.

По разоружувањето на жандармеријата во овие села по падините на планината Вичо се создаде првата слободна територија во Егејска Македонија.

Монархофашистите организираа офанзива кон Вичо со цел да се ликвидираат партизанските единици, но наидоа на голем отпор и во борбите владините сили имаа многу жртви, меѓу кои и еден мајор. Во панично бегство се повлекоа во Лерин.

Во септември во борбите во с. Негован, Леринско, загина Вангел Зико, роден во с. Негован, а домазет во Баница. Тој беше молерски работник и целиот свој живот го посвети на борбата за идеалите на работничката класа.

Во септември 1946 год. одредот го нападна с. Вртолом-Леринско, населено со Грци доселеници од Мала Азија. Населението беше вооружено од монархофашистите, но беше поразено и беа

запленети големи количества опрема и оружје. Во оваа борба загина Костас Кидрикидис-Авгеринос од с. Пашошница.

Во истиот месец го нападнавме с. Неволјани-Леринско и по победата го запленивме оружјето на селаните поделено од власта. Овде загина командирот Христос Апостолидис-Керавнос од с. Клештина.

Есента 1946 год. 1-от Македонски партизански одред за Леринско постави заседа на планината Бигла, Леринско, на меѓународниот пат Лерин-Корча и нападна воена формација на регуларната владина војска која се движеше Лерин-Костур. Имаше жртви од двете страни, а непријателот имаше големи загуби на транспортните средства и воената опрема.

Во оваа борба загина Лазо Ѓорѓи Рапов, роден во Баница. Беше храбар и дисциплиниран борец, пушкомитралезец со голема желба да се бори за слободата на својот народ.

## Расцеп меѓу НОФ и КПГ и повторен договор

Во септември, раскажува Лефтер Олевски, дојде до расцеп меѓу македонските и грчките воени одреди и се формираа две групи партизански единици кои одвоено дејствуваа без соработка во борбата против монархофашистите.

Во ноември 1946 год. повторно беше постигната согласност меѓу раководните грчки и македонски кадри, односно меѓу раководството на НОФ и КПГ за формирање заеднички воен штаб на Вичо во чиј состав влегоа: Пандо Шиперков - командант и Кузмас Спанос-Аминтас - комесар. Членови на штабот беа Лефтер Олевски, Ѓорѓи Калков, Вангел Мангов и Михали Гранити.

Беше извршена реорганизација на партизанските единици и беа формирани следниве партизански одреди:

- одред кој ќе дејствува на Кајмакчалан, Вичо, Бигла и Преспа под команда на Лефтер Олевски;

- одред кој ќе дејствува во Корештијата и Даило под команда на Ѓорѓи Калков од с. Вишина;

- одред кој ќе дејствува во Малимади под команда на Вангел Мангов-Вангелис од с. Жупаништа;

- одред кој ќе дејствува во Синачко под команда на Карабера Јани од Блаци.

Во овој состав одредите дејствуваа сè до формирањето на поголемите воени единици и формирањето на ДАГ во летото 1947 год. кога овие одреди се реорганизираа во бригади:

- одредот Вичо прерасна и се формира 18. бригада;
- одредот од Малимади прерасна и се формира 14. бригада;
- одредот Синачко со Грамос прерасна и се формира 197 бригада.

## Враќањето на баничани од Југославија и стапување во партизани

Во текот на 1946 година од Југославија се вратија следниве баничани кои стапија во партизанските единици: Вангел Забрцки, Глигор Ќосев, Тане Јовчев, Методи Апчев, Методи Гасков, Блаже Неделков, Трифо Малинов, Лазо Рапов, Зико Мангов, Методи Васев, Ристо Васев, Лазо Катронов, Славе Куртов, Ило Васев, Кице Васев, Борис Диманин, Наце Ристо Малинов, Павле Дајков, Стојан Катронов, Кице Апчев, Методи Катронов и Наце Рапов.

Напомнувам дека сите горенаведени лица беа во составот на Југословенската народна армија по расформирањето на Првата егејска ударна бригада и доброволно се вратија да ја продолжат борбата во родниот крај.

Исто така, од Булкис, Југославија, се вратија и во редовите на партизаните се вклучија: Вангел Кујчев, Софика Џугоманова (Петкова), Киро Џугоманов, Дине Робев, Кице Кочев, Мице Неделков, Фаза Дине Рабова, Лазо Попдимитров, Стојче Генев, Тренде Малинов, Мице Лаев, Дика Малинова и Наце Јанчев.

Во текот на 1946 година од селото Баница се приклучија во партизанските единици следниве лица: Борис Олев, Андра Олева, Ѓорѓи Малинов, Калипса Малинова, Гоче Ничов, Пандо Танев, Димо

Танев, Ѓорѓи Џугоманов, Васил Џугоманов, Дине Јанин, Блаже Пенџов, Пеце Малинов, Стојан Робев, Дине Диманин, Блаже Ило Неделков, Блаже Котронов, Ило Генев, Фана Шишарева, Гоче Ничов, Блаже Рикалов, Михаил Тошев, Стојан Тошев, Тасе Велјанов, Трајко Велјанов, Тодор Ристо Малинов, Ило Ѓонде, Мице Мангов, Дине Генев, Кочо Јовчев, Лета Васева, Кице Апчев, Хариши Падев, Кице Коприн, Кице Јанчев, Гире Гасков, Славе Неделков, Пандо Неделков, Ѓеле Апчев, Богле Бабулов, Борис Неделков, Дине Минчев, Тане Гергев, Пандо Џугоманов и други. Кон крајот на 1946 година во редовите на партизанските единици од Баница учествуваа околу 200 борци кои се бореа против монархофашистите и меѓународниот империјализам и беа на разни воени и политички должности.

Во овој период се вратија и сите други борци кои беа во Првата егејска ударна бригада во составот на ЈНА и стапија во редовите на партизанските единици во Егејска Македонија и пошироко во Грција.

## Загинувањето на првоборецот Дине Робев

Во декември 1946 година, една партизанска група под раководство на првоборецот и организатор на движењето во Баница и пошироко во Леринско, член и инструктор на окружното поверенство на комунистичката партија за Леринско Дине Робев, презема акција за разоружување на вооружени селани и соработници на монархофашистите во село П'п'жани - Леринско. Известен од организацијата од теренот дека критичната вечер сите ќе бидат на состанок во зградата на училиштето околу 19 часот, тој со групата се приближува, ја блокира зградата на училиштето и незабележано ги фаќаат и разоружуваат стражарите. Со тројца партизани влегува на влезната врата со шмајзерот во раце и сите се предаваат освен еден во задните редови, кој го погодува смртно Дине Робев. Наредниот ден монархофашистите го зедоа телото на првоборецот Дине Робев и го врзаа за еден камион за нозете и така го влечеа од селото Пѫпѫжани до Лерин, со цел да го заплашат рево-

луционерно расположеното население. Таквото злосторство имаше обратно дејство меѓу народот, бидејќи нивните ѕверства и понижувања им беа добро познати. Ваквиот однос го зближуваше народот и го поттикнуваше на поголема мобилност за самозаштита и борба за човечко достоинство и национална слобода.

Загубата на овој народен деец болно одекна во Баница и Леринско, бидејќи им беше добро познат на сите.

Во една борба меѓу партизанските и монархофашистичките единици во село Котори, Леринско, во декември 1946 година загина првоборецот и пушкомитралезец Ѓорѓи Стефо Абов роден во Баница. Тој уште од мал мораше да се фати во костец со животот бидејќи беше од многу бедно повеќечлено семејство. Беше принуден да паси туѓи овци и да аргатува по селото само за корка леб. Штом малку порасна, се вработи во рудникот за јаглен како јамски работник и ги работеше најтешките физички работи.По окупацијата се приклучи кон младинското движење и стана член на ОКНЕ уште од 1941 година, член на партијата е од 1942 година, а на крајот на 1943 година доброволно стапи во редовите на Баничкиот партизански одред под команда на Лефтер Олевски. Помина долг пат низ виорот на револуцијата и учествуваше во сите борби што ги водеше неговата единица - борбите за ослободување на Битола, Ресен, Охрид и Струга. По расформирањето на бригадата во почетокот на мај 1945 година доброволно стапи во одредот на Лефтер Олевски и Ристо Коленце и се врати во родниот крај и ја продолжи борбата за слобода. За сето време беше пушкомитралезец,одличен стрелец и мајстор во ракувањето со ова тешко и опасно оружје. Стрелаше малку, но секогаш имаше полн погодок. Тој беше дисциплиниран со висока воена и политичка свест, член на Партијата и пожртвувано ги извршуваше поставените задачи.

## Масовно учество во редовите на НОФ и повторно терор

И покрај повремените судири меѓу раководствата на КПГ и на НОФ и доста сериозните недостатоци и слабости, по спогодбата меѓу двете раководства за порешителна вооружена борба, востанието во егејскиот дел на Македонија имаше широк замав. Пролетта 1947 година имаше ослободени цели реони во егејскиот дел на Македонија, меѓу кои Преспа со планините Вичо и Грамос. Планинскиот масив на Кајмачкалан и Пајак, исто така, беше слободна територија под контрола на партизанските единици. Слободна беше и територијата на планината Каракамен (Вермион). Во источниот дел на Егејска Македонија, исто така, беа создадени слободни територии. Вооруженото востание успешно се ширеше кон југ во цела Грција.

Учеството на македонскиот народ беше сенародно, сплотено во редовите на НОФ и во партизанските одреди.

Населението од Баница беше масовно приклучено во редовите на НОФ, а во редовите на партизанските единици на ДАГ имаше преку 400 борци и раководни кадри во заднината. Поради масовното учество на баничани во отпорот, населението сè почесто беше напаѓано од владините воени кадри. Монархофашистичката влада направи обиди да изврши општа мобилизација за пополнување на своите регуларни воени единици, меѓутоа одзивот, за разлика од 1946 година кога КПГ советуваше сите повикани да се јават и да стапат во редовите на владините единици и на повик на КПГ да преминат со сето свое вооружување во редовите на партизанските единици на ДАГ, беше минато. Ставот на ЦК на КПГ сега беше јасен и решавачки за вооружена борба против монархофашистичкиот и меѓународниот империјализам до конечна победа. Луѓето стапуваа во редовите на партизанските единици на ДАГ.

Во овој период граѓанската војна ја зафати цела Грција. Владините војски насекаде трпеа загуби и неуспеси од ударите на сега добро организираните и опремени партизански единици на ДАГ.

Пролетта 1947 година владините војски и жандермеријата стационирани во село Баница, Соровиќ и самиот град Лерин, започнаа акција за чистење на теренот во Баничкиот атар и пошироко. Во таа акција доживеаја неуспех. Тие беа добро известени дека во овој атар на планината Радош се стационирани поголеми партизански единици под раководство на Вангел Кујчев и Лефтер Олевски, чии борци беа претежно од Баница. Меѓутоа, раководството беше навремено известено од разузнавачката служба во Баница и го избегнаа опколувањето.

Владините единици стационирани во село Баница, враќајќи се од оваа акција, понижени и навредени за неуспехот на акцијата, ги фатија овчарите кои си ги пасеа своите стада овци во месноста Долгите Ораници и Петкојте трла, и тоа: Стево Цугоманов, Ѓорѓи Неделков и Богле Боглев, ги претепаа барајќи од нив да признаат дека се јатаци на партизаните. Ноќта меѓу 19 и 20 јуни 1947 во Баница започна општ претрес по куќите со крајна бруталност и дрскост кон населението. Сакаа да ја покажат својата сила и да го заплашат населението, а особено оние семејства што имаа партизани во редовите на ДАГ. Во оваа акција беа уапсени 30 лица, и тоа: Ламбо Дајков, Крише Јанчев, Крише Гајрев, Толе Кочев, Кице Руднички, Блаже Крапин, Павле Цугоманов, Павле Малинов, Нуне Васев, Јанко Малинов, Пандо Цугоманов, Кочо Мангов, Макиле Мангов, Ламбо Калпаков, Стојан Рапов, Филип Неделков, Ѓорши Неделков, Богле Боглев, Нуне Танев, Пеце Олев, Лиде Зисков, Јане Зисков, Методи Катронов, Доре Мице Јанин, Наце Рапов и други. Сите уапсени, освен Доре Јанин кој беше задржан во жандермеријата, беа товарени во камиони и пренесени и затворени во Леринскиот затвор. Воениот суд во Лерин ги обвини за непријателската дејност во корист на друга држава (Југославија). Сите беа осудени на долгогодишна робија и испратени во концентрациониот логор во Макронисо.

Во жандармериската станица во Баница, Доре Јанин, бившиот прославен командант на Националната милиција во Преспа 1944/1945 година, беше подложен на тешки и ѕверски мачења и

испитувања со разни методи кои предизвикаа смрт на првоборецот и легендарен командант на Преспа. За да го прикријат ѕверското убиство во жандармериската станица, ноќта меѓу 19 и 20 јуни 1947 година телото на Доре Јанин беше извадено северно од селото во близината на селските гробишта и фрлено во ендекот покрај патот што оди во месноста. Жандармеријата издаде соопштение дека Доре Јанин ноќта побегнал од затворот, потерата го пристигнала надвор од селото и бидејќи одбил да се предаде, бил убиен. Мртвото тело беше во таква состојба што на сите присутни им беше јасно дека злосторството е извршено во жандармериската станица.

Во јули 1947 година беа уапсени Мице Џугоманов, претседател на Месниот комитет на младинската организација НОМСМ; Геле Кочев, Кочо Рапов, членови на Месниот комитет на младината; селаните Блаже Дајков, Стево Дајков, Пеце Алушов, Ѓорѓи Танев, Коле Малинов, Јане Јанчев, Макиле Олев, Наце Малинов и Ката Хрисафова младинка. Сите уапсени без судење беа испратени во злогласниот концентрационен логор во Макронисо.

## Специјални мерки за војување од атинската влада

Грчката монархофашистичка влада, не можејќи да се пресмета со вооружените партизански единици на ДАГ, презеде специјални мерки за војување подучена од разузнавачката американска служба на ЦИА. Тоа беа специјалните американски мерки за водење борби во Виетнам. Министерот за внатрешни работи на атинската влада, полковник Наполеон Зервас, ги презеде во својот ресор следниве специјални мерки:

Присилно да ги испразни селата во реонот на операциите за да се лиши ДАГ од резерви и прилив на нови борци.

ДАГ да се лиши од природни извори на снабдување со храна бидејќи селата се главни снабдувачи на единиците на ДАГ.

Да се прекинат врските за известување и да се ликвидираат партизанските лозинки.

### Трагедијата на село Баница

Од овие специјални мерки беше на удар и Баница. На 8 јули 1947 год. во утринските часови сè беше блокирано и почна општ претрес и акција за чистење и протерување на партизанските семејства. На најбрутален начин владини војници упаѓаа во куќите кршејќи сè пред себе и протерувајќи ги надвор голи и жедни сопствениците разбудени од ноќниот сон, па дури и родилките со тукушто родените бебиња. Тие беа спроведувани до импровизираниот на логор на средсело, во Св. Димитрија.

Владините војници земаа сè што е вредно, а книги, списанија и тапии палеа на сред двор за да не останат документи како доказ за сопственоста.

Селските шпиони, меѓу кои беа браќата Стамати и Михели по народност Грци оженети за баничанки, ги покажаа партизанските семејства. Предавници беа и Коле Колеров и Мице Катин кои секогаш соработуваа со монархофашистите заради синот стрелан од партизаните.

Оваа акција ја раководеше злогласниот Делиѓанис командант на воените единици стационирани во Баница. Во логорот имаше приведено околу 43 семејства со 165 членови. Ги одвоија машките деца до 12 години од своите мајки со сила, ги качија на камион и ги испратија во концентрациониот логор Ајастрати на превоспитување и по 3 месеци ги ослободија. Другите ги протераа кон планините пукајќи над нивните глави. Кога сакале да се вратат дома, монархофашистите не им го дозволиле тоа. Се повлекле до самата југословенска граница постојано изложени на нападите и татнежот на експлозиите од непријателот. Ја преминаа границата и во СРМ беа пречекани од сонародниците. Далеку од дома, но сигурни.

Со протераните од селото беше и семејството на Атанас Катиновски-Гоче, член на ОК и инструктор на ЕПОН во западна Македонија кој се наоѓаше во редовите на ЈНА. Неговата мајка, сестра и снаа имаа важечки документи за патување во Канада каде

што од 1928 год. беше заминат таткото Лазар, но за монархофашистите не важеше тоа. Со силата на кундакот, ги вратија меѓу соселаните. Ова семејство се засолни во пазувите на планината и ноќта замина за Лерин, кај пријатели, а по неколку дена обезбеди визи и патни исправи и преку Атина замина во Канада.

## Операција „Терминус“

Во овој период на планината Грамос, каде што се наоѓаше Главниот штаб на ДАГ, беа преземени обемни акции од владините сили за чистење на партизаните со помош на американско-англиските воени советници и стручни лица кои директно учествуваа во акцијата под името „Врана“ што почна на 22 јуни 1947 год. и беше трета етапа од операцијата „Терминус“ која почна на 5 април 1947 година. Првата етапа под името „Орел“ претрпе неуспех, а се одвиваше во северна Румелија. Втората етапа под името „Соко“ почна на 1 мај 1947 год. и го опфати реонот на Гревена и Западна Македонија, а заврши со пораз на непријателите на ДАГ. Во овие борби во операцијата „Терминус“ учествуваа околу 400 борци на ДАГ родум од Баница, а голем број од нив имаа раководни функции. Во втората етапа од операцијата „Соко“ во борбите на с. Негован, Леринско, загина Вангел Зико, домазет во Баница, а родум од с. Негован. Во истата операција во борбите кај с. Ностимо загина Ѓорѓи Коле Ничов, курир на Главниот штаб на ДАГ. Загина и Лазо Васил Лаков, командир на чета во битките на Флчато-Косинец, а беше погребан со сите почести во с. Лобаница, Костурско.

## Епирски маневар

Во третата етапа од операцијата „Врана“ која се одвиваше на планината Грамос, во борбите за Синачко, при изведување на „Епирскиот маневар“ на единиците на ДАГ на 8 јули 1947 година, загинаа борците Блажо Марко Пенцов и Кочо Васил Јанин, родум од Баница.

За „Епирскиот маневар“ генерал Маркус вели:

”По седум дена борба стана жешко. Позицијата на единиците на ДАГ се влоши поради тоа што постојано непријателот добиваше нови одморени сили. Партизаните мораа да се повлекуваат. Притисокот се зголемуваше, а нашата слободна територија секојдневно се намалуваше. Непријателската авијација секојдневно ги уништуваше населбите и позициите на единиците, ги палеше шумите со фосфорни бомби. Се закануваше опасност од опколување на нашите единици. Ние во Главниот штаб бевме пред големо искушение. На 8 јули им наредив на силите од шест баталјона маневар кон Епир. Тоа беше засилен марш. Грција, сепак, кога и да е, ќе се гордее со таквите свои луѓе без разлика на проценката на војувањето на моите сили. Тоа беа борци, наследници на древните Грци (иако најмногу беа Македонци). Баталјонот што го командуваше Барбалјас беше опколен на Змоликас, втора по височина планина во Грција.

Баталјонот го разби обрачот и ноќе со засилен марш ја премина реката Сарантапоро во реонот на Грамос и подоцна се присоедини кон други единици на ДАГ.

Другите 5 баталјони не можеа да се пробијат од обрачот, но нивните дејства го збунија непријателот. Верувајќи дека го сознале правецот на движење на партизанските единици од обрачот, префрлија значителни владини сили во тој правец и станаа послаби на спротивната страна, момент што го искористија партизанските единици и со сите сили нападнаа таму нанесувајќи доста штета на владините сили.

Тоа беше ноќта на 12 јули и го измени натамошниот тек на воените операции. По мракот, тајно, во две групи, Западно-македонскиот и Епирскиот баталјон го пробија обрачот во реонот на Коница и утрото се најдоа во задницата на владините сили, во реонот на Загоре. Таа операција ја нарековме „Епирски маневар“ и им овозможи на другите единици да се нафрлат на непријателот во правецот на Јанина, главниот град на Епир. Загрозениот град го

фатило паника и властите ги гореле своите архиви. Семејствата на монархофашистичките чиновници го напуштаа градот. Партизаните беа само на дваесетина километри од градот.

Таквиот исход од операцијата ги загрижи кралот и советниците на генералштабот на американскиот и англискиот врв. Ги фрли во очај. За да ја спасат честа на своите војски пред светот и светската јавност, побараа оправдување за неуспехот. Пренесоа гласини дека успесите на партизаните се потпомогнати од надворешни сили, од Југославија и Албанија, кои на Маркос му пратиле на помош интернационални бригади кои дејствуваат со ДАГ.

Овие измислици беа со цел да ги компромитираат единиците на ДАГ, Југославија и да го зачуваат престижот на владините сили во странство. На 16 јули генерал Мадинакис призна дека не постојат никакви објективни податоци за присуство на интернационални бригади.

„Епирскиот маневар" беше многу значаен за движењето.

## Злосторствата во концентрационите логори

Во злогласниот концентрационен логор Ајастрати на мистериозен начин беше убиен Доре Васил Малинов, активен и стар револуционер и прекален борец за слободна Македонија. Тој во 1946 год. беше уапсен со други 10 баничани. Во истиот логор се наоѓаше и илинденецот Филип Неделков, уапсен ноќта меѓу 19 и 20 јуни 1947 год. Тој бил посебно малтретиран, мачен со специјални полициски методи и доведен до границата на смртта и без никаква медицинска грижа дури и од затворениците кои имале забрана за тоа. Во 1951 год. го праќаат дома за да не умре во затворот и за да избегнат скандал властите.

### Воведување специјални мерки во Баница

Во Баница и околината беше воведен полициски час од 18 до 6 часот, а со цел да не се контактира со партизаните. Беа преземени и мерки при возењето по патиштата на владините сили. Се земаа жени и деца кои ги пуштаа да одат пред камионите за да бидат обезбедени од нападите на ДАГ и да се уверат дека патот не е миниран. Населението им беше принудна заштита од диверзиите на партизаните.

Сепак есента 1947 год. Партизанските единици успеаја да го минираат меѓународниот пат Лерин-Кожани во близина на Баница, во месноста Великина барака, и да постават заседа. Во утринските часови наиде воен камион натоварен со војска, нагази на мините, возилото одлета во воздух и загинаа голем број војници, а преживеаните и ранетите беа пречекани со брза стрелба од партизаните кои потоа се вратија во својата база.

На местото на несреќата веднаш пристигнаа воени единици стационирани во Баница на чело со злогласниот командант Делигјанис. Во близина на несреќата беа забележани двајца селани, Кице Јанчев и Гире Гасков, кои работеа како патари на патот, и веднаш беа стрелани со пиштол в глава како одмазда за загинатите партизани. Злосторството остана неказнето за сторителите.

Партизанските единици на ДАГ во текот на 1947 год. повеќепати го напаѓаа воениот гарнизон во Баница, но не можеа да го освојат бидејќи непријателот имаше изградено бункери и други фортификациони објекти, добро забарикадирани и утврдени. По секој напад на гарнизонот, злогласниот командир Делигјанис се нафрлаше на мирното население кое се состоеше од жени, деца и изнемоштени старци затоа што младите и способни или беа во ДАГ или во концентрационите логори на монархофашистите.

Тој и неговите војници вршеа претрес по куќите ограбувајќи сè што е вредно и зад себе оставаа претепани домаќини обвинети дека се соработници на ДАГ.

## Главниот одбор на НОФ ја раководи борбата

Во овој период партизанските дејства имаа масовен карактер во Егејска Македонија, а тука беа вклучени и Маџирите (доселеници од други народности на тој простор). Монархофашистите од Атина, во соработка со империјалистичките сили Англија и Америка, во специјалните мерки на војување предвидоа и изградија воена стратегија за физичко истребување на македонскиот народ со менување на етнолошкиот состав доселувајќи други националности меѓу Македонците.

Во текот на граѓанската војна, Македонците во редовите на ДАГ претставуваа половина од ефективата на партизанските единици или 6-7 проценти од вкупното македонско население, а тој процент меѓу Грците се движеше само 0,40 ( податоци од книгата „Македонците во Граѓанската војна на Грција" од Наум Пеев 1968, ИНИ Скопје). Во критичниот период на војната во текот на 1947 год. македонските партизани ги испратија своите жени, мајки и деца да учествуваат во изградбата на фортификациони објекти на Вичо и Грамос под најтешки услови за работа во време на најжестоките воени операции и борби на Вичо и Грамос и оваа област (според кажувањата на генералниот секретар на КПГ Захаријадис) ја направија бастион на слободата и гробница на илјадници монархофашистички владини војници.

Селото Баница, како носител на активноста на движењето, покрај најголемиот број борци во редовите на ДАГ во Леринскиот округ, сега имаше и поголем број раководни кадри, имено: Вангел Кујчев беше командант на Националната милиција на Грција и член на Главниот штаб на ДАГ; Кице Кочев-член на Главниот штаб и на владата одговорен за правата на народностите и малцинствата и претседател на Главниот одбор на ХОФ; Тодор Кочев-Виктор-претседател на НОМС за Егејска Македонија; Мичо Велаќин по чин потполковник и комесар на бригада; Лефтер Олевски - командант на баталјон; Софика Цугоманова-член на Поверенство-

то на АФЖ за Леринскиот округ; а членови и инструктори на Окружниот комитет на КПГ за Леринско беа Дине Робев, Тоне Лулов, Димитар Кочев и мноу други воени и политички раководители кои беа организатори на Народноослободителното движење и носители на активноста во сиот период на Граѓанската војна.

## Одлуки за демократското уредување на Грција

Главниот штаб на ДАГ на 10 август 1947 година ги донесе првите статутарни акти за организирање на народната власт, народните судови, за аграрната реформа и за школството.

На 17 август 1947 година радиостаницата на ДАГ го пренесе Прогласот на врховниот командант на демократската армија, генерал Маркос, за прогласување на Грчка слободна и независна република. Главниот штаб ќе ги преземе сите потребни законски и извршни мерки кои ќе ги поднесе на одобрување на Народното собрание штом тоа ќе биде свикано.

Главниот штаб донесе одлука за која може да се рече дека беше од големо значење. Беше удрен темелот на народната власт на слободната територија. Со оваа одлука се исправаа грешките на раководството на ЦК на КПГ во времето од 1941 до 1945 година во поглед на националното малцинство, а имено во член 5 стоеше: „Националните малцинства имаат еднакво граѓанско и политичко право да ја негуваат и развиваат својата национална култура, јазик, вероисповед, националната просвета итн.", а натаму се предвидуваа и санкции за казнување на секоја дискриминација на лица поради нивната национална припадност, вера или раса и нивното политичко убедување.

Врз основа на горната одлука, во ноември 1947 година во село Гремен, Леринско, беше отворен и првиот курс за македонски учители. На слободната територија на подрачјата на Кајмакчалан и Вичо за неколку месеци беа отворени 87 македонски училишта кои ги посетуваа околу десет илјади ученици (повеќе на стр. 140 во книгата Генерал Маркос од Драган Кљакиќ).

При Главниот штаб на ДАГ постоеше офицерска воена школа, а беа организирани подофицерски курсеви за оспособување кадри уште кон крајот на септември 1947 година. Во школата за офицери се образоваа повеќе македонски кадри кои подоцна беа поставени на разни воени и политички должности.

Офицерската школа при Главниот штаб на ДАГ ја завршија следниве борци од село Баница:

- Ѓеле Методи Апчев - го доби чинот капетан;
- Борис Наце Олев - го доби чинот поручник;
- Лазо Ило Дафов - го доби чинот поручник.

Покрај наведените лица кои завршиле офицерска школа при ДАГ, имаше голем број борци од село Баница кои заседоа високи воени позиции, кои израснаа во текот на револуцијата на секојдневните борби за слобода и командуваа вод, чета, баталјон и бригади во редовите на ДАГ.

Во текот на граѓанската војна од лицата што завршија офицерска школа и други раководни кадри, животот го загубија:

- Дине Типе Робев, инструктор и член на Окружниот комитет на КПГ;
- Ѓеле Методи Апчев, командир на чета по чин капетан;
- Мице Филип Неделков, комесар на баталјон по чин капетан;
- Блаже Лазо Ташев, командир на чета по чин поручник;
- Бориц Наце Олев, командир на вод по чин поручник;
- Лазо Ило Дафов, командир на вод по чин поручник;
- Ило Наце Мангов, делегат на вод;
- Лазо Циле Лаков, командир на чета (димиритис);
- Блаже Методи Катронов, командир на вод (димиритис);
- Лазо Тане Гергев, командир на вод (димиритис).

## Формирање на Привремена влада

На 23 декември 1947 година на Грамос беше формирана Привремена влада на Грција чии функционери беа комунисти, освен министерот за народно здравје, Петрос Кокалис. За претседател на Владата беше поставен генерал Маркос.

Владата ги постави следниве цели и задачи:

- мобилизација на народните маси;
- јакнење на народната власт на слободната територија;
- реорганизација на народноослободителните одбори, народните судови и државниот апарат и да се поставаат во духот и принципите на Народноослободителната борба;
- национализација на странските претпријатија, големите банки и тешката индустрија;
- спроведување на аграрна реформа.

Меѓутоа во составот на Привремената влада немаше вклучено претставници на левите партии кои му припаѓаа на ЕАМ, како и од редовите на НОФ - македонски кадри, кои ја сочинуваа ударната сила на ДАГ со учество на околу 50 % од борците, Како противудар на преземените мерки од страна на ДАГ и ЦК на КПГ на слободната територија, монархофашистичката влада во Атина на 31 декември 1947 година објави Закон под број 509 за мерките за безбедност на државата, државниот апарат и заштита на граѓанските слободи. Беа распуштени КПГ, ЕАМ и другите демократски партии и ставени надвор од Законот.

На 7 јануари 1948 година Владата во Атина донесе Одлука за чистење на државниот апарат од членовите на ДАГ и другите сомнителни демократски лица и отпуштање од државната служба.

Владата ги забрани сите демократски весници и весникот КПГ „Ризоспатис“.

Спроведе општа акција и се нафрли најмногу против македонскиот народ кој без судење го испраќаше во концентрационите логори во Грција.

## Одржување на Првиот конгрес на НОФ

Во околности на сериозни слабости на движењето и односите меѓу КПГ и НОФ и сенародното учество на македонскиот народ, беа создадени услови за свикување на конгрес на НОФ на 13 јануари 1948 година, на кој беа донесени Програмата и Статутот на организацијата. До тој момент во редовите на ДАГ имаше 10 147 Македонци од кои 9477 мажи и 670 жени.

Во раководниот кадар на НОФ немаше родова поделеност меѓу борците. Организацијата издаваше и свој печат: „Непокорен" -весник на Главниот одбор на НОФ; „Победа" - весник на Воденскиот округ; „Зора"- весник на Леринскиот округ и „Единство"- весник на Костурскиот округ.

Првиот конгрес на НОФ даде нов поттик и одигра големо влијание врз вооружената борба на македонскиот народ во заедништвото со грчкиот народ. Непосредно по конгресот беа мобилизирани нови борци - членови на НОФ во редовите на ДАГ и нивниот број се зголеми на над 20 000 и секојдневно се зголемуваше тој број.

## Пролетната офанзива - операција „Висина"

По неуспехот на владините сили во есенската офанзива, со помош на американските и англиските воени советници и пристигнатите нови вооружувања и воени авиони, проширувањето на пристаништата и изградбата на нови аеродроми, особено во егејскиот дел на Македонија, започна нова пролетна офанзива во февруари 1948 година насловена операција „Висина". Во оваа операција беа користени специјални методи на војување. Имено, населението од реоните каде што се одвиваа воените дејства во текот на борбите се префрлаше во специјални логори надвор од овие дејства, а го чуваа специјални одреди на полицијата и жандармеријата. На тој начин населението беше оневозможено да им укажува помош и поддршка на партизанските единици.

Дополнителна мерка беше заштитата на поголемите објекти во заднината од диверзии и саботажа, а им беше доверена на одреди на националната града. Исто така, беа формирани и специјални чети оспособени за водење борби во планинските подрачја.

Специјалните методи на војување беа изум на офицерите на разузнавачката служба на ЦИА, кои практично беа команданти и командуваа со владините воени единици.

Операцијата „Висина" започна на 25 февруари 1948 година во реонот на планинскиот масив Мурана во Епир против единиците на ДАГ. Меѓутоа, единиците на монархофашистичката влада наидоа на голем отпор, претрпеа неуспех со загуба на голем број војници и воена опрема. Беа натерани да се вратат на почетните позиции.

Владините сили подготвија нова операција - „Каравги". Операцијата започна на 16 јуни 1948 година и беше нападнат Грамос. Според своите размери, оваа операција беше многу посеопфатна, како по површина, така и по учеството на поголеми воени единици, кои беа реорганизирани и под команда на нови генерали, бидејќи неколку генерали по неуспехот во операцијата „Висина" беа сменети и на нивните места по советот на офицерите на САД беа поставени нови лица.

На планината Грамос во тоа време престојуваа околу 11 000 борци на ДАГ. Во периодот од 15 март до 20 август 1948 година на планината Грамос единиците на ДАГ ископаа околу 150 км фортификациони утврдени линии и други утврдени огнени точки и земјени дрвени бункери, кои беа запоседнати од борците на ДАГ.

Владините сили, со поддршка на авијацијата и артилеријата, на фронт долг преку 250 км тргнаа кон позициите на единиците на ДАГ. Жестоките борби траеја пет дена. Храбрите борци на ДАГ ги издржаа сите налети на непријателот, а потоа со контранапади го принудија со тешки загуби да се врати на почетните позиции. Уште еден неуспех на владините сили.

Во овие борби во операциите „Висина“ и „Каравги“ во редовите на ДАГ учествуваа над 400 борци и команден кадар од село Баница. Во борбите на Грамос, во периодот од 16 јули до 5 август 1948 година загинаа Ване Пандо Великин, Тане Геле Јовчев, Коле Лазо Малинов, Димо Нуне Танев, а на планината Синачко - Лазо Борис Генев.

На 21 август 1948 година при пробивањето на обрачот на непријателот, во единиците на ДАГ на Малимади загинаа првоборецот и прочуен комесар на баталјонот по чин капетан (лахагос) Мице Филип Неделков, Ило Неце Мангов - делегат на вод, Лазо Тане Гергев - командир на вод по чин поручник, а тешко беше ранет Стојан Циле Робев и беше префрлен во болницата во Корча каде што им подлегна на раните. Во село Смрдеш загина Блаже Лазо Ташев, командир на чета по чин поручник. Во борбите во село Загоричани, Леринско, беше тешко ранет Пеце Киро Малинов, а во воената болница во Бапчур им подлегна на раните.

Лазо Блаже Кирев, курир на 28. бригада на ДАГ и долгогодишен искусен борец, во близината на село Екшисо, Леринско, падна во непријателска заседа и во борбите со бурантарите беше заробен. По спроведената истрага, малтретирање и употреба на специјални методи за признавање, Лазо храбро ги издржа сите маченља и беше јавно стрелан во селото Екшисо, со цел да биде заплашено населението.

Поради погрешната политика на КПГ, голем број членови на партијата и бивши борци на ЕЛАС беа мобилизирани во редовите на владините сили, меѓу кои и околу 10 лица од село Баница. На општиот позив на ЦК на КПГ за преминување на овие војници во редовите на ДАГ, на повеќе од нив им успеа да преминат во редовите на ДАГ со сета своја воена опрема, а други таква можност немаа, беа под присмотра на владините офицери. Во борбите на Грамос, борејќи се со владините сили против ДАГ, загинаа поранешните борци на ЕЛАС Дина Лазо Диманин и Леко Мице Ничов родум од Баница. Според раскажувањето на преживеаните војници во редовите на владините сили, спомнатите лица при обидот да

преминат во редовите на ДАГ биле забележани и биле стрелани на самото место од нивните старешини. Владините единици во првите редови и на мртвите стражи ги испраќале војниците со македонско потекло, па поради тоа и загубите на овие војници биле големи. Тоа е правено свесно и злонамерно со цел да го истребат македонското население.

### Мерки за заштита на децата

Операциите на владините сили на слободната територија, под контрола на единиците на ДАГ, ја доведоа во прашање заштитата на недолжното население, во прв ред жени и деца, дојдени на слободната територија од подрачјата со контрола на владините сили кои им ги опустошиле домовите и ги протерале од нив. Имаше голем број бегалци и од селата во Леринско и Костурско. Тие учествуваа во подигнувањето голем број фортификациони објекти на Вичо и Грамос.

Генерал Маркос во своите сеќавања вели:

„Денес во Грција 50 илјади луѓе се наоѓаат во затворите и концентрационите логори. До денес се убиени или стрелани 7 илјади лица. Околу 700 000 лица, мажи, жени и деца се истерани од своите домови и одведени во градовите, каде што ги уништуваат гладот, болеста и студот. Непрекинатите воздушни напади на слободната територија ги убиваат недолжните жители, во прв ред жени и деца. Мајките во ослободените краишта, не можејќи да се помират со судбината на своите деца, побараа од нашата влада да им помогне да ги засолнат децата на сигурно место. По таквите барања на родителите, ние се обративме до добротворните организации, во прв ред до Црвениот крст во соседните земји, и наидовме на прифаќање од тие организации.

Доброволните организации на демократските жени прифатија да се грижат за тие невини жртви на нечовечната политика на атинската влада.

Така, 10 000 грчки деца, со согласност и по иницијатива на своите родители, беа префрлени во странство. Мајките сами ги водеа своите деца до граница. Во секое село жените избираа свои водичи кои ќе ги придружуваат децата. Имаше случаи кога мајките се пробиваа низ непријателските редови и заседи за да ги испратат децата до граница".

### Смената на генерал Маркус

Привремената влада со закон од 27.8.1948 година го смени генерал Маркос од должностите врховен командант и формира Врховен воен совет за раководење и командување со единиците на ДАГ. На 15.11.1948 година, Маркос беше разрешен од сите должности и исклучен од Политбирото на КПГ. Беше извршена реорганизација на единиците на ДАГ, се формираа големи воени формации - дивизии и армии. Многу воени и политички старешини, меѓу кои и Македонци, беа сменети, некои ставени на располагање, а некои уапсени и испратени во затвор во Албанија, што негативно се одрази на борците. Ниеден Македонец не влезе во Врховниот воен совет иако половина борци беа наши.

Кон крајот на 1948 година, борбите стивнуваа и партизаните се одмораа подготвувајќи се за новите акции во почетокот на 1949 година.

### Нова тактика на војување

Со усвоената нова тактика на војување, единиците на ДАГ се подготвуваа за акции од големи размери и напад на градови како Лерин, Воден, Негуш.

Владините сили напаѓаа на територијата на Вичо, па Врховниот воен совет донесе одлука единиците да заземат неколку позиции за одбрана.

„Тоа значеше да се фрлат во кланица партизаните, особено за заземање на котата Буковиќ во Костурскиот округ. Стотина

борци паднаа за таа кота и и за Лерин, Воден, Негуш. Резултатите беа трагични за ДАГ, а заземените градови Негуш и Карпениси не можевме да ги задржиме“ - се сеќава генерал Маркос.

Во ослободените градови активистите на ДАГ се обидуваа да мобилизираат нови луѓе, но не успеаја во тој потфат заради големите жртви во борбите. Тоа беше деморализаторско, а новодојдените млади неискусни младинци масовно гинеа.

На 15 јануари 1949 година, по повеќедневни борби и со големи жртви, партизаните влегоа во Лерин. Поради загубите веднаш го напуштија градот и се вратија во своите бази. Во борбите за Лерин загина најмладата баничка партизанка во ДАГ, Фана Дина Робева.

Единиците на ДАГ кои учествуваа во нападот на Негуш, не успевајќи да го заземат, се повлекоа кон Вичо и Кајмакчалан. Ноќта меѓу 18 и 19 јануари 1949 година паднаа во стапица кај селата Спанци и Негован, Леринско. Претрпеа масовни загуби меѓу кои беше и првоборецот од Баница, Павле Филип Мангов. И покрај големите загуби, раководството на ЦК на КПГ овие акции ги сметаше за успех.

Монархофашистичките сили, охрабрени од делумните успеси, во почетокот на 1949 година решија да ги исчистат Румелија и Тесалија од единиците на ДАГ.

## Реорганизација на Врховниот воен совет и Привремената влада

Во новонастанатата тешка ситуација за партизаните, Политбирото на ЦК на КПГ беше принудено да му подаде рака на раководството на Главниот одбор на НОФ и да му отстапи место во Привремената демократска влада, Главниот штаб на ДАГ и Врховниот воен совет. Во март 1949 година им беа дадени високи политички, партиски и воени позиции на првоборците и членовите на НОФ, претставници на македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија. Борецот Паскал Митревски беше наименуван за министер

во Владата, Вангел Кујчев од Баница за член на Врховниот воен совет и командант на Народната милиција, Кице Кочев од Баница беше наименуван за главен директор на Управата за национални малцинства, а Тодор Кочев-Виктор од Баница беше одговорен за младината на главниот штаб на ДАГ. Ова беше посебна чест за нашите борци. Во сите единици од чета до главен штаб беше воведена функција помошник-политички комесар од редовите на македонските борци. Минчо Фотев беше наименуван за помошник-политички комесар при Главниот штаб за прашања на македонските борци во единиците на ДАГ, а Пандо Вајен за командант на 18 бригада и подоцна за командант на 18 дивизија. За негов политички комесар беше наименуван Ѓорѓи Василко. За командант на 10. дивизија беше наименуван Лако Попдимитров, а за командант на 103. бригада Ахилеја Полијано. Многу други, меѓу кои и Атанас Гушевски и Мичо Велакин од Баница, беа политички комесари на бригадите на ДАГ.

За командантите на определени воени подрачја беа именувани:

- Панде Шиперков - командант на Штабот на ДАГ за областа Вичо;

- Џоџо Урдин - член на Главниот штаб на ДАГ и командант на западниот и централниот дел на Егејска Македонија.

Многу македонски воени старешини го дадоа животот за слободата на својот народ.

### Одржување на Вториот конгрес на НОФ

На Првиот пленум на Главниот одбор на НОФ одржан во август 1948 година, беа суспендирани претседателот и секретарот на НОФ и беа назначени други лица. Постоеја недоразбирања во односите меѓу НОФ и КПГ придружени со обвинувања за време и по крајот на војната. КПГ сметаше дека се тие виновни за поразот на војната.

Главниот одбор на НОФ на 3 февруари 1949 година го одржа 2 Пленум на Вичо. Присуствуваше и генералниот секретар на КПГ, Захаријадис, кој во својот говор рече дека за учеството во

борбата, македонскиот народ ќе има свои придобивки на национален, политички општествен, културен и економски план. Тој прокламираше и народна демократска држава на балканските народи како остварување по долгогодишните војни. Ова беше изнесено и преку радиостаницата „Слободна Грција“ што наиде на отпор кај владата во Атина. Главниот одбор на НОФ во весникот „Прост ти Ники“ ги демантираше прогласите за ширење на единствена македонска држава која би се приклучила кон трета земја.

Вистината е дека Вториот конгрес на НОФ кој се одржа кон крајот на март 1949 година е воен конгрес за натамошно војување и по победата организирање на демократско општество. Присуствуваа над 700 делегати од сите краишта на Егејска Македонија. Присуствуваа генералниот секретар на КПГ, Захаријадис и генералот Карагиоргис како претставник на Главниот штаб. И двајцата во говорите му оддадоа високо признание на македонскиот народ за учеството во борбата. Во прокламацијата од Конгресот се вели: "Македонскиот народ со неговата борба и жртви во досегашните придобивки го прокламираа своето решение да се бори за национален и општествен живот онака како што тој сака“.

Конгресот се одржуваше во напната атмосфера и неповолна воена позиција на ДАГ. Во овој период беше формирана и Комунистичката организација за Егејска Македонија КОЕМ која не ги даде очекуваните резултати затоа што беше оружје во рацете на КПГ. Беше потврдена позицијата на претседателот на Главниот одбор на НОФ Кице Кочев и на секретарот Вангел Којчев, и двајцата од Баница, кои останаа на функцијата до крајот на војната и повлекувањето на ДАГ во НСР Албанија. Таму беа расформирани од страна на раководството на КПГ.

Во емиграција подоцна беше формирана организацијата „Илинден“, но за кратко време. Македонците во емиграција во источноевропските земји беа лишени од своите организации.

# ЗАВРШНИ ОПЕРАЦИИ И ПОВЛЕКУВАЊЕ ВО АЛБАНИЈА

## Операција - одбрана на Вичо

Во операциите и борбата за Траќа во источна Македонија во јули 1949 година дејствуваше 132. бригада на ДАГ. Во борбите со владините сили кај селата Тралкино и Мандраџик загина Ѓеле Методи Апчев, командир на чета, по чин поручник, родум од Баница.

На 4 јули 1949 година владините сили во составот на три пешадиски бригади со поддршка на артилерија и авијација започнаа општ напад врз единиците на ДАГ на планината Кајмакчалан. Партизаните возвратија со голем отпор, но поради претходните големи загуби беа принудени по четири дена да се повлечат на планините Каракамен и Пајак, а болните и ранетите борци беа пре фрлени преку граница, во Југославија. Почна трагедијата и пропаста на ДАГ.

Владините сили, по заземањето на оваа територија, вршеа подготовки за општ напад на слободната територија на планината Вичо и во западна Македонија.

На 9 август 1949 година во 5 часот почна општа офанзива и решавачка битка за Вичо. Започна со авионски напад врз единиците на ДАГ по целиот планински масив, од југословенската граница, од с. Буф сè до меѓународниот пат Соровиќ-Костур на југ и до албанската граница. Авионите летаа во групи во борбен распоред од аеродромите во Лерин, Рупиштас и Кожани.

Единиците на ДАГ за одбрана на слободната територија беа поделени на сектори.

Првиот сектор беше во реонот на грчко-југословенската граница од Буф-Псодери-Бела Вода и го бранеше 14. бригада.

Вториот сектор од Лунџер до Лисец го бранеше 10. дивизија.

Лунџер го бранеа една чета и еден баталјон од 14. бригада и еден баталјон од 102. бригада. Полената ја бранеа еден баталјон од 18. бригада, еден баталјон кај Смора-Кула и Штрково и еден баталјон кај Бреза-Глава и Тора. Резервните единици ги сочинуваше една чета од 18. бригада.

Потсекторот Боро-Јамата го бранеа еден позициски баталјон, една чета, три борбени коли, два пешадиски топа и три противтенковски топови.

Планината Лисец ја бранеа еден баталјон од 102. бригада со два ридски топ еден противтенковски топ од 75 мм и три противавионски топови.

На третиот сектор што го поседуваше 10 дивизија на просторот од котата 1226 Чучера до Франковица беше распоредена 103. бригада. Од Риботина до Грека беше 105. бригада. Офицерската школа беше распоредена во Бесфина и две чети во В`мбел. Артилеријата во резерва ја сочинуваа шест ридски, шест полски и шест противтенковски топови.

Командното место на командантите на единиците од Вичо и Врховниот воен совет се наоѓаа во село Винени, Преспа.

Еден баталјон од 18. бригада кој ја бранеше височинката Полената на кота 1685 на 10 август 1949 година нападнат од владините сили храбро и пожртвувано се бореше за живот или смрт 17 часови бидејќи оваа кота беше важна стратегиска точка. Бранејќи ја оваа важна стратегиска точка сите бранители загинаа, а преживеаја само три борци за да ја опишат оваа крвава борба. Борците се循 бореа до последен куршум.

Во составот на овој баталјон се бореа и борците од село Баница кои ги дадоа своите животи, и тоа: Михаил Дине Павлов и Блаже Методи Катронов-командир на вод по чин поручник со завршена воена офицерска школа при Главниот штаб на Даг.

На 11 август 1949 година во борбите за одбрана на височинката Лисец заедно со повеќе борци загина Лазо Ило Дафов-командир на вод, по чин поручник, со завршена офицерска школа при Главниот штаб на ДАГ.

Во борбите со монархофашистите, кај село Ржби, Преспа, загина првоборецот Киџе Апчев од Баница. За овие борби капетан Вангелис Парахристу-Фармакос, разузнавачки офицер на Главниот штаб вели:

„Знаев дека е дојден часот да стапиме сите на првата борбена линија. Примив чета од 134 прекалени партизани и ги поведов преку Псодери и Бела Вода кон с. Герман. Паднавме во човечка кланица. Сите современи средства на една армија освен атомска бомба се нафрлија на нас во утринските часови на 14 август. Луѓето се намалуваа и останаа живи околу 40. Сакавме со засилен марш да стигнеме до Африка (територија меѓу Голема и Мала Преспа и албанската граница). Кај кулата два тенка ни го попречија патот, еден заврши во езерото, а другиот се вклешти на мостот како огнена топка-бункер. Тоа беше огнен ужас за нас. Не можевме напред, зад другите единици. Наредив пробив наназад, што исто така беше убиствено. Се обидовме да се приближиме до југословенската граница спротивно од наредбите на Врховниот воен совет и Захаријадис. За тоа следуваше казна „предавање во рацете на грчките воени власти", но како разузнавач знаев дека е тоа лага и омраза на Захаријадис кон таа земја. Во форма на потковица, ние 40-ина преживеани партизани тргнавме кон с. Герман. Тие 6 км беа најдолгиот пат во мојот живот. Петнаесетте часа искушение и невидениот масакар заменет од огнено оружје со бајонети и ножеви беа пеколни за сите нас. Тоа беше колеж, кланица чиј страв и ден-денес го носам со себе, глетки кои не ми даваат мир ни денес по триесет години.

Се собравме кај трската на брегот меѓу Голема и Мала Преспа, растурени и ранети борци, вџашени од смртта. Кај месноста Маркова Нога дојдоа уште 170 борци и 23 ранети од разбиените единици на ДАГ. Непријателот не ни даваше мир. Над нас летаа авиони „Дагласи" кои исфрлија околу 1000 падобранци. Морничаво се спротивставивме на десантот падобранци. Многумина од нив уште во воздух ги убивме. Кога стасавме пред југословенската граница, налетавме на гранична патрола и караула. Тие веднаш ги прифатија ранетите и ги испратија во санитетски прифатилишта".

Општата офанзива на владините сили за уништување на единиците на ДАГ започна на 9 август 1949 година, на планината Вичо, а заврши на 17 август 1949 година со успех на монархофашистите. Последните партизански единици беа протерани преку границата со Албанија. Тоа беше крајот на операциите и борбите за планината Вичо. На бојното поле останаа околу 800 мртви партизани, а 600 беа заробени, и тоа само во преспанскиот регион.

Другите единици на ДАГ (10. и 11. дивизија) по катастрофалниот пораз на Вичо, беа префрлени на планината Грамос.

Според раскажувањата на преживеаните борци и старешини, решавачката битка се водеше на 14 август 1949 година на Кулата, меѓу големото и малото езеро во Преспа, за преминување на владините сили преку мостот кон Мала Преспа.

**Борбата за одбрана на Грамос**

По поразот на единиците на ДАГ на планината Вичо, на 20 август 1949 година Политбирото на ЦК на КПГ одржа седница на која беше извршена анализа за неуспехот на одбраната на Вичо.

Во меѓусебните обвинувања, посебно беше обвинето раководството на 11. дивизија дека биле лошо распоредени партизаните и лошо била водена битката. Беа извршени кадровски промени во командниот состав и беше заклучено да не се повторат грешките од Вичо во одбраната на планината Грамос.

На 23 август 1949 година беше јасно дека владините сили вршат подготовки за напад. На 24 август 1949 година беа извршени пробни напади на одделни сектори на Грамос со цел да ги испитаат пулсот и позициите на ДАГ. Општата офанзива започна на 26 август 1949 година со напад од сите страни и сите расположливи средства на владините сили од земја и од воздух.

Во овие битки загинаа сите партизани на првоборецот од Баница Борис Тасе Олев, поручник и командант на вод. Пожртвувано се бореа 24 часа трудејќи се по секоја цена да ги задржат по-

зициите на височинката што имаше стратегиско значење, но под притисок на владините единици и воздушната поддршка, авионските бомби, не успеаја. И Олев беше жртва меѓу своите соборци. Височинката Горица беше освоена.

Со големи жртви партизанските единици беа принудени да се повлечат кон територијата на НСР Албанија. Тоа беше крај на одбраната на Грамос и пропаст на единиците на ДАГ. На 29 август сите партизански единици беа повлечени, оставајќи зад себе илјадници загинати борци и заробени партизани.

**Коминике на Главниот штаб на ДАГ**

Главниот штаб на ДАГ вечерта меѓу 29 и 30 август 1949 година издаде коминике дека единиците на ДАГ се повлекоа од грчката територија бидејќи ги извршија задачите за нанесување загуби на непријателот.

Тоа беше крај на Граѓанската војна што ја водеа КПГ, ЕАМ, НОФ и прославената демократска армија на Грција - ДАГ.

На Шестиот пленум на ЦК на КПГ во октомври 1949 година во НСР Албанија беше анализирана настанатата ситуација и оценката на работата на Политбирото на ЦК на КПГ, а донесената одлука за повлекување на единиците на ДАГ во НСР Албанија беше оценета како правилна и навремена.

На 15 октомври 1949 година привремената демократска влада издаде Прокламација со закана на монархофашистичката влада.

По поразот на ДАГ и повлекувањето во НСР Албанија, за македонскиот народ од егејскиот дел настапија тешки денови, со искушенија и страдања. Илјадници семејства се повлекуваа и ги напуштаа своите домови од слободната и полуслободната територија што ја напуштија единиците на ДАГ со цел да ги спасат своите голи животи и преминуваа во соседните братски социјалистички земји, особено во Југославија. Се смета дека околу 35 000 Македонци ги напуштија своите домови и преминаа во Југославија, односно во СР Македонија.

# ПОЛОЖБАТА НА СЕЛО БАНИЦА ПО ВОЈНАТА

## Баница по завршувањето на Граѓанската војна

Македонците кои останаа по виорот на пустошењето на монархофашистите, ги чекаа нови искушенја, судски постапки и прогонства во пустите острови на смртта во Егејското Море. Од нив се бараше покајување и одрекување на идеалите на КПГ, ЕАМ и НОФ и ветување дека во иднина ќе бидат лојални граѓани и ќе ги бранат придобивките на монархофашистичката влада.

Опустошените села и куќи, населението не беше во состојба само да ги обнови, а никаква помош немаше од владата, па настапи состојба на општ глад и болести меѓу населението. Започна општа миграција во прекуокеанските земји Америка, Канада и Австралија, а помал број и во западна Европа.

Селото Баница, покрај сто и педесетте семејства што преминаа во Југославија, сега масовно го напуштија повеќе илјади лица и заминаа за Канада и Австралија и од 1950 до 1953 година селото се испразни. Останаа само неколку семејства од помладата генерација. Останатото население беше од старата генерација која имаше повеќе од 60 години и или не сакаше да го напушти родниот крај или немаше каде да оди, па се помири со судбината и остана и понатаму да живее таму.

Прогонствата и судските постапки спрема баничани секогаш беа со посебна острина и суровост од страна на владините сили.

Секоја петта куќа беше затворена и оставена на забот на времето и по неколку години се распаѓаше во целост. Се гледаа само урнатини од куќи со трева и грмушки.

**Борците на ДАГ евакуирани во ИЕСЗ**

Од единицата на ДАГ, следниве лица се повлекоа во НСР Албанија, а оттука во источноевропските земји:

**Во СССР**

Лефтер Олевски - подоцна се врати во Југославија
Ѓорѓи Зигоманов - се врати во Југославија
Тане Ѓерѓев - умре во СССР
Сократи Тане Ѓерѓев - остана да живее во СССР
Лазо Нове - се врати во родниот крај, Грција
Лазо Калпаков - се врати во Југославија
Ванчо Ѓиче Катин - умре во СССР
Теодор Ристо Малинов - замина за Канада
Лазо Рикалов - загина во сообраќајна несреќа во СССР
Стојче Ѓенев - се удаби капејќи се во река во СССР
Ило Ѓенев - се врати во Југославија
Фана Шишерова - се врати во Југославија
Наце Јанчев - се врати во Југославија
Славе Џогов - се врати во Југославија
Андра Олева - се врати во Југославија
Нуна Јовчева - се врати во Југославија
Пандо Танев - замина за Канада
Глигор Ќосев - се врати во Југославија
Лена Глигор Ќосева - се врати во Југославија
Ленче Мице Мангова - се врати во родниот крај, Грција

**Народна Република Полска**

1. Методи Апчев - се врати во Македонија
2. Дине Ушката - се врати во Македонија
3. Дине Минчев - се врати во родниот крај, Егејска Македонија
4. Киро Џугоманов - се врати во Македонија
5. Панде Џугоманов - се врати во Македонија

6. Ѓорѓи Дајков - се врати во Македонија
7. Тасе Неделков - замина за Канада
8. Вангел Кујчев - умре во Полска
9. Марина Кујчева - се врати во Македонија со децата Коле, Трифко, Ѓорѓи и Хрисула
10. Ташко Вангел Кујчев - живее во Полска
11. Вена Мице Неделкова - замина во Канада
12. Методи Васев - се врати во Македонија
13. Марика Попова - се врати во родниот крај, Егејска Македонија
14. Лазо Васев - се врати во Македонија
15. Методи Катронов - умре во Полска
16. Ило Филип Мангов - се врати во Македонија
17. Славе Костов - се врати во Македонија
18. Пандо Славе Костов - се врати во Македонија
19. Дика Тренде Малинова - се врати во Македонија
20. Ѓорѓи Олев - живее во Полска
21. Ташко Доре Малинов - се врати во Македонија

**Народна Република Романија**

1. Кице Филип Кочев - замина за Бугарија
2. Атанас Доре Малинов - се врати во Македонија

**Република Чехословачка**

1. Теодор Наце Кочевски-Виктор - се врати во Македонија
2. Нуне Абов - се врати во Македонија
3. Слава Кочева - се врати во Македонија
4. Мице Великин - со жената Софика и со семејството остана во Чехословачка
5. Борис Абов - остана во Чехословачка
6. Борис Ило Сариев - остана во Чехословачка
7. Ристо Васев - замина за Бугарија

**Република Унгарија**

1. Кочо Хрисафов - се врати во Македонија

**Република Бугарија**

1. Кочо Јовчев - остана во Бугарија
2. Дине Тошов - остана во Бугарија
3. Ташко Алтин - остана во Бугарија

Борци од ДАГ кои успеаја да го избегнат повлекувањето во Албанија и преминаа во Југославија се следниве: Вангел Забрцки, Стојче Ѓенев, Мице Лаев, Трендо Малинов, Лазо Абов, Кине Јанев-Папарусев, Блаже Неделков и Методи Гасков.

Другите борци од ДАГ, по подолго криење во планините, се вратија во своите домови во Баница.

### Организирање на Баничките средби

Повеќе од 200 семејства од Баница кои живеат во повеќе градови во Македонија за првпат на 9 јуни 1974 година организираа Баничка средба. Беа поканети и баничани од прекуокеанските земји. Беше поднесен и реферат за учеството на Баничани во НОВ и во Граѓанската војна во Грција, како и за обнова на земјата. Средбата се одржува традиционално.

### Репатријација на баничани од источноевропските земји

По потпишувањето на Белградската декларација меѓу СФРЈ и СССР во 1956 година, беа создадени услови за враќање на Македонците од егејскиот дел на Македонија кои беа повлечени од раководството на КПГ и ДАГ, учесници во НОДЕМ. Сите наши Македонци поведоа постапка за враќање во Република Македонија, во местата каде што им се наоѓаа другите членови на семејствата. Во 1956 година пристигна првата група од Ташкент, СССР, речиси

сите првоборци. И од другите источни држави почнаа да се враќаат поголемиот број борци.

### Сеќавањето на Лефтер Олевски за транспортот од Албанија во СССР:

„Нè натоварија на товарни бродови во пристаништата во Албанија и преку Средоземно Море и Босфорот стигнавме на пристаниште во СССР, а потоа со воз до Ташкент, каде што бевме сместени во прифатни центри-логори, задржувајќи ја организационата воена формација од редовите на ДАГ. По карантин од 15 дена почнавме да работиме по фабриките одејќи во строј од чета или баталјон. Така и се враќавме од работа.

Од личниот доход заработен во фабриките секој борец одвојуваше половина од сумата за потребите на КПГ и функционерите кои не работеа. Борците од грчка националност беа испратени на воени и политички школи, а Македонците го немаа тоа право. Тие стекнаа квалификација со практична работа на своите места. Борецот Ило Ѓенев самоиницијативно се запиша и заврши за машински инженер. До расцеп во редовите на КПГ дојде по одржувањето на 20. Конгрес на КП на СССР во 1955 година, кога Политбирото на КПГ не ги прифати одлуките на СССР и застана на страна со Кина и Албанија, на позициите на сталинизмот. Дојде и до крвави пресметки меѓу борците на ДАГ.

Македонските борци - НОДЕМ, веднаш побараа репатријација во Југославија и се обратија до конзуларните претставништва."

По враќањето во Југославија им се придружија на семејствата или беа распоредени по градовите каде што имаа обезбедено работа според стручната подготовка стекната во СССР. Во Македонија беа поблиску до родниот крај, кој по либерализацијата на Грција почнаа да го посетуваат.

Голготата на Македонците од Егејска Македонија сè уште трае.

## ОД ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА АТАНАС КАТИНОВСКИ-ГОЧЕ

*Младиот рударски работник Атанас Катиновски го опеа својот тежок живот во јагленокопите со својата песна напишана во вечерните часови под светлоста на карбитните ламби:*

### *ЌУМУРОКОПАЧИ*

Работници мили на целиот свет
Браќа мои дигнете се смело против врагот
Тој бездушен крвав скот
Со нашите млади снаги со нашата врела пот
Покажете ја својата сила!

Ќумурокопачи, напред со дигнати раце
Со силен огин срцата тага ни вие
Лицата наши бледи и болеста во душата ни се крие
И таа пуста беда не се трпи
Да престане нашата мака.

Ќумурокопачи сите во строј
Да се скинат пранги тешки
Да нема повеќе гладни на светот
Да нема повеќе страдни, сиромаси бедни
И да нема живот скотски.

Ќумурокопачи свестете се
Потта наша врела се пие
Нашата снага болест ја вени
Нашите жили се кинат
И тоа ден за ден мрачно се минат.

Ќумурокопачи кои, дигнете се смело
Против врагот животот наш што го труе
Палати за себе дигнуе
И бездушно крвта ни ја пие
Маченици напред со целата наша снага
За да биде вечна слободата.

*За да му се оддолжам на својот другар и соборец Димко кој херојски загина, ја испеав песната:*

*ЕПИТАФ*

О, мајко моја, родители драги,
Погледнете какво време одбрав
Јас да загинам на бојното поле
Сега кога никнува трева од земја
Кога дрвјата развиваат и цутат,
А темјанушките околу мене шират мирис.

О, сестро моја, пријателу и другар,
Погледни какво време одбрав
Јас да паднам за слободата
Сега кога качунките никнуваат
Природата цела се разбудува
Трендафилите цутат и шират мирис.

О, свршенице (армасана) драга љубов моја,
Погледни какво време одбрав
Јас да паднам во нерамен бој
Сега кога снегот се топи
Кога ситна роса цел ден врни,
Ливадското цвеќе мирис шири.

О, мајко, сестро, армасана љубов моја,
Немојте да плачете за мене и мојата младост,
Немојте да роните дробни солзи
Јавете на моите другари верни
Јас паднав за слободата на народот
За слободата на мајка Македонија.

*Посветена на Павле Павлев:*

*АБЕР*

Убава и тивка пролетна вечер
На небо јасна полна месечина грее
Бледо на земјата патот го свети,
А, партизан Гоче кон село Баница ита.

Село мое мило замолчано
Во длабоки сништа заспало
Дали селани маки сонуваат
Или полиња родни со златни жита.

Кучиња затрајале во глува доба
Жива душа по улица нема
Наеднаш некаде чукање се слуша
И некоја порта чкрипејќи се отвори.
Што ќе биде, што абер се носи
Кај Павлови во оваа глува доба
Пред први петлој да запеат
Пред први кучиња да залаат.

Дали нешто се случило
Дали некој помош бара
Или некој од далеку иде
И добар абер на нив носи.

Пред портите партизан стои
Шмајзер на рамо нарамил
Фишеклии околу појас запашал
На капа ѕвезда петокрака.

Облаци се темни зададоа
Облаци темни и крвави
А мојот глас некако чуден и жален
зошто ваков овој пушти глас.

Од каде идат овие крвави облаци
Од Вичо планина, село Прокопана
Тоа пусто крваво боиште
Каде цел ден борба водеше.

Наеднаш лелек се пренесе
Гробна тишина село Баница облеа
Абер на Павлови донесе
Павле Павлев-Димко загина.

Димко загина в ден пролетен
Во борба со клети тирани
Германици и домашни предавници
Во борба за правда и слобода.
О, мајко немој да плачеш
Немој да рониш крвави солзи
Кога си таков син мајко родила
За Македонија живот мајко положил.

*За Лазо Кочев, прекален борец, ја испеав песната:*

*РУДАР*

Другар, во несреќно време си се родил,
Немирно детство си поминал ти,
Очите на мајка ти секогаш
Беа полни со бисерна влага
Ти секогаш ја чувствуваше
Нејзината неиздржлива мајчина болка.

Другар, си се родил да бидеш роб
Да аргатуваш во баничките рудници
Суровите голи ридишта
Во својата пазува кријат
Испреплетени наслаги на јаглен
Со твојата млада снага подземје да ориш.

Другар, си се родил за другарување
Соборци твои рудари да поведеш
во борба за праведен човечки од
за слобода и правда на народот свој
раскинување на аргатски пранги тешки
слободно знаме секогаш да се вее.

Другар, во баничките рудници
Рудари испиени, болни, остарени
Немошни се враќаат во домови свои
младост и здравје загубивме сите
работевме до исцрпување на сета сила,
а плодовите од работата друг ги прибира.

Другар, како рудар си се калел
Со работничка свест смело си се борел
Во првите опасни и крвави борбени редови
Народ верен македонски со себе поведе
Во борба против клети фашисти
За света народна слобода.

Другар, твојата борба е прекината
Од домашни предавници и бугарски фашисти
Во темни битолски зандани те фрлија
Плуска камшикот по голиот грб твој
Силен и цврст како карпа, рударски цин
Чувствуваш крвава неиздржлива болка.

Другар, очите ти се вперени во таванот гнасен
Со поглед на омраза и пригушен гнев
Не, вие не можете да ме сломите
И ставате под вашиот фашистички јарем
Варвари бездушни, ѕверови бесни.

Другар, ноќта бавно мина
За оние што ја сакаат зората и дневното утро
Со тешки страдања и силни крвави болки
Со мислите далеку во родниот топол дом
Знаеше што те чека штом ќе се раздени
Милост не бараше, ниту помош или спас.

Другар, пред судот исправен стоиш
Како Големиот камен, карпата в планина наша
Со очите вперени во срамниот џелатски суд
Силните не знаат за човекова правда
Судиите судат по волјата своја
Не прашуваат дали си прав или крив,
Но слобода гласеше пресудата твоја.

Другар, незадоволството на џелатите твои
Камен тежок на срцата им падна
На лицата им се забележува омраза и гнев
На сакаат да те испуштат од канџите свои
Смрт ти пожелуваат, тоа не го кријат
Како да го сторат, планови кројат.

Другар, утрото штом сонцето се дигна на исток
Џелати бугарски со кола те земаат
Од топлиот дом на пријателот твој
Фашисти на граница бесправно минат
Во росна зелена непокосена ливада
Ѕверски в грб ти пукаат и те убиваат.

Другар, во Баница, твојот дом в Леринско
Веста страшна брзо се пренесе
Лазо Кочев го убија фашисти клети
Народе, застанете и помен му дајте на другарот свој
Тој загина за слобода и народна правда,
За слобода на мајка Македонија.

*Мојата песна за Олев Леко Наце:*

*ПОМЕН*

Над Ајтос се темна магла зададе
Во борба стапи чета партизани
Да побие домашни клети предавници
Да го развие знамето за слобода и правда.

Над Ајтос се темна магла зададе
Во борба стапи чета партизани
По мрачна дождлива ноќ шепот се слуша
Од човек до човек абер се устен носи.

Над Ајтос се темна магла зададе
Во борба стапи чета партизани
Храбар борец Наце Олин падна
За слобода и социјална правда.

Над Ајтос се темна магла зададе
Во борба стапи чета партизани
Молкнете, молкнете браќа и сестри мои
Помен му дајте на верниот другар свој.

Над Ајтос се темна магла зададе
Во борба стапи чета партизани
Село Баница голема жал и бол го зафати
Помен му дават, нека му е вечна слава.

*Јас, Атанас Катиновски-Гоче, за да ја поттикнам младата генерација да го следи патот на овој првоборец, напишав песна за мојот соборец Дине Робев:*

## *ПОМЕН*

Молкнете, молкнете баничани браќа мои
Селани, стари и млади за миг застанете
Помен на другарот дајте му наш,
Денес во херојска борба загина
Дине Робев наш водач мил и драг
Загина за слобода на Македонија.

Молкнете, молкнете баничани браќа мои
Селани, стари и млади за миг застанете
Душмани зверски трупот го носат
По леринските улици по земја го влечат
Народ слободарски да заплашат
Борбата народна да ја задушат.

Баничани браќа мои, збијте ги редовите свои
Удрете на тиранот, крвникот наш
Осветете го Дине Робев наш
И сите други паднати борци од град
Педесетина и повеќе на број
Во борбата за слобода на Македонија.

*Песна од авторот за битката:*

## *ОДЛУЧЕН БОЈ*

Бој се води горе на Кулата
Одлучен бој се води за живот и смрт
Заглушна врева и грмеж на сите страни се слуша
Од Бесфина до Герман, сета Преспа грми
Ниско летачки ловечки авиони
Насекаде в поле и село човечка смрт сеат.

Бој се води горе на Кулата
Одлучен бој се води за живот и смрт.
Јунаци на бојното поле храбро се борат
Грмежите, митралезите, бомбите замолкнаа,
Светкаат само бајонети, ножеви и сабји,
Лелек на сите страни човечки се слуша.

Бој се води горе на Кулата
Одлучен бој се води за живот и смрт
Јуришаат партизани во последна надеж
Загинаа осумстотини јунаци партизани
Го положија својот живот млад
За слобода на својот народ.

*Песна од авторот:*

## *ГРАМОС*

Јунаци славни за лути бој се спремаат
На височините на славна Грамос планина
Каде алово знаме слободно се вее.

Јунаци славни збијте ги редовите свои
Најдете го Грамос, легендарната тврдина наша
Бранете ја оваа земја натопена со пот и крв.

Јунаци славни лути бој водат еден спрема десет
Ноќе и дење нерамноправна крвава борба се води
На монархофашистите последен удар се дава.

Јунаци славни, болни и тешко ранети партизани
Јуришаат во борбен строј осакатени
Од оружје што побрзо да дојдат и в борба да стапат.

Јунаци славни партизани пожртвувано се борат
Своите млади животи во борба ги даваат
за слободата на својот поробен народ.

Монархофашистите јуришаат желни за крв,
безброј за туѓи интереси на бојното поле гинат
се стрела секој заробен или ранет партизан.

Јунаци славни, уморни, боси и гладни
Со битката на славен Вичо и Грамос
Завршува епопејата на славните партизани.

Јунаци славни од Вичо и Грамос планина
Не ги издржаа налетите на клети тирани
Потече крвава скавна река Бистрица.

Јунаци славни, во борбен строј отстапуваат
Ги напуштаат последните упоришта свои,
Зад себе оставаат многу свои мили и драги,
Со себе носат ранети и болни партизани.

Јунаци уморни, боси и гладни партизани,
За трагедијата на славна Грамос планина
Не сте вие народни дејци криви.

Јунаци славни од Вичо и Грамос планина
Против вас се борат империјалистички сили
И домашен фашистички окрвавен џган.

Јунаци славни од Вичо и Грамос планина
Сплотете ги редовите борбени свои
Во туѓина чувајте го братството свое
Клет монархофашизам мора да падне
Во земјата наша повторно слободно знаме ќе се вее.

**Преглед на протераните од Баница кои заради теророт на монархофашистите на Грција во периодот од 1945 година до денес го напуштија родниот крај**

1. Јане Сариев со семејстото: сопруга Лена, син Миле и ќерки Ники и Виолета
2. Лазо Малинов-Капидан
3. Сотир Гасков
4. Коле Вељанов
5. Глигор Подимитров
6. Доре Малинов со семејството: сопруга Фима, синови Ташко и Атанас и ќерка Тријада
7. Кочо Малинов
8. Блаже Мангов
9. Мице Лаев со семејството: сопруга Менка, син Лефтер и ќерка Рина
10. Блаже Тошев со семејството: сопруга Фроса, синови Ѓорѓи и Лечо
11. Кице Џогов со семејството: сопруга Цила, ќерки: Калипса, Фроса, Менка и Вангелица
12. Ана Мангова со ќерките: Василка, Роза, Кики, Менка, и Тина
13. Лефтер Олевски со семејството: сопруга Љуба, ќерка Тула, син Коле и мајка Петра
14. Русе Џугоманов со семејството: Софика Џугоманова сопруга ,Син, Пеце и ќерка Маре
15. Пандо Кујчев со семејството: сопруга Прона, син Леко и ќерки Марика и Авгула
16. Дине Тошев со семејството: сопруга Лена, ќерка Ники
17. Ило Дајков-илинденец со семејството: сопруга Битолка, син Коле ќерки Калипса и Тона-сопруга на Лазо Малинов
18. Дине Кировски
19. Коле Малинов со семејството: ќерка Менка, син Пандо со сопругата Митра и нивните деца: син Миле и ќерки: Ники, Ефрула и Надежда

20. Мице Малинов со семејството: сопруга Дола, ќерка Ленкаи Сика и синови Ламбо и Михали
21. Циле Хрисафов со семејството: сопруга Кица, синови Леко и Христаки и ќерки Фима и Ерфи
22. Лазо Малинов
23. Анастас Бабуловски
24. Пеце Врагов
25. Тане Малинов
26. Гире Јанин
27. Ѓорѓи Калпаков
28. Стате Боглев
29. Борис Малинов
30. Филип Павлев со семејството: сопруга Танка и син Стојан
31. Гире Бабулов со ќерка Калипса
32. Мице Марикин
33. Стефо Џугоманов
34. Марика Јанева сопруга на Кине Јанев со семејството: ќерки: Ленче, Стефка и Тријада и синови Буле и Васко
35. Циле Џугоманов - премина од ДАГ 1948 год.
36. Ѓорѓи Трендо Малинов- побегна од ДАГ 1948 год.
37. Ѓорѓи Методи Апчев
38. Јанко Тане Малинов
39. Ката Борис Хрисафова
40. Миле Блаже Ташев
41. Динка Абова сопруга на Лазо Абов со семејството: син Пандо и ќерка Тријада
42. Лазо Попдимитров по 15 години робија во грчките затвори во СФРЈ дојде во 1972 година
43. Борис Хрисафов со сопругата Ана
44. Спиро Џугоманов
45. Славе Џогов

Вкупно: 112 лица

**Преглед на лица од Баница кои ја напуштија Југославија и заминаа за Канада, Австралија или пак се вратија во Грција**

**Канада:**

1. Методи Гасков со семејството: сопруга Евда, ќерки Лена и Марика
2. Лазо Малинов
3. Блаже Рикалов
4. Јанко Мице Печинов
5. Блаже Наце Мангов со семејството: сопруга Прошка син Коле и ќерка

**Австралија:**

1. Лазо Методи Гасков
2. Тане Малинов со семејството: сопруга Левена, синови Јанко и Ѓорѓи
3. Авгула Стате Боглев
4. Панде Кујчев со семејството: сопруга Прона, син Леко и ќерки Марика и Авгула

**Грција:**

1. Стефо Џугоманов
2. Мице Марикин

**Преглед на загинати борци во НОВ-ЕЛАС и Граѓанската војна во Грција-ДАГ (1941-1949година)**

1. Павле Леко Павлев-Димко
2. Наце Леко Олев
3. Михали Танас Хариши
4. Андон Танас Хариши
5. Дине Трифун Робев
6. Борис Лазо Диманин

7. Лазо Ѓорѓи Рапов
8. Ѓорѓи Стефо Абов
9. Вангел Зико
10. Блаже Марко Пенцов
11. Кочо Васил Јанин
12. Ѓорѓи Коле Ничов
13. Вангел Ило Неделков
14. Лазо Васил Лаков
15. Гоче Панде Великин
16. Тане Геле Јовчев
17. Мице Филип Неделков
18. Блаже Лазо Ташев
19. Стојан Васил Робев
20. Ило Неце Мангов
21. Коле Лазо Малинов
22. Дино Нуне Танев
23. Лазо Борис Гинев
24. Пеце Пандо Малинов
25. Дине Лазо Диманин
26. Леко Мице Ничов
27. Лазо Тане Ѓергев
28. Лазо Блаже Кирев
29. Тане Пеце Павлев
30. Павле Филип Мангов
31. Макиле Дине Павлев
32. Фана Дине Робева
33. Кице Апче Апчев
34. Борис Тасе Олев
35. Вангел Методи Апчев
36. Блаже Методи Катронов
37. Лазо Ило Дафов

**Преглед на жртви на фашизмот и монархофашистичкиот режим**

1. Павле Филип Кочев
2. Дине Васил Лаков
3. Мијакле Печинов
4. Коце Вешов
5. Зафе Ламбо Абов
6. Менка Мице Зискова
7. Васил-Циле Глигор Калпаков
8. Лазо Коле Кочев
9. Доре Мице Јанин
10. Павле Кице Апчев
11. Мире Мице Бабулов
12. Гире Мице Гасков
13. Кице Минде Јанчев
14. Доре Васил Малинов
15. Филип Неделков
16. Ило Јанин Попрусев
17. Наце Васев - Царот

**Преглед на Баничани загинати во Грчко-турската војна 1919-1922 година**

1. Методи Петре Малинов
2. Димитар Н. Луманов
3. Лазо Леко Боглев
4. Стефо Тего Луманов
5. Методи Дафо Џугоманов
6. Глигор Филип Печинов
7. Марко Џоле Пенџов
8. Трајан Г. Ничев
9. Геле Кочев

10. Хариши Коле Луманов
11. Мице Стефо Дуков
12. Васил Џугоманов
13. Ставре Ф. Васев
14. Наум П. Пенџов
15. Фоте Дине Малинов
16. Санде Шишарев
17. Панде Леко Куртев
18. Ѓорѓи Наце Печинов
19. Тасе Филип Попов
20. Панде Васев

**Преглед на загинати лица од Баница во Илинденската епопеја 1892-1913 година**

1. Наце Ѕоле Катин-околиски војвода
2. Ѕоле Стојче Ѓерѓев-околиски војвода
3. Ристо Пео Јовчев-војвода
4. Комити: Геле Алушов, Наце Куртов, Мице Сариев, Кире Качоров, Стате Стојан Ташев, Филип Шишарев, Коле Неделков, Ристо Јовчев, Доне Павлев, Ѓорѓи Џорлев, Дине Ничов, Ѕоле Џугоманов, Дине Русе Пенџов

**Следниве лица ја прекршиле заклетвата дадена на ВМРО и поради соработка со турскиот аскер и грчките андарти се обвинети и канети со смрт од револуционерната организација:**

Геле Кире Ничов, Трајко Куртов, Јане Кочев, поп Јован Дајков, Трифун Колеров, и Кире Кочев.

**Преглед на борци од Првата Македонска НО ударна бригада во состав на ЈНА, кои по демобилизацијата останаа во Југославија**

1. Атанас Лазар Катиновски-Гоче-авторот
2. Блаже Дајков
3. Кирче Малинов
4. Лазо Рапов
5. Русе Џугоманов
6. Дине Тошев, замина за Булкис, а оттаму 1948 година во Бугарија
7. Ташко Олев
8. Павле Дајков
9. Стојан Катронов
10. Блаже Тошев
11. Трифо Малинов
12. Стојан Кице Џогов-од Македонија во 1972 година замина во Канада
13. Димитар Кочевски
14. Пандора Кочевска-сопруга на Димитар Кочевски

## ПОГОВОР

Атанас Катиновски-Гоче му ја остава на македонскиот народ монографијата „Баница во виорот на војните“ со цел да му го приближи општествено-политичкиот и социјалниот живот на неговото родно село кое денес се наоѓа во Егејска Македонија.

Севкупната содржина е конструирана врз систематичност што се потпира на истражување базирано врз историски податоци за периодот кога сè уште не бил роден и автентични податоци за настани во кои лично учествувал или, пак, се запишани од интервјуа со неговите современици. Веродостојноста на податоците што ги запишувал ја проверувал од повеќе извори, што значи дека тие претставуваат вистинска историска ризница. Покрај податоците од Државниот историски архив на Република Македонија, тој користи и мемоари на лидерите на Граѓанската војна во Грција, Захаријадис и Маркос.

Трудот е поделен на два дела. Првиот дел е посветен на географската положба на селото, демографската структура на населението, занимањата во крајот, архитектурата и црковно-образовната и културната дејност во населеното место, а започнува од крајот на 19 век и трае до Втората светска војна.

Вториот дел авторот го посветува на историското минато, односно како влијаел историскиот детерминизам врз судбината на с. Баница и на неговите жители. Авторот со вредни емпириски и историски податоци го претставува селото во турскиот период, појавата на ајдутските чети и активностите на ВМРО против сите злосторства на турскиот окупатор и грчките андартски чети. Без никаква пристрасност, Атанас Катиновски-Гоче ни ги предава внатрешните судири меѓу врховистите и централистите во редовите на ВМРО, како и предавниците на македонскиот народ кои се придружувале кон андартските чети. Никој не е скриен и помилуван со своите негативни дејствувања насочени кон сопствениот народ.

Посебно внимание авторот посветува на селото во периодот на Балканските војни (1912-1913), Првата светска војна (1915-1918), Грчко-турската војна (1919-1922) и положбата на Македонците во периодот меѓу двете светски војни. Во неговите записи не се заборавени ни македонските учесници во Грчко-италијанската војна, жртвувани од постојниот грчки фашизам. Настаните од Втората светска војна во кои учествувал Гоче ни ги предава со жарот на ентузијазмот во почетокот на војната за да се движат и да преминат во разочараност од неисполнетите очекувања на сите наши македонски борци кои, во редовите на антифашистичкото движење (ЕАМ, СОФ, СНОФ), се бореле и за национална слобода на сопствениот народ. Предавствата во редовите на КПГ болно одекнувале во македонските срца, но сепак повторно, по првичното предавство и раздвоеноста и огорченоста, се приклучуваат кон КПГ во Граѓанската војна со надеж дека нема повторно да бидата изиграни, а последиците од војната се добро познати. Секоја понудена можност за слобода и рамноправност на македонскиот народ ја при фатиле, но, за жал, црните денови на македонскиот народ од беломорскиот дел на Македонија сè уште траат...

Скапоцените историски податоци за овој историски период ни ја претставуваат „бојата" на просторот и времето, хронолошки, по ред, со сите активности на генералштабот на борците за човекови права за кои светот, односно големите сили останале глуви и слепи. Со едноставен јазик и стил во функција на историскиот текст, меѓу речениците се чувствува тагата на авторот за историјата на неговото село, на неговиот народ од Егејска Македонија и протераните од прадедовината кои се расфрлени низ целиот свет. Големиот број имиња на лицата-учесници во историските настани што се претставени се забележани за да не се заборават, за да бидат спомнати за нивното учество во времето-невреме и да бидат споменик на минатото кој ќе биде поттик да се исправи македонската неправедна историја во рамките на светската, на победниците кои ја презентираат според своите лични интереси

Тодор Петров

# ФОТОГРАФИИ ОД ПЕРИОДОТ НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА



*Група на војни и политички инструктори од с. Баница на советување во Битола во 1946 г. Стојат од лево кон десно: Кице Апчев, Лефтер Олевски, Атанас Бабуловски, Ванѓел Кујчев, а седат Ванчо Катин и Наце Јанчев*



*Командирот на Леринскиот партизански одред Лефтер Олевски со група партизани во местото Клисура, пролетта 1946 г.*



*Борци од I Македонска егејска бригада. Седат од лево на десно: Русе Драгоманов, Баже Дајков и Ило Мангов. Стојат: Лазо Ѓерѓев, Пеце Вешов, Павле Дајков и Ѓорѓи Дајков*



*Борци од четата со која командуваше политичкиот комесар Атанас Катиновски-Гоче*



*Славе Неделков со синот Пандо Неделков, борци од с. Баница во редовите на ДАГ фотографирани на 6 мај 1946 г.*



*Борис Тасе Олевски*
*од с. Баница*
*командир на чета*
*со чин капетан*
*(1917-1949)*



*Ѓорѓи Дајков*
*командир на чета во ДАГ*



*Павле Манѓов*



*Кице Аѓчев*
*прославениот командант на*
*народната милиција-Преспа,*
*Загина во Герман 1949 г.*



*Мичо Неделков*
*Окружен политички*
*инструктор на КПГ*
*во Лерин 1943-1945*



*Стојан Робев*
*борец на ДАГ од 1945 г.*



*Ванѓел (Геле) Методи Апчев,*
*командир на чета во ДАГ*
*(1932-1949)*



*Тане Павлев, секретар*
*на општински комитет*
*на ОКНЕ и командант*
*на Народната милиција*
*наво градот Невеска*
*(1920-1948)*



*Блаже Ташев,*
*командир на чета на ДАГ*



*Дине Кочо Робев*



*Глигор П:п Димитровски*
*член на Народниот суд*
*во Баница од 1942 до 1945*



*Борис Леко Малинов, капетан*
*командант на националната*
*милиција на округот Лерин*



*Киро Џуѓоманов, командант на Народната милиција во с. Желино*



*Наце Јанчев борец во ДАГ*



*Макиле Манѓов, осуден на 18 а одлежал 16 години робија по логорите низ Егејското море*



*Ванѓел (Блаже) Методи Котронов, борец на ДАГ од 1945 г. (1921-1948)*



*Лазо Кочев*



*Ѓорѓи Ило Дајков,*
*прославен пушкомитролезец*
*во Баничкиот одред, ЕЛАС и*
*I-та Македонска Егејска бригада.*
*Капетан во ДАГ од1945 до 1949 г.*



*Политички раководители,*
*слушатели на првата политичка школа*
*при ЦК на КПМ во Скопје, од ноември 1944 до февруари 1945*



*Делегати на II Конгрес на НОМСМ, Скопје, јануари 1945*



*Преживеани борци- делгати на I-от Конгрес на НОМСМ одржан во Фуштани Егејска Македонија, како почесни делегати на V-от Конгрес на Народната младина на Македонија во Скопје во 1955 г. меѓу кои во вториот ред од десно е делегатот Атанас Катиновски-Гоче од с. Баница*



*Војни и политички раководители*
*на I Егејска македонска ударна бригада.*
*Од лево кон десно: Атанас Катиновски-Гоче,*
*Петар Николовски, Ѓорѓи Јанчев, Ванѓел Манѓов, и Ристо Пеев*



*Штабни офицери*
*од II Баталјон*
*на III Бригада*
*од VIII Дивизија*
*на КНОЈ.*
*Од лево кон десно:*
*Атанас*
*Катиновски-Гоче,*
*трет од лево*
*Коста Тодоров*



*Борци од I Егејска македонска ударна бригада.*
*Од лево кон десно: Атанас Катиновски-Гоче од с. Баница,*
*партизанката Мара и десно Перикли Ковачевски од с. Смрдеш*



*Група малолетни младинци одземени од родителите*
*на 8 јули 1947 г. од страна на монархофашистичката власт и*
*испратени во злогласниот концентрационен логор Ајастрати*
*од каде што беа ослободени по тримесечно превоспитување*



*По 35 години, група прогонети од Егејска Македонија во Бела Црква, во посета на домовите во кои го поминале детството*



*Фудбалскиот клуб „Мичурин", формиран во 1951 г. Мнозинството фудбалери биле од с. Баница-Леринско*

# СРЕДБИ НА БАНИЧАНИ ДАЛЕКУ ОД РОДНИОТ КРАЈ



*Прва Баничка средба одржана на 9 јули 1974г. во Сарај. Средбата ја отвори Тодор Кочевски -Виктор*




*Баничко-Горничевска средба во 1986 г.*



*Заедничка фотографија на дел од посетителите на една од средбите во Сарај крај Скопје*



*Баничките средби од 1972 до 1980 година беа масовно посетени*



*Борци од селото Баница на I Македонска егејска ударна бригада, учесници на прославата по повод 40-годишнината од формирањето на бригадата на 17 ноември 1984 во Битола. Од лево кон десно: Блаже Дајков, Благоја Малинов, Ѓорѓи Дајков, Атанас Катиновски со сопругата Алтана Катиновска, Пеце Вешов, Лефтер Олевски, Кочо Хрисафов, Нине Абов и други*



*Борци за човекови права - протест пред грчката амбасада, 1998 г.*



*Црквата Св. Петка изградена во ѕидот од потпорната ограда на училиштето во с. Баница како замена на срушената истоимена црква при изградба на објектот во 1924 г.*



*На западната страна на селските гробишта во с. Баница постојат повеќе необични камени крстови. На овој на фотографијата е издлабена годината 1720*



*Соборнаша црква Св. Ѓорѓија*



*Црквата Св. Никола во с. Баница, изградена во XI век*



*Црквата Св. Атанас во с. Баница, разурната во I-та светска војна а обновена во 1936 г.*

# СЕМЕЈНИ ФОТОГРАФИИ НА АТАНАС КАТИНОВСКИ - ГОЧЕ




*Семејното стебло на авторот*



*На ова место беше родната куќа*
*на првоборецот Атанас Катиновски-Гоче.*



*Семејството на војводата*
*Наце Ѕоле Катин-Бабунски*
*од с. Баница.*
*Седи: сопругата*
*на војводата Мара,*
*стојат: синот Лазо*
*со сопругата Марија и*
*синовите Богле и Наце и*
*ќерката Хрисанда,*
*фотографија од 1938 г.*



*Родителите на авторот во Канада, 1955 г.*
*Седат од десно кон лево: Мајка му Марија, татко му Лазар, снаата Марика и сестрата Хрисанда и децата од братот-синот Коста и ќерката Лилјана. Горе стојат стрикото Славе, братот Богле и зетот Доне со синот Тами*



*Гоче со сопругата Алтана и внуците*
*Хелена, Ребека, Катарина и Џули*
*(од лево кон десно). Фотографија од 1978 г.*



*Атанас Катиновски-Гоче по 60-годишно прогонство повторно*
*го виде родниот крај од 13-15 април 2002 г.*



*Атанас Катиновски-Гоче запали свеќи во црквата Св. Никола во с. Баница во чест на своите починати предци.*



*Авторот со ќерките Роза, Ники, внуките Џулиета, Ребека, Катарина, Хелена и правнуците Филип и Кјара. Фотографија од 2001 г.*



**Белешка за авторот**

Атанас Лазар Катиновски - Гоче е роден на 10.05.1925 година во с. Баница-Леринско, Грција. Потекнува од селско печалбарско семејство.

Тој е внук на легендарниот илинденски војвода Наце Соле Катин-Бабунски и второ дете на Лазар и Марија кои имале уште две деца, Богоја и Хрисанда.

Основно шестгодишно училиште завршил во Баница на грчки јазик во учебната 1937-1938 година, а во периодот 1942-1943 година во Битола го завршил првиот клас од гимназијата.

Поради големиот притисок и терор од грчките власти, неговиот татко бил принуден да емигрира во Канада во 1928 година.

Растел под заштита на бабата Мара и мајката Марија. Бидејќи постариот брат заминал да учи шивачки занает во Сорович, тој останал да се грижи за домаќинството, станал глава на семејството. Со помош на својот вујко Ристо Малинов ги извршувал сите земјоделски работи и го пасел добитокот.

По капитулацијата на Грција во април 1941 година, во мај истата година стапил во редовите на ОКНЕ - Организација на комунистичката младина на Грција и бил избран за заменик-секретар на Општинскиот комитет во Баница, а потоа и за негов секретар.

Бил еден од организаторите на младинското движење како во општината, така и пошироко. Организирал и самиот учествувал во голем број воени акции.

Почнал да дејствува во илегала на 1.6.1943 година поради опасноста да биде уапсен, а потоа бил именуван за политички младински инструктор на Окружниот комитет на ОКНЕ (ЕПОН). Еден е од првите организатори на младинското движење на младинскиот округ.

По настанатиот судир меѓу раководството на КПГ и ЕЛАС и раководството на македонските партизански единици, во октомври 1944 год. преминал во редовите на Македонскиот партизански баталјон и бил назначен за младински раководител на четата на Атанас Кораведи со која преминал во Македонија.

Во новоформираната Прва македонско-егејска народноослободителна ударна бригада на 17.11.1944 година во Битола бил назначен за политички инструктор на вториот баталјон. Во тој период со други офицери посетувал политичко училиште при ЦК на КПМ во Скопје и се здобил со чинот капетан.

Одликуван е со Орден за заслуга за народ со сребрени знаци во 1945 година.

По расформирањето на Првата македонско-егејска народноослободителна ударна бригада бил распореден во осмата дивизија на КНОЈ на Првата македонско-ударна бригада во Кичево. Додека служел во ЈНА, тој извршувал одговорни политички должности. Бил политички комесар на чета од баталјон, а имал други должности во штабот. Унапреден бил во чин мајор на ЈНА. Исто така, завршил вишо специјално воено училиште во Генералштабот на ЈНА.

За време на војната на НОВ бил ранет, поради што имал статус на воен инвалид. Со решение на Владата на Република Македонија, признаено му е правото и утврдено својство на носител на одговорни должности од особено значење. Одликуван е со Орден на трудот со златен венец за посебни заслуги за унапредување на општеството и земјата. По демобилизацијата на ЈНА во декември 1946 година, вршел повеќе одговорни функции во стопанство-

то, државните установи, во органите на државната власт, општествените организации и друго. Како дипломиран економист, повеќе од 19 години работел во Собранието на СРМ како виш советник во Секторот за економски прашања и секретар на службата за соработка со Собранието на СФРЈ. На ова работно место и се пензионира во 1987 година.

По пензионирањето тој остана активен во општествено-политичките организации, во органите на месната заедница и беше делегат во собранието на општина Центар. По пензионирањето тој продолжи да пишува поезија, проза и историски книги оставајќи го своето наследство на генерациите кои доаѓаат.

Неговиот плодотворен живот згасна на 7.10.2008 година во Скопје.

## Библиографија

Преглед на поважните користени архивски материјали и литература


*Државен архив на Македонија-Скопје*

- Егејска Македонија во НОБ 1944-1945 година-Документи за учество на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во антифашистичката војна 1941-1945, том I од Ристо Карјазовски, Васил Пејов и Тодор Симовски, Скопје 1971
- Егејска Македонија во НОБ 1944-1945-Документи за учество на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна на Грција 1945 година том II од Ристо Карјазовски и Тодор Симовски, Скопје 1973
- Егејска Македонија во НОБ 1944-1945 год. - Документи за учество на македонскиот народ од Егејскиот дел на Македонија во Граѓанската војна на Грција 1946 година том III од Ристо Карјазовски и Тодор Симовски, Скопје 1976
- Турски документи за историјата на македонскиот народ серија 1 том III издание 1969 год.

*Друга литература*

- Македонците под Грција во борбата против фашизмот 1940-1944 од Христо Андоновски, Скопје 1968 год.
- Македонците и Граѓанската војна во Грција од Наум Пејов, Скопје 1968
- Населени места во Егејска Македонија книга прва од Тодор Симовски - Скопје 1978
- Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров, Мисла 1971
- Историја на македонскиот народ, Скопје 1969
- Сеќавање од Страхил Гигов

- Хронологија на настаните во текот на НОВ
  во Егејска Македонија
- КПЈ во решавањето на македонското прашање од Александар
  Христов, Култура - Скопје 1962
- Создавање на Федерална Македонија
  во Југословенската федерација (1941-1945)
  од Александар Христов, Култура-Скопје 1962


***Странска литература***


- Генерал Маркос од Драган Кљакиќ - Глобус, Загреб
- Историја на Баница - Леринско од Старију Тријандафилиди,
  Лерин 1958 (Ιστορικα ςεϖισ Νομυ Φλορινισ–Κατα τον
  Μακεδονικον αγονα Στεριφυ Τριφανδαφιλιδι Φλορινα 1958)
- Васил К`нчов Македонија, Етнографија и статистика,
  Софија 1900
- Стефан И. Верковиќ-Топографическо-етнографически очерк
  Македонин-С.Петербург, Војнаја Топографии
  (в издание Главного штабо 1889)
- Голема грчка енциклопедија том X издание 1934
- За света народна слобода-група автори, Букурешт 1962
- Автобиографија - Светозар Вукмановиќ - Темпо
- Борба за Балкан - Светозар Вукмановиќ - Темпо издание 1981

СОДРЖИНА

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, КЛИМАТСКИ УСЛОВИ
И ИМЕТО НА СЕЛОТО БАНИЦА..........5

БАНИЦА - ПОЛИТИЧКИ, КУЛТУРЕН,
ТРГОВСКИ И СТОПАНСКИ ЦЕНТАР..........11

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ
ЗА СЕЛАТА ВО ОПШТИНАТА БАНИЦА..........11

БАНИЦА ПО ДОАЃАЊЕТО
НА ТУРЦИТЕ НА БАЛКАНОТ..........26

СОЗДАВАЊЕТО НА ВМРО
И АКТИВНОСТА ВО БАНИЦА..........30

БАНИЦА ВО ВРЕМЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ
И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1913 - 1918 )..........59

НАСТАНИТЕ
МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1919-1941)..........64

ГРЧКО-ИТАЛИЈАНСКАТА ВОЈНА 1940-1941 ГОДИНА..........76

БАНИЦА ВО ВРЕМЕТО
НА ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА
И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА 1941-1944 ГОДИНА..........80

ПОЈАВА НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНОТО
ДВИЖЕЊЕ И ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ..........82

БАНИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА
1945-1949 ГОДИНА..........127

АКТИВНОСТА НА ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ
ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД ВО ЛЕРИНСКО..........155

ЗАВРШНИ ОПЕРАЦИИ
И ПОВЛЕКУВАЊЕ ВО АЛБАНИЈА........180

ПОЛОЖБАТА НА СЕЛО БАНИЦА ПО ВОЈНАТА........185

ОД ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО
НА АТАНАС КАТИНОВСКИ-ГОЧЕ........190

Преглед на протераните од Баница кои заради теророт
на монархофашистите на Грција во периодот
од 1945 до денес го напуштија родниот крај........202

Преглед на лица од Баница кои ја напуштија Југославија и
заминаа за Канада, Австралија или пак се вратија во Грција........204

Преглед на загинати борци во НОВ-ЕЛАС
и Граѓанската војна во Грција-ДАГ (1941-1949 година)........204

Преглед на жртви на фашизмот
и монархофашистичкиот режим........206

Преглед на Баничани загинати
во Грчко-турската војна 1919-1922 година........206

Преглед на загинати лица од Баница
во Илинденската епопеја 1892-1913 година........207

Преглед на борци од Првата Македонска
НО ударна бригада во состав на ЈНА,
кои по демобилизацијата останаа во Југославија........208

ПОГОВОР........209

ФОТО-ПРИЛОГ........211

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ........232

БИБЛИОГРАФИЈА........235

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

94(495.611)"1941/49"

КАТИНОВСКИ-Гоче, Атанас
Баница-Леринска во виорот на војните / Атанас Катиновски-Гоче. - Скопје : Македон, 2011. - 227 стр. : фотографии ; 20 см

Белешка за авторот: стр. 232-234

ISBN 978-608-65154-1-6

а) Баница - Историја - 1941-1949
COBISS.MK-ID 89875978

СОЈУЗ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ЕГЕЈОТ "МАКЕДОН"
СКОПЈЕ



Фотографија на корицата:

Дел од жителите
на Баница (Леринско)
со своите деца
фотографирани на крајот
од учебната 1907-1908 година.

ISBN 978-608-65154-1-6